СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 19 октомври 1995 година

Скопје, октомври 1995 година

**26-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 19.10.1995 ГОДИНА**

Дневен ред: Предлог закон за локална самоуправа, на стр.4


1. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 34
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 87
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 82
4. ДОНЕВСКИ СЛОБОДАН - 63, 65
5. ДИМОВ ЛАЗАР - 90
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 57
7. КОТЛАР МАРЈАН - 40
8. КАДРИУ ЗЕКИР - 16
9. МИНОВ ПАНЧО - 76
10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 11
11. ОСМАНИ РУФИ - 70
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1
13. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 4, 8, 122, 124, 132
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 98, 100, 134
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 3, 36
16. РАМАДАНИ ХИСЕН – 19, 24
17. РАМАДАНИ САЛИ - 117
18. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 74
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 44, 49, 54, 56, 63
20. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА - 113, 116
21. ТУДА РАМИ - 85
22. ТАИРИ МЕВЉАН - 105, 108
23. ХАСИПИ КЕНАН - 24, 33
24. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 137, 141
25. ШАКИРИ ХИСНИ - 42
26. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 92


седницата продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 19.10.1995 г.**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 26-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Киро Поповски, Јован Србиновски, Санде Џамбазовски, Иван Бојков, Јане Ангеловски, Илинка Митрева, Панче Насев, Љупчо Мешков, Славе Наумовски, Ратка Куљан - Зографска и Љубосав Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Исто така, на седницата не присуствува од оправдани причини и г-дин Стојан Андов кој е на пат.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека по завршувањето на оваа седница, Собранието ќе продолжи со работа по преостанатата точка од 25-та седница, а тоа Предлог за донесување на закон за високото образование.

Ве известувам дека координаторот на пратеничката група на Либералната партија на Македонија побара Предлогот на декларацијата на Собранието на Република Македонија да не биде уврстен во дневниот ред на денешната седница бидејќи се уште не се завршени консултациите на пратеничките групи.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

I/2.-/СЈ/лј

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.** Предлог на закон за локална самоуправа;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Господин Томе Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин претседавач, колеги пратеници, предлагам денес да не расправаме по законот за високо образование вака изненада, пред се, неподготвени објективно, материјалите не се кај нас, еден таков витален закон за кој што исто така се бара двотретинско мнозинство а мислам дека треба да оди со една најава од неколку дена за да можеме да бидеме подготвени за разгледување на овој закон.

Мојот предлог е дневниот ред да се прифати со исклучок на Законот за високо образование.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, само едно потсетување. По тој закон комисиите расправаа, мислам дека пред повеќе од 20 дена беше на дневен ред на седница на Собранието, тогаш и се побара мал тајминг од пратеничката група на ПДП заради консултации. Поминаа многу повеќе денови отколку што се побара тој тајминг. И, јас не сум оптимист дека ние токму денес-ка ќе завршиме и дека денес ќе почнеме да расправаме по тој закон за високото образование.

Сепак, јас сум должен, предлогот на господинот Стојановски да го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

22 пратеника гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој бара збор?

Господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господа пратеници, господине потпретседателе, мислам дека на овој начин не треба да се постави пред се поради третманот и авторитетот на пратениците затоа што пратениците, прво, пред два дена, добиваат нов текст на Предлог законот за локална самоуправа и расправам денес, а воедно никој од пратениците не е информиран дека денеска ќе се става на дневен ред уште еден доста важен закон за кој треба да расправаме и за кој треба посебни подготовки за пратениците.

Јас мислам веќе ако одиме на тоа да расправаме за Законот за локалната самоуправа ќе расправаме затоа што барем до некаде е почитувано тоа што добивме материјали и за два дена расправавме и како пратенички групи и како пратеници. Меѓутоа, денес да се рече дека веднаш потоа расправаме за точка останата од некоја друга седница, јас мислам дека претходно треба да се известат пратениците, па тогаш да се расправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, сугестијата се прифаќа.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали е некој против, молам? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање, се разбира гласаме за денешната седница, што да биде на дневен ред.

14 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед на значењето на прашањата што се на дневен ред, предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по

I/4.-

исцрпување на точките од дневниот ред или за оваа седница воопшто да не уврстиме точка пратенички прашања.

Кој е за предлогот на денешнава седница да не се уврсти точката пратенички прашања, молам да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Прва точка** и единствена - Предлог закон за локална самоуправа.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Исто така, доставен Ви е и текстот на предлогот на закон за локална самоуправа во кој заради целосен преглед се вградени амандманите со кои се согласи претставникот на Владата на РМ, на седниците на комисиите на Собранието и амандманите предложени од Владата на РМ.

Отворам општ претрес.

Ве известувам дека согласно член 114 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Воведно излагање ќе поднесе министерот за правда г-дин Владо Поповски.

Има збор г-дин Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитувани господа пратеници, денеска на дневен ред е веројатно еден од најважните закони бидејќи овој закон означува воспоставување на една нова сфера во рамките на нашето општество, на воспоставување на локалната самоуправа.

Значењето на овој закон произлегува од значењето на предметот што го регулира овој закон од правото на локална самоуправа кое што е општо прифатено дека претставува демократски принцип. Произлегува од сознанието дека изградбата и јакнењето на локалната самоуправа претставува фактор на изградба на општество засновано врз демократија и децентрализација на власта, произлегува од фактот што на тој начин се создава управа ефикасна и блиска до самите граѓани. Од тие причини сметам дека е потребно да се потсетиме малку на процедурата на донесувањето на овој закон до оваа фаза.

Може слободно да се каже дека законот за локалната самоуправа започна да се пишува непосредно по донесувањето на Уставот како што во паузата добро рече еден од пратениците на ова Собрание, од 1991 година до денес. Законот за локалната самоуправа доживеа многу голем број на верзии. Во неговото формирање учествуваа преку различни облици на јавна расправа, преку различни облици на консултација голем број на општествени субјекти директно заинтересирани и пошироко заинтересирани за прашањето.

Овој закон, токму овој предлог закон што денеска е на дневен ред ја има поминато и стручната експертиза пред Советот на Европа во два наврата. Прво, во јули 1995 година, при што се дадени многу корисни сугестии од стручна природа по прашање на структурата, под прашање на самите решенија. Владата постапи по тие сугестии на Советот на Европа и повторно текстот го врати на проверка во Советот на Европа при што добивме уверување дека тој извонредно високо ги има респектирано сугестиите и препораките и во целина и првата верзија што беше на експертиза во јули и оваа ги задоволуваат принципите на повелбата на Советот за Европа за локална самоуправа од 1985 година,

и дека овој Предлог закон што е денес пред Собранието ги задоволува во висок степен.

Каков закон ние денеска донесуваме, која е неговата концепциска легитимација. Донесуваме закон кој што како главни темели на својата концепција ја има уставната заснованост. Законот кој што ја регулира локалната самоуправа и ја операционализира локалната самоуправа како уставен институт, што значи дека ние во рамките на принципите на повелбата за локална самоуправа практично имаме локална самоуправа од повисок принцип од уставен бидејќи таа во одреден број на земји се воспоставува изворно и со закон, без притоа да е засновано во Уставот.

Второ, локална самоуправа која што тргнува од концепцијата да се формира реална локална власт со ефикасна управа. Од сознанието дека таа локална самоуправа може да биде ефективна и корисна за развојот на демократијата во општеството доколку располага со реални надлежности, доколку таа скала на реалните надлежности е завидна и доколку надлежностите на локалната самоуправа, пред се, се самостојни или изворни, сметаме дека овој предлог закон располага со една долга и широка лепеза на изворни или самостојни надлежности на локалната заедница поради тоа концептот на локалната заедница е во најдобрите традиции на самата повелба.

Локална самоуправа има доколку таа располага со изворни или самостојни финансии или материјални средства за извршувањето на самостојните изворни надлежности. Од тие причини посебно поглавје се однесува на овој фундамент на локалната самоуправа и во експертизата е оценето дека спектарот на финансиите, изворите во предлог законот овозможуваат флексибилност и доволност на изворите. Се разбира, имаше и определени сугестии кои што гледам се присутни во амандмани на пратеници околу дополнување на скалата на тие извори особено со еден нов извор.

Локалната самоуправа делува реално како посебна структура на заедница на надлежности, институции, како систем на реална власт доколку има инструменти на судска заштита или ефикасна средства за заштита на својата изворност и самостојност особено во однос на можните ограничувања од страна на државните органи. Па во таа смисла судската заштита на локалната самоуправа е едно од концепциските поглавја.

И, конечно, во тие концепциски параметри треба да се спомене и надзорот од страна на државните органи кој што е легитимен како институт во сите концепции на локална самоуправа и присутен во сите системи на локална самоуправа, се врши само во случаите кои точно со закон се предвидени и во постапка што исто така е законски предвидена. Сите тие параметри го сочинуваат ликот на локалната самоуправа.

Поблиските атрибути на Предлог законот за локалната самоуправа или на концептот на локалната самоуправа што денеска е на дневен ред пред парламентот на Република Македонија, овој Предлог закон мислам дека направи квалитетен исчекор во однос на концепциите, досегашните концепции на закон за локална самоуправа во претходниот период од проста причина што ги направи достапни за локалната самоуправа сите аспекти на регулирањето на јавните работи типични за локалната самоуправа. Во таа смисла локалната самоуправа е таа која што во рамките на своите надлежности може да ги уредува и јавните работи од локален карактер, во таа смисла што таа со сопствен апарат на извршување или систем на извршни органи нив ги спроведува.

II/1.- НН/ЉР

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Во рамките на својата самостојна надлежност може да ги инспектира и да го санкционира неизвршувањето на одлуките на локалната самоуправа што значи дека станува збор за еден заокружен однос кој што можеме и да го менуваме и како претпоставување на систем на нова власт и тоа систем на локалната самоуправа. Од тие причини може да се каже дека востановувањето на локалната самоуправа со овие концепции и атрибути практично во плурализмот, или во поделбата на власта востановува нова линија или нов параметар на власта и ја дополнува концепцијата на поделбата на власта, ја востаноувва и четвртата линија на власт, односно локалната власт. Заедно со присуството на Уставот и уставното судство, кое што делува во сите современи граѓански општества исто така изборно самостојно како еден од одлуките на властание практично на овој начин денеска ја докомплетираме таа лепеза на лимит на власта, или на современата концепција на поделбата на власта.

Законот за локалната самоуправа е карактеристичен по тоа што усвои нова концепција на организација на органите на локалната власт и нова структура на поделба меѓу надлежностите. Во таа насока само сакам да потсетам дека конечно со овој закон е направен исчекор од рецидивите или елементите како остатоци од претходниот систем на таканаречено единство на власта или собраниски систем, од оние концепции каде што Собранието на единицата на локалната самоуправа се јавуваше како орган кој што покрај легислативата ја создаваше извршната власт и во исто време ја држеше под својата моќ или под својата власт и на тој начин извршната власт се јавуваше како недоволно еманципирана или самостојна во однос на легислативната власт на ниво на локалната самоуправа. Овој закон предвидува поделба на функциите

легислативни кои што се надлежност на советот на локална самоуправа на извршни кои што се надлежност на градоначалникот и на управните одбори на единицата на локалната самоуправа. Во таа насока концепцијата е чиста и јасна а со односите меѓу легислативниот и извршниот орган се по аналогија слични на нивото на решавањето на тие односи на ниво на Републиката. Во таа насока мислиме дека концепцијата на организацијата и работата на органите на единиците на локалната самоуправа го надополнуваат на коферентен начин системот на Републиката, во таа смисла што разликите се по линија на карактерот на самите надлежности или по линија на прашањата што ги врши едниот, а тоа се системот на државната власт и другиот а тоа е системот на локалната власт.

Во вториот случај станува збор за интереси од локален карактер, за работи кои што немаат политичка природа или не ги тангираат типичните интереси на државата или на државната власт. Не се однесуваат на прашањата на суверенитетот не се однесуваат на прашањата на територијалниот интегритет, не се однесуваат на прашањето на задоволувањето на политичките потреби и интереси кои што ги регулира државата преку своите органи, на прво место преку Парламентот на РМ.

Со еден збор и на крајот да кажам дека сметам дека пред нас е закон кој што конечно ќе овозможи да се востанови една реална локална самоуправа, да се воспостави една нова реалност за нашиот систем и за историјата на развојот на нашиот систем од причини што локалната самоуправа по овие параметри, особено по оние поими и категории што ги познава и дефинира повелбата на Советот на Европа типични за локалната самоуправа, нашиот систем не ја познаваше до сега.

II/3.-

Само да укажам дека овој закон е првата претпоставка да се воведе локална самоуправа во Република Македонија и претставува нужен услов, но не и доволен услов. Овој закон ги претпоставува и дополнителните закони кои што ќе ја востановат реално локалната самоуправа во РМ на прво место законот за поделба на РМ на општини или на единици на локална самоуправа и на второ место законот за локалните избори. Смислата и суштината на законот за локална само-управа или остварувањето на смислата на правото на граѓаните на локална самоуправа како демократски принцип е возможна само тогаш и во тие услови во кои РМ ќе создаде реални локални заедници кои пред се се усогласени со природните параметри на помото социолошка заедница или на социјална или општествена заедница. Тоа значи дека законот би ја изгубил смислата во рамките на постојните општини доколку тие се претпоставaт по својата големина, по својот простор, по својот број на жители, од структурата на проблемите или со еден збор по нивната хетерогеност. Со други зборови Законот за локална самоуправа претпоставува создавање на единица на локална самоуправа која што е помала, значително помала и по број и по пространство од она што ние реално денеска имаме. Или претпоставува закон, постоење на локална самоуправа која што ќе има висок степен на кохерентни интереси на компатна територија, на заедничко чувствување, или на чувствување на заедничките интереси од страна на граѓаните. Најкрупниот чекор ми се чини по донесувањето на овој закон ќе биде токму тоа, создавањето на реална единица на локална самоуправа која што по параметрите можеби не ќе биде идентична со единците на локалната самоуправа на Европа поради фактот што Европа има многу повисок степен на урбанизација отколку што има Македонија и поради фактот што во Европските земји постојат и други степени на локална самоуправа односно втор или трет

степен на локална самоуправа кој што ги задоволува поопштите интереси на инаку многу ситените единици на локална самоуправа од прв степен што ги познава со современа Европа. Тоа на почетокот мислам дека може да претставува дополнение во поттикот околу анализата на концепцијата и структурата на законот и се надевам дека ќе има можност, ако има потреба за дообјаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дами и г-да пратеници, после многу одлагања и дотерувања на Законот, како и негово моделирање стигнавме да расправаме за најдолго очекуваниот закон. Долго подготвуван законски проект, новинарски наречен "локалец", кој ја регулира функционирањето на локалната самоуправа и на општината.

За овој законски проект во јавноста имаше и полемики и големи дилеми, контроверзии и проблеми и недоразбирања. Да се надеваме дека со донесувањето на Законот сите тие ќе се надмината и ќе почне да функционира нормално единицата на локалната самоуправа. Секако, дилемите и проблемите се засновуваат и потекнуваат од различните пристапи на поединци, на стручни органи и организации и на институции. Јас би рекол, тие потекнуваат и од фактот што се мисли глобално, а се живее локално, што самоуправата ја сфаќаме локално, а истата таа се гради и сакаме да се гради врз Европски стандарди и мерила.

Законот за локална самоуправа треба да отвори натамошна перспектива на демократските односи во општината и пошироко со цел на создавање на претпоставки и услови да се упатиме кон Европските интеграции и демократските развојни процеси. Мозаикот на изложеното во Предлог законот преставува широка основа за согледување на тоа

што беше општината и што конкретно ќе биде со донесувањето на овој закон. Сосема трето прашање е колку законот ги задоволува барањата на општините, колку тој се прифаќа од сегашните општински структури, колку тој се прифаќа и е одраз на интересите и барањата на граѓаните, па и на националностите, посебно во овој случај на албанската. Со Уставот на РМ во основа е разработени моделот на локалната самоуправа која е прогласена за темелна вредност, а правото на локална самоуправа за основно политичко право на граѓанинот. Под претпоставка Уставот да се толкува екстензивно, полиберално, подемократски содржината на законот и неговиот концепт сигурно ќе беше многу посовршен поквалитетен. Лично сметам дека Законот треба да носи наслов Закон за општинска или локална власт, бидејќи ја регулира четвртата димензија на власта после законодавната, извршната и судската. Впрочем, и во Предлогот на законот се употребува во многу негови, можеби повеќе од 20 членови терминот "општина" (формирање на општина, граница на општина, подрачје на општина, статут на општина итн.). Ова истото стои и во Уставот, во ставот 2 и 3 на член 114 и член 115. На прв поглед локалната самоуправа е исклучително племенита идеа, но сигурно за поразвиени општества и општества со традиционално изградени модели на демократија каде внатрешните спротивности и сопствените интереси на групациите се надминати или тие се разрешуваат со полно респектирање на разликите без фрустрации и емоции. Ние тој стандард или ниво треба да го создадеме, да го достигнеме или барем да го отвориме, ако можеме, се разбира. Бидејќи општествениот живот се одвива во сплет и комплекс на различни интереси по малку противставени, национално владеење, регионално наметнати, политичко фундирано. Локалната самоуправа станува претесна за разрешување на тој комплекс и сплет на проблеми. Тоа, и заради фактот што отсуствува демократски дух и изградени демократски механизми, или потиснување

на демократски определби, дури и во интерпретацијата на уставните одредби на меѓународните конвенции, повелби и сл.

Локалната самоуправа треба да значи висок дострел на демократијата, а не минимизирање на општините на нивните функции, надлежности и задачи што тие треба да ги вршат. Напротив, сметам дека локалната самоуправа треба да биде механизам за одлучување на сите прашања на граканите, за унапредување на животните односи на граѓанинот, за создавање нов квалитет во непосредното одлучување на граѓанинот. Впрочем тоа го има за цел и законот, во многу места прави обид, но според мое мислење тоа е недоволно направено. Јас поаѓам од тоа дека овој закон требаше да биде одраз на вистинските демократски определби особено во оние сегменти и релации каде се регулираат прашањата на соработката на единицата на локалната самоуправа со меѓусебен и со меѓународните институции, како и за формирање на регионални локални заедници. На службената употреба на јазикот на националностите, на категоризацијата на националностите во мнозинство, во значителен број и тие кои не се ни едно ни друго, во проширувањето на изворните надлежности на општината, во афирмирањето на повеќестепеноста локална самоуправа. Општината како единица на локалната самоуправа има мошне значајна улога не само во остварувањето на основните права , и во остварувањето и развивањето на низа други облици на самоуправувањето.

По Предлог законот станува збор за суштински прашања на концеплуализацијата на четвртата димензија на власта. Основната карактеристика на законот е што општината го губи статусот што го имаше т.е. држава во мало и она се претвора во институција со помалку значење, со редуцирање и деконцентрирање на власт. Сметам дека принципот власт во власта треба да си остане по малку и во овој предлог.

II/7.-

Во поглед на решението за употребата на јазиците на националностите, член 89, 90, 91, смета дека не се прави чекор напред кон афирмирање на јазиците во службената комуникација. За понатамошна меѓунационална слога и хармонија треба да се елиминираат процентите и јазикот да биде слободно употребен во службена комуникација како основно право и основен елемент за зачувување и штитење на националниот идентитет. Верувам тоа ќе ја зајакне државната коалиција и ќе се реализира вистинската демократија. Од овие причини ценам дека треба да се носи посебен закон за службената употреба на јазиците на националностите.

Истовремено сакам да укажам дека грешат сите тие кои сметаат дека со дозволувањето на употребата на јазикот на националности во службена комуникација губи Македонија на локалната самоуправа како општинска власт не им се овозможува самостојно да одлучуваат по суштинските прашања од локално значење, туку се бара согласност или мислење, може да покренува иницијатива за одредени прашања, но не и самостојно да решава. На пример, локалната самоуправа не може да формира локална полиција, не може да одлучува за општинските институции и установи, за изборот на директорот во музеи, библиотеки, културни, здравствени и други институции. Мое мислење е дека Предлог законот наместо да го унапреди демократското одлучување и да ги прошири надлежностите на општините тие да одлучуваат за прашања од локално ниво ќе го уназади, или поблаго речено ќе го релативизира ова ниво на власт. Оттаму, има шанси со овој закон при непосредното негово реализирање да доаѓа до антагонизирање на односите меѓу локалната и централната власт меѓу општините и поедини министерства и тоа од причина што со него евидентно се врши радикална редукција на компетенциите и функциите на општината. Иако идеолозите на локалната самоуправа, а тоа е на ниво на Европа и на сите демократски

II/8.-

развиени земји тврдат дека самоуправата според предложените решенија се движи до граѓанинот, јас сметам дека станува на некој начин обратен процес. Локалната самоуправа и законот што го донесуваме е продолжена рака на Републичката управа, но тоа не дава за право да се врши централизација на власта. Централизацијата на власта има единствено оправдување од аспект на ефикасноста, на рационалност и дисциплина во остварувањето на законските прописи. Целта на локалната самоуправа треба да биде децентрализација на власта. Законот го прави спротивното. Ја развластува општината по суштинските функции и компетенции. Тоа значи за секое барање на граѓанинот ќе се бара потпис на министерот. Со ова склон сум да верувам дека се гради систем на послушни општини.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**: (Продолжение)

Не сум приврзаник на идејата за централизација на власта во тоталната смисла на зборот, но не сум ни приврзаник општината да се развластува до тој степен да ги нема ни основните функции. локалната самоуправа не ја сфаќам ако паралелна власт,туку како дел, како сегмент кој треба да врши соодветни компетенции со суштинско значење за граѓанинот. Во оваа смисла, на крајот би го цитирал мислењето на Алексис Битопил , позната како личност на граѓанската демократија , кој вели: "Во комуната лежи силата на слободните народи". Дека комуналните установи за слободата се истото тоа што основното училиште претставува за науката и дека без комунални установи еден народ може да има слободна Влада, но не може да има дух на слободата.

Во амандманската расправа очекувам содржината на законот да се збогати со прифаќање на амандманите, кои значат нов квалитет, кои значат усовршување на законскиот проект и кои значат поголема реалност во остварувањето на законските решенија кои треба да ги прифатиме со кревање на рака.

**ТМТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зеќир Кадриу

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Г-дине потпретседател, дами и господа пратеници, г-дине министер, мислев за овој закон да дискутирам малку поопширно,

меѓутоа, еден дел од она што сакав да го кажам нема сега да го изнесам за да не повторам некои работи што веќе беа искажани.

Најнапред би рекол дека во принцип не се согласувам со некои ставови од страна на овој парламент, мислам дека не се почитуваат доволно одредбите на овој дел на Деловникот за работа на Собранието. Ние сега дојдовме пред една дилема, вчера или завчера ги добивме материјалите што треба за денес да ги обработиме, тука е само за законот за локална самоуправа, а во меѓувреме треба ете да дискутираме и се стави на дневен ред и законот за високо образование. Јас мислам дека оваа форма на работа не е добра и не е принципиелна и оваа форма на работа треба да ја менуваме . Треба да имаме предвид дека ова се многу важни закони и треба да ги разгледуваме со една сериозност.

Во врска со законот аз локална самоуправа и порано во Комисијата, па и сега ќе кажам дека овој закон претрпи многу измени, овој закон беше обработен во неколку верзии. Го слушав добро и излагањето на министерот дека бил двапати во една процедура во Советот на Европа, меѓутоа, мислам дека покомпетентен за оваа работа е овој парламент и овој парламент треба некои работи што се од суштински карактер тука да ги искаже и конкретно за нив да се зборува да се прифатат некои работи што навистина треба ние меѓусебно во прв поглед да ги видиме дека се сериозни.

Со предложениот текст на Предлогот на законот за локална самоуправа, по мое мислење не се врши скоро никакво децентрализирање и деконцентрирање на власта. Напротив, со Предлогот на законот се санкционира и уште еднаш се потврдува силата, силната децентрализација на власта и централните државни органи. Ваква централизирана власт својата основа ја има во актуелниот Устав,

со цел на албанците во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа, каде што тие се во мнозинство или во значителен број, да не им се овозможи вршење на поширока ефективна власт. Поаѓајќи од една ваква состојба не може да се очекува дека понудената верзија на законот ќе ги задоволи очекувањата и барањата на албанцитте по однос на децентрализацијата; на власта и во однос на квантитативно и квалитативно остварување на колективните права на албанците и на другите македонци во Републиката.

При една ваква состојба нашиот став е дека за да се изврши децентрализација на власта и вршење на поширока ефективна власт на граѓаните, без разлика на нивната национална припадност, потребно е да се извршат одредени измени и дополнувања на актуелниот Устав. И покрај ова, понудениот текст на законот во одредени членови е спротивен со начелата утврдени со Европската повелба за локална самоуправа, усвоена од страна на Советот на Европа 1985 година. Како еден до претставниците на една албанска партија и одреден електорат ќе настојувам моите забелешки на одредени членови на понудениот закон да ги ставам или да ги понудам нашите решенија во експанзивното толкување преку предложените амандмани, со кои ако колегите пратеници ќе не разберат, ќе тргнеме и ќе направиме уште еден чекор напред за некои челни разбирања што се во општ интерес. Не би сакал повеќе да се задржувам на ова, бидејќи имаме поднесено амандмани, сакам и преку нив да имаме разбирање и да направиме некои чекори во тој правец.

**ТИТО ЕПТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

III/4.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, самата тема наметнува потреба нешто да се каже за неа. Впрочем, и самиот Устав, па и нашата политичка процена е дека овој закон е од особено значење и затоа е ставен во редот на системските закони. Доколку тој мине без одгласи, независно од тоа дали тие се од типот на негирање на неговите вредности или во смисла на вреднување на вредностите што ги содржи, да се мине да речам без одгласи би било навистина штета за законот,а особено за она што ние сакаме да го вградиме и надградиме како правен систем во Републиката. Затоа, мислам дека е добро, независно од тоа што некои колеги ќе се чуваат од тоа евентуално да не се прават многу забелешки, бидејќи многу долго трае процедурата на негово донесување, за да не се попречи, би било од интерес некои недостатоци и на сегашниот предлагач, да кажам и на министерот и на Владата, да им се кажат, кои би можеле во текот на почетокот на неговото функционирање и да се служат со евентуалните денешни забелешки за негово подобрување.

Инаку, да кажам отворено дека јас не очекувам многу на денешната седница дека може нешто многу битно да се измени во законот. Една француска анализа укажува на следното: Дека дури е фаза на предлог на закон измените од страна на механизмите на собранијата може да достигнат дури до 30 посто. Меѓутоа, досега праксата не пока- жала кога е предлог на закон, да мине повеќе од 3 до 5%. Според тоа не дека јас не сум свесен за овие нешта, но мислам дека некои укажувања евентуално би имале вредности и за натамошниот тек и за реализација на законот, бидејќи сум повеќе од сигурен дека натаму ќе следат некои измени.

Второ, сакам да потенцирам дека оваа материја не е само така едноставно да се реди како четврта по ред државна власт односно власт. Ова е еден од битните елементи на политичкиот систем кој укажува ана тоа каков карактер има целиот механизам на организација на системот на власта. Дури, би можело да се тврди, а некои беа блиску до таа формулација, дека всушност карактерот на демократските процеси во државата е онаков каква е локалната власт односно организацијата на државата и на управните органи на ниво на локалните средини. Затоа, мислам дека дотолку повеќе треба да се посвети внимание и во оваа прилика на ова.

Впрочем, што е целта и што е смислата на организирањето на локалната власт? Таа мора да има две основни цели верувам дека министерот за тоа е повеќе од мене свесен, но сакам само да ги подвлечам.

Прво, таа мора да биде еден истурен дел на државната власт за спроведување на законитоста и за уставноста во целата Република, меѓутоа во значителен дел локалната власт воедно е и фактор за ограничување на централната власт во вршење на работите од непосреден интерес за локалното ниво односно за граѓаните во средините каде што живеат. Ако оваа друга функција не ја врши локалната власт тогаш можете да тврдите дека таа локална власт всушност не постои и од оваа гледна точка сега мора да се мерат, условно да речам ингеренции те на општината во членовите 18 и 19, за да процениме дали навистина овие две функции на локалната власт преку тие членови ги обезбедуваат Не сакам да прејудицирам, но од она што досега сме го консултирале, а и од јавните мислења што беа произлезени во јавноста, објавени мислења, беа главно насочени на тоа дека изворните ингеренции на општината сега се дадени така што не ги задоволуваат овие две априорни потреби на организирање на власта во

општината. Не дека сосема не ги задоволуваат , туку во она што се вели во Повелбата во членот 4 - во полна мерка и на исклучителен начин ен ги задоволуваат. Значи, рестриктивно е толкуван и членот 115 од Уставот, како што е формулиран тука и деловите на Повелбата на Советот на Европа за локална самоуправа, особено членовите 3,4,8,9 и 10. Рестриктивно се, сепак. Постојано целиот контекст на текстот на Уставот како што е концепиран очигледно ја влече нишката од почеток до крај за грижата да се зачува централната власт што е можно повеќе негибната, а сите дејствија како власт ан локалните органи да бидат под надзор на централната власт. Јас знам дека може да се најде некој одредница во законот која спротивно тврди, но тврдам дека најголемиот дел од одредбите оној што е за овластувањата на општините и оној што е за надзорот и како тој се врши, главно таа нишка на постојана грижа на контрола на та власт се провлекува низ ова. Дури, стасано е до таму извршната власт во центарот да добие ингеренции, за да може да ги укине дури претставничките органи и претставничката власт во Собранието на општината. Лично мислам дека тоа е дисонантно со претставничките системи. Претставнички орган може само да укине претставнички орган, значи највисок претставнички орган Советот на општината, а не Владата Или ако Владата веќе тоа го чини и го даваме како ингеренција во законот најпрво тоа мора Собранието да го согледа и да даде таква согласност за да може Владата тоа да го чини. Инаку, се губи идентитетот и кондицијата на самоуправно право на граѓаните да гласаат претставнички орган на општината.

Трето што сакав да подвлечам , особено цело време ми го привлекува вниманието, одредбата според која некои општини можат

да добијат овластување да вршат некои работи наместо државните органи. Мене тоа ми е малку проблематично, бидејќи не е ставена во контекст никаква посебна програма, никаков исклучок, туку е анблок дадена таа можност на органите на државата односно на Владата да и се пренесат некои права без некои одредници кои ќе кажат зошто се работи и кога тоа се случува . Што очекувам да се случи во примената? Општините да се затрчуваат која од нив ќе добие некакво посебно овластување од страна на државните органи за да врши, а државата да биде постојано под притисок на тие барања, па и во една деликатна дилема кои критериуми за кои барања да ги земе како основ да ги даде или да не ги даде. Може уште поопасно нешто да се случи па да се развие чувство во одделни општински органи дека кај некои општини државата има повеќе доверба, а кај другите органи дека нема, што исто така верувам дека ниту предлагачот го сака, ниту за сите нас би било од корист и би требало тој дел , мислам овде на членот 20, малку поблиску да се прецизира, што сакаме ние да постигнеме впрочем, јас ги знам тешкотиите дека имаме општини од 15 илјади жители и од 150 илјади жители и дека некои функции во рамките на општината не се исти во тие две димензии. Меѓутоа, вака амблок дадено се плашам дека тоа ќе предизвика спротивен ефект од оној што се сака со самиот закон, а ќе создадеме и едни односи на доверба и недоверба меѓу општината и Владата односно републичките органи, кој не е пожелен за хармоничен развој на односите во натамошниот тек.

Најпосле, сакав неколку работи да кажам околу некои специфичности. Јас не знам дали можеме сега да се договориме, но веројатно тоа мора да се направи бидејќи имаше предлог за еден друг

пристап кон регулирање на односите на јазиците во локалната самоуправа и местото на јазиците на националностите, но лично мислам дека оваа определба само на квантификација, која исто така е рестриктивна,кој знае дали е и најсреќно решение, зборувам само за овој закон. Можеби за овој закон ќе беше доволна само една одредба со која ќе се каже дека во општините со национално мешано население, односно каде живеат и националностите, нивните јазици се во службена употреба, а со законот за територијална поделба или со друг посебен закон тоа поблиску да се уреди. Бидејќи сега со самиот процес на донесување на законот доаѓаме до одредени апсурдни ситуации. ::На пример, за употреба на турскиот јазик ќе биде само Дебар и Крива Паланка, а колку мене ми е јасно имаме некои општини каде што повеќе се зборува турски отколку таму. Не сакам да влегувам во квантификации и статистика. На пример Гостивар. Сакам да речам дека сепак тука е механички толкуван Уставот и применет во законот, што еве гледате во праксата и пред почетокот ќе почне да создава проблеми.

IV/1.- СС-ВБ

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Впрочем, мислам дека треба да се усвои филозофијата дека јазиците треба да бидат онака во употреба како што се во животот. И тоа едноставно ќе создаде една релаксирана состојба на граѓаните таму каде што живеат, каде што работат, каде што комуницираат и ќе создава една атмосфера на меѓусебна комуникација со меѓусебна доверба. Не јазикот како фактор на недоверба, туку јазикот да се претвори како фактор на меѓусебна доверба и меѓусебна близина.

Јас морам да кажам дека ние денеска мораме да придонесеме и за тоа дека Законот што беше и почна да се конципира, а изгледа до крај го следеше сега со новата ситуација и со новиот министер од нашето конституираше малку опадна таа тензија, тој дефакто се подготвуваше како да донесуваме закон за меѓунационални односи. Постојано беше под пресија на таа атмосфера па некои одредби уште и ден денес носат таков товар. Мислам дека сега треба тоа да го кажеме дека Законот од тоа треба да се растовари, да се ослободи, за да, евентуално, со прифаќање на денес некои амандмани, тоа да биде на некој начин и надополнето, а евентуално и со дополненијата што ќе следат таа работа уште понатаму да се движи.

Сето ова го кажав само за тоа, како што почнав, со очекување дека и амандманите на еден начин ќе имаат поголема приемчивост денеска, а мислам дека треба овие укажувања денеска да служат и за понатаму при доградување, дополнување и измени на самиот закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги, дозволете ми во своето излагање да ги изнесам нашите

IV/2.-

опсервации во врска со Предлог-законот за локална самоуправа и притоа нема да ми замерите ако ви одземам некоја минута повеќе, дотолку повеќе што Законот за локална самоуправа, поради својот системски карактер, долготрајноста на изготвувањето, бројот на досегашните верзии и по интересот што го побуди кај граѓаните во Република Македонија, недвосмислено укажа на чувствителноста на материјата што ја обработува, сфера од најнепосреден интерес на граѓаните, проблематика што овозможува граѓаните најнепосредно да учествуваат во водењето на работите од јавен интерес, бидејќи единствено на локално ниво може да се обезбеди управа што ќе биде ефикасна и блиска до граѓаните.

Уште на почетокот да искажам дека повеќето од нас, пратеници, барем оние кои се прв пат во овој Парламент, се хендикепирани по два основи:

Прво, што немавме можност да учествуваме во сите фази на изработка на овој закон, бидејќи истиот се нуди како предлог-закон на кого можеме да даваме само амандмански корекции и

Второ, што после амандманските корекции, новиот текст во кој се инкорпорирани амандманите прифатени од страна на Владата на Република Македонија имавме се на се два дена истиот текст да го проанализираме. Секако дека ваквиот начин на работа ги девалвира обидите за конструктивен и пред се сериозен пристап кон разгледување и усвојување на овој предлог-закон.

Се работи, колеги пратеници за наше достоинство, а ќе го имаме толку колку држиме до него.

При разгледувањето на Предлог-законот за локална самоуправа ние појдовме од неколку претпоставки кои произлегоа од образложението ан Предлогот на законот, понуден од страна на Владата на РМ и тоа:

IV/3.-

1. Дали и во колкава мера понудениот предлог-закон за локална самоуправа колерира односно е во согласност со основните одредби на Уставот на Република Македонија во делот што ја обработува оваа сфера?

2. Во колкава мера понудениот предлог-закон е во согласност со Европската Повелба за локална самоуправа?

3. Дали и во колкава мера понудениот закон овозможува децентрализација и деконцентрација на власта?

4. Дали понудениот предлог-закон на единиците на локалната самоуправа им овозможува висок степен на автономија и

5. Има ли понудениот предлог-закон свои импликации во сферата на меѓунационалните односи?

Дозволете ми во кратки црти да се осврнам на наведените точки.

Уставот на Република Македонија, наведената сфера ја обработува во, се на се 4 члена, од членот 114 до 117 и иако навидум изгледа рестриктивен, сепак подробаната анализа на наведените членови покажува дека истите не само што таксативно ги назначуваат изворните надлежности, туку во ставот 3 од членот 115 овозможува маневарски простор во проширување на тие надлежности, бидејќи дава можност за пренос на дел од надлежностите од централните органи на локално ниво.

За жал, предлог-законот во поглавјето на заеднички надлежности на единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа не нуди дефакто ништо ново, туку во истата единиците на локалната самоуправа се сведуваат само како егзекутива на органите на државната управа. Ова, дотолку повеќе што ингеренциите на единиците на локалната самоуправа се сведуваат само во давање предлози и мислења, сугестии итн., на кои што надлежниот орган на државната управа дава согласност.

Нашите анализи покажаа дека токму на релацијата органи на управа - единици на локална самоуправа се тестира целиот проект, бидејќи од ускладеното функционирање на оваа спона граѓаните ќе бидат поштедени од различни понижувања, малтретирања и слично, пред фамозната институција "шалтер", што денес и се случува.

Од друга страна, единиците на локалната самоуправа речиси немаат никакво повратно влијание врз подрачните единици на органите на управата при евентуално неизвршување или девијантно вршење на работите од својата надлежност. Освен, можноста градоначалникот пред надлежниот министер да покрене иницијатива за одговорност или сменување на раководното лице на соодветната подрачна единица.

Колеги пратеници, доколку внимателно се разгледа Европската Повелба за локална самоуправа, евидентно е дека понудениот предлог г-закон во огромен процент е во согласност со оваа повелба. И покрај тоа што истиот успешно ја помина експертизата во Стразбург има еден суштински недостаток:

Имено, недоволно ги респектира и апсорбира спецификите на нашето поднебје и е транспалтиран модел од земји кои имаат подолга парламентарна традиција, поинаква етничка структура и поинаква структура на државниот апарат. Обид за инплантирање на готов модел во период на транзиција непосредно по напуштање на еден систем во кој што општините имаа статус на општествено - политичка заедница, со широка лепеза на надлежности, консекутивно на тоа и со одредени стекнати навики, а кај одредени национални колективитети и одредени стекнати права, не само што може да предизвика сериозни тешкотии во практичната примена на овој закон, туку истиот може да има и сериозни негативни импликации. Впрочем и член 12 од Европската Повелба точно прецизира кои членови и параграфи задолжително треба да се почитуваат од членките потписнички на оваа повелба. Се разбира дека

вон тоа постои широк маневарски простор за решенија што се специфични за дадена земја, односно дадена територија.

Се разбира дека вака конципиран предлог-закон не нуди висок степен на децентрализација и деконцентрација на власта, бидејќи исклучувајќи ги изворните надлежности на единицата на локалната самоуправа што се од строго локален карактер, сето друго практично е во делокругот на централниот орган. Како што напомнав, во сферата на заедничките надлежности на единиците на локалната самоуправа и органи на управа активностите на единиците на локалната самоуправа се сведуваат само на давање предлози и сугестии и сл.

Посебно е индикативен членот 79 од Законот што ја обработува сферата на соработка помеѓу органите на единицата на локалната самоуправа и подрачните единици на министерствата и други органи на државната управа при што е назначено дека по определено прашање ќе се донесе заклучок на заедничка седница, по тој заклучок задолжително се произнесуваат и заземаат став подрачните единици на министерствата и единицата на локалната самоуправа и за тие ставови взаемно се информираат. Видете "взаемно се информираат" формулација која исклучува обврска за реализација на донесените заклучоци.

За разлика од овој четиригодишен период кога во овој правен вакум претседателите на општинските собранија имаа симболични овластувања, институцијата градоначалник содржи поголеми овластувања но, внимателната анализа укажува дека тие овластувања се насочени кон сферата на изворните надлежности на единицата на локалната самоуправа, а со самата обврска на градоначалникот да именува и разрешува раководни лица на управата односно административни и државни органи во општината, иако изгледа најлогично може во пракса да има негативни импликации и во извесна смисла да ја дерогира улогата на градскиот совет. Од друга страна во

членот 80 е дадена можност градоначалникот пред надлежниот министер да покрена иницијатива за одговорност и сменување на раководното лице на соодветната подрачна единица за евентуално неизвршување или девијантно вршеше на работите од својата надлежност, што по мое длабоко уверување ќе си остане и понатаму како теоретска можност и ништо повеќе.

Дами и господа пратеници, веројатно сите сте согласни дека за ефикасно функционирање на системот на локалната самоуправа неопходни се константни извори на финансиски средства. Ова, дотолку повеќе што и во сегашни услови, а особено кон новата територијална подела поедини општини не ќе бидат во состојба да се финансираат од сопствени извори, барем не во доволна мерка од изворите што се назначени во членот 62 од Предлогот на законот, каде две или три се константни, додека другите имаат варијабилен карактер. Иако законот дава можност и за дополнителни приходи и заеми од Буџетот на Републиката, како и можност единиците на локалната самоуправа да здружуваат средства и формираат заеднички служби, организации, јавни претпријатија, јавни служби што би било од корист за финансиски послабите единици на локална самоуправа, сепак сметам дека задржување на дел од данокот на промет на производи и услуги ќе овозможи подобар финансиски амбиент а со тоа и поефикасно функционирање на единиците на локалната самоуправа.

Додека сум кај финансирањето, тоа е посебно конфузно обработено во Глава XII што ја обработува сферата на месна самоуправа. Сметам дека е ова послабиот дел на Предлогот на законот за локална самоуправа, бидејќи постапката за основање месни заедници и други облици на месна самоуправа, надлежностите и организацијата на истите финансирањето и друго поблиску се определува со статусот на општината, со што, по мое длабоко убедување се маргинализира улогата на месните заедници и другите облици на месна самоуправа.

IV/7.-

Дозволете ми да забележам дека предлогот на законот за локална самоуправа и покрај тоа што дава можност за меѓусебна соработка на единиците на локалната самоуправа, нивно организирање во единствена заедница на единици на локална самоуправа на Република Македонија, можност за соработка со локални заедници на други земји и сл. сепак во членот 11 изрично забранува формирање регионални самоуправни заедници. Постоењето на регионални органи во многу земји со подолга традиција на парламентарна демократија, спомнувањето на регионални органи во неколку членови од Европската Повелба за локална самоуправа ми дава за право да прашам кои беа причините Владата во понудениот предлог да не даде можност за формирање на регионални самоуправни заедници? И покрај тоа што основањето и подрачје на општините е елаборирано во Глава II од Предлог-законот по истиот ќе се произнесам дури сега, бидејќи ова поглавје во Предлог-законот ќе има големо значење при идна територијална поделба на Републиката. Иако лично сметам дека овој Предлог-закон и законот за територијална поделба треба да се донесат паралелно, бидејќи подоцнежното донесување на Законот за територијална прераспределба ќе има свои импликации не само при изборите што треба или да се извршат многу доцна или да се извршат дополнителни избори за ново формираните општини, туку и вклучување на други критериуми освен оние означени во членовите од 12 до 16 од Предлог-законот за локална самоуправа, политички, етнички итн.

Дозволете ми на крајот да кажам неколку реченици за Глава XIV од Предлог - законот кој се однесува за службената употреба на јазиците во единиците на локалната самоуправа.

При разгледување на Предлог-законот за локална самоуправа имајќи ги предвид политизациите и огромните расправи кои се случуваат кога се расправа за службена употреба на јазиците, за што бевме

сведоци и при расправата за измена и дополнување на Законот за органите на управата, Законот за лична карта, за матична евиденција и во други прилики, се јави една дилема дали овој закон треба да содржи одредби за службена употреба на јазиците. Притоа, сметавме дека сферата за употреба на јазиците и писмото на националностите треба да се обработи низ посебен закон што ќе ги опфати сите нивоа од локално до највисоко ниво.

Второ, што и Европската Повелба за локална самоуправа во ниту еден член не зборува за употреба на јазиците.

Трето, како причина што овде, барем јас забележав и некои амандмани што се во сосема друга насока, се нуди амандман каде што мнозинството е 70%. 70%, господа е повеќе од двотретинско мнозинство и да гласавме ние по тој основ до сега ќе требаше за просто мнозинство 84 пратенички гласови. На друга страна, одредени други субјекти нудат 33,3%, како да во Уставот стои дека треба да биде 1/3. Тоа е една третина. Меѓутоа, се зборува за значителен број. Ние отидовме на варијанта понудените 20%, поради тоа што не поминува нашето барање е употребата на јазиците да се регулира со посебен закон. Бевме принудени да одиме со резервна варијанта, место 20 да понудиме 10%, иако во принцип сум против квантификација.

Зошто понудивме преку единствен закон? Поради тоа што во праксата со парцијално, преку посебни проекти решавање на употреба на јазиците на националностите се доаѓа до некои контрадикторни работи. Доколку помине понудениот проект 20% или пак членот 91 што нуди само за припадници на националности што се во мнозинство, може да се случи една ваква ситуација: фирмите, јавните натписи, називите на јавните претпријатија да биде и на јазикот на националноста што е во мнозинство, додека во истата таа единица на локална самоуправа ќе се држи настава на јазикот на националноста, без обѕир на бројот, ќе се

води матична евиденција на јазикот на националноста без обѕир на бројот на таа националност, ќе се пишува двојазично името и презимето на личната карта без обѕир на бројот на таа националност, меѓутоа на јавните натписи не може да биде ниту на јазикот на националноста. Мислам дека се создаваат поедини нелогични апсурдни ситуации. Токму поради тоа треба тие работи да се решаваат низ еден посебен проект.

Зошто го понудивме процентот 10% наместо 20% на Комисијата за меѓунационални односи што беше прифатено, меѓутоа за жал не е прифатено од страна на Владата? Јас ќе ви кажам од историски и од практични причини.

**КЕНАН ХАСИПИ:** (продолжение)

Колеги пратеници РМ е и наша држава. Ние сме нејзини државјани. Во нејзините темели е вградена и крвта на националностите. За неа се борело и турско население како и другите националности. НОВ и повоениот период е несоборлив аргумент во прилог на наведеното. Со Уставот во 1994 година, Македонија беше држава на македонскиот народ, на албанците, турците и на други граѓани и врз тие основи се градеше и заедничкиот живот на овие простори. Ситуацијата на теренот што се однесува до натписите е необорлив доказ на изнесеното. Во средината од кај што доаѓам се уште написите на јавните служби , установите се уште се тројазични и тоа досега на никого не му сметало. Зарем сега после толку години ќе усвоиме проекти кои битно ќе ги нарушат тие соодноси. Понудените 20% во проектот, дами и господа практично го исфрлува турскиот јазик од службена употреба, освен во општините Македонски Брод и Дебар, каде и онака многу малку се употребува турскиот јазик. Притоа ние на населението треба да докажеме дека тоа е во духот на Европските стандарди, стандарди на земји кои немаат ваков национален состав и ваква историја и кои никогаш не биле во транзиција.

Ете од тие причини дами и господа понудивме процент кој практично е издржан и длабоко сум уверен дека е во прилог да го зајакне меѓусебното доверие и соживотот на овие простори. Од никакви други причини, затоа да смогнеме сили да го поддржиме понудениот предлог од 10%, како ни за други амандмани кои што ќе придонесат за подобрување за понудениот предлог на закон, зашто демократијата во принцип значи се поголеми слободи, што помали рестрикции.

V/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Горѓи Атанасов.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван потпретседателе почитувани пратеници. Во изминатите четири години собранијата на општините потрошија многу енергија за многу работи за подрачјата на општините каде што под притисок на јавноста и проблемите на граѓаните, по инерција од претходниот систем , решенијата се бараат точно во општинските собранија. За жал, ефектите од тоа беа мали и се прашувам дали причина за тоа се објективните услови во кои живееме, нерешениот статус на општината или пак немоќта на подрачните единици да преземат нешто посериозно на било кој план во општината.

Едноставно поминавме период во кој претседателот на Собранието на општината беше одговорен за се, од водата за пиење до економскиот развој во општината. Период во кој што за се беше надлежна Владата и Собранието на Републиката, период во кој се стана републичко, освен проблемите. Тоа во праксата создаде многу проблеми и изроди многу случаи, со чест на исклучоците, многу општински собранија се вадеа сами со себе или пак се спореа со некого. Едноставно не по своја вина се бавеа со се и сешто, освен со тоа со што требаше. Сето тоа придонесе, полека, но сигурно посебно со утврдените позиции на локалната самоуправа во Уставот конечно да исчезнат сите илузии дека општините повторно ќе бидат она што беа. Сите отпори на тоа, манифестирани во бројните расправи па и самиот не знам по колкуте верзии на законот за локалната самоуправа, сите искуства лоши и добри, но веќе проверени во работењето во собранијата на општините, направија денеска да бидеме задоволно од понудената верзија на законот за локалната самоуправа. во кој сметам дека доста успешно, до

максимум се извлечени сите надлежности на единицата на локалната самоуправа, при што во голема мера, освен начелата и принципите на Повелбата за локалната самоуправа, акцептирани се и доста искуства од практиката во овие четири години.

Јас сум посебно задоволен што во делот на надлежноста ја препознавам работата на Собранието на општина Гевгелија во изминатиот четиригодишен период, како и работата на повеќе општински собранија, со што законот во делот на надлежностите, што сега сигурно се многу повеќе, веќе на извесен начин, живее во пракса. Тоа не важи за органите на локалната самоуправа чии што меѓусебни односи сметам дека треба малку да се допрецизираат, како и односот на градоначалникот односно органите на локалната самоуправа со Владата и поставувањето на подрачните министри.

Тука, сепак, утешно е тоа што сегашното решение е многу поквалитетно во однос на досегашното.

Забелешки на законот имам во делот на имотот и финансирањето на општината.

Во делот на имотот треба да се направат некои корекции бидејќи паралелно со правата на општините каде што е одземен имотот, и тука сметам дека добро е што Владата има поднесено амандман за воспоставување на делбен биланс меѓу имотот на општината и Републиката. Изворите на приходите, праксата и досега потврди бидејќи се исти, не се доволни за нормално работење и покривање на материјалните трошоци, а камо ли за некакво инвестирање. Затоа сметам дека треба да бидат зголемени и во текстот на законот мислам треба да се инкорпорира постојниот извор, одреден дел од данокот на промет на стоки и услуги на подрачјето на општината, да се смета како приход на општината.

Исто така и на фактот што овој закон во јавноста предизвика можеби повеќе интерес, не толку за него и за неговите одредби, колку за законот за територијална поделба и избор на одборници, членови на Советот и градоначалник. Сметам дека овој закон целосно ќе заживее во праксата со донесувањето на овие два закона и мислам дека тие треба да бидат донесени пред локалните избори. За мене аргумент за тоа не е притисокот на населението односно месните заедници што бараат единици на локална самоуправа, туку аргумент е токму овој закон и надлежностите што тој им ги одредува на локалните единици. Да вулгаризирам, граѓаните на Богданци и на Дојран на пример сигурно многу подобро ќе знаат и попрактично да се организираат како да си исчистат улиците и уредат парковите, од колку тоа да се прави во Гевгелија. И обратно Гевгелија сигурно ќе има по чисти улици и поуредени паркови ако се растовари од грижата за улиците и парковите во Богданци и Дојран. А за оџаците и да не коментирам.

И на крајот сакам да кажам дека неопходно е денеска да се донесе овој закон, бидејќи каков таков тој е многу подобар од никаков. А како се води општина без закон во овие услови, почувствувавме и ние кои сме стапиле на функцијата претседател на општинското собрание, а мислам дека почувствуваа и самите граѓани заради неможноста да дојдат до решенијата на сопствените проблеми. Затоа, препорачувам тоа искуство да се прекине со донесувањето на овој закон и тоа не заради непријатната положба и чувството на претседателите, туку пред се заради интересот на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

V/5

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро, поздрави до вас министре, како предлагач на законот ( се обраќа кон Владо Поповски).

Јас ќе се обидам да дадам некои мои видувања што ќе бидат општи видувања за овој закон, затоа што сум убеден дека имам колеги кои ќе направат многу поквалитетен претрес на самиот закон.

Меѓутоа, еве се одлучив за дискусија затоа што сметам дека научив нешто теорија за локалната самоуправа, благодарение на тоа што имавме многу верзии на овој закон и многу расправи за него.

Со донесувањето на Законот за локалната самоуправа треба да се дефинира поделбата на власта во РМ и покрај законодавната, извршната и судската власт, во дух на европската демократија и врз принципот на децентрализација и деконцентрација на власта да се промовира локалната власт , често нарекувана и четврта власт а за граѓаните, можеби нарекувана и четврта власт и најважна, поради можноста што и е дадена непосредно да учествуваат во вршењето на работите од локален интерес.

За жал уште од самиот почеток над овој закон се надви сенка на несредените меѓунационални односи и во јавноста почна расправа која на овој закон му даде негативен набој, кој што по мое мислење ќе има негативен ефект врз квалитет на законот што е пред усвојување.

Се надевам дека денеска со одредени интервенции што ги предлагаме ќе се направи значителен чекор за донесување на законот за локална самоуправа во европски терк.

На прво место нашите забелешки се однесуваат на операционализација на член 115 став 1 од Уставот, односно, како и дефинирањето на областите од локално значење, а со тоа и став 2

по однос на самостојноста во вршењето на изворните надлежности. Сметам дека во овој поглед, со овој закон на локалната самоуправа наместо дефинирање начин на кој општината учествува во вршењето на овие работи, со овој закон се дава само симболична можност, општината да учествува само во областите како културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитание, основното образование, основна здравствена заштита и покрај покренувањето иницијативи, давања мислења, следење на состојбите и сл.

Втора сериозна забелешка е прашањето на надзорот, кој што смета е многу тврд и на одреден начин го нарушува принципот на самостојност и автономност на единиците на локалната самоуправа во вршењето на работите од локален интерес.

И на трето место, а по важност за нас, за мојата пратеничка група е третманот на службената употреба на јазикот на националностите. Нашиот став по ова прашање е познат. Ја користам приликава и можноста да изнесам по ова прашање, а тоа е дека во РМ албанскиот јазик треба да добие третман на службен јазик заедно со македонскиот јазик и истовремено да се овозможи и службена употреба и на јазиците и на другите националности во подрачјата каде што таа националност има реални можности тоа да го аплицира.

Да го образложам ова уште малку. Јазикот, одредениот јазик може и треба да се употреби толку колку што го има. Значи дека треба да се пишува и зборува колку што го има, а да биде во службена употреба колку што го има. Јас ќе бидам тука многуearlier дециден, ако македонскиот јазик е најприсутен во РМ , најмногу ќе се зборува и се зборува, најмногу ќе се пишува и најмногу ќе биде во службена употреба. Меѓутоа, тоа не значи дека другите јазици во овој однос, компарирам со албанскиот јазик, исто така треба да го има да се употребува и во службена употреба и да се пишува толку колку што го има и колку што се зборува во РМ.

V/7

По однос на решението што е понудено, сметам дека и покрај напорите, напорните дискусии што се направени и водени по ова прашање во овој закон, не овозможува дури ни операционализација на член 7 став 2 и 3 од Уставот. Предложените измени од наша страна претставуваат компромис што ќе овозможи премостување на една крајно неповолна состојба во оваа област, додека не се дојде до една порелаксирана атмосфера што ќе овозможи подобри решенија. Тука мислам на амандманите што се предложени од нас, од моите колеги.

Одредени предложени решенија се во спротивност со член 5 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права кој вели - ниедно стекнато право не смее да се ограничи, стесни или укине. Јас не сакам овде да правам некоја ретроспектива или хронолошка, меѓутоа, знаеме во каква позиција беше албанскиот јазик во РМ со Уставот од 197 4 година.

Ако се усвои овој закон морам да заклучам во мојата дискусија, морам да кажам дека во РМ и локалната самоуправа ќе има рамноправни граѓани, ќе има помалку рамноправни и ќе има и уште помалку рамноправни граѓани.

**МЕВЉАН ТВИРИ:**

Процедурално прашање, сметам дека во Собранието нема кворум, забележувам дека не постои интерес да се слушаат забелешките од албанската страна особено, и барам посериозно однесување и присуство на сите пратеници, барем да се ислушаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам г-дин Таири, има тука задолжен кој ќе води ред околу седницата.

Има збор г-дин Марјан Котлар.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Јас ќе се потрудам малку да ја разбија стереотипноста околу употребата на јазиците во РМ, ќе се осврнам на член 53 од предложениот закон односно на ново формираната институција, главен архитект на градот.

Ова е една новина која што ќе влезе во завршниот текст, во изгласувањето на Предлог законот. Заради запознавање на јавноста, а можеби и заради запознавање на дел од пратениците кои не успеаа да ја прочитаат финанлната верзија што ја добивме само пред два дена, само ќе се осврнам на неколку точки што ја објаснуваат функцијата на главниот архитект на градот.

Главниот архитект на градот во точка 1, покренува иницијатива за измена и дополнување на деталните урбанистички планови.

Второ, покренува иницијатива за изработка на урбанистички или архитектонско - урбанистички планови.

Трето, дава стручно мислење на деталните урбанистички планови.

Четврто, дава согласност на проектите за партерно уредување на по значајни објекти или квартови во градот.

Петто, учествува во работата на комисиите и телата надлежни за урбанизам и архитектура.

Во член 54 се вели: главниот архитект на градот се именува и разрешува од страна на градоначалникот на деницата на локалната самоуправа. Главниот архитект на градот заради компетентно , стручно и ефикасно вршење на своите надлежности му предлага на градоначалникот состав за градски совет за архитектура од истакнати

V/9

архитекти и канцеларија на главниот архитект на градот. Со градскиот совет за архитектура и со Канцеларијата раководи главниот архитект на градот.

Како што гледаме се дадени доста големи ингеренции и доста широки овластувања на главниот архитект на градот односно на градоначалникот, бидејќи постои директна вертикална субордимираност помеѓу градоначалникот и главниот архитект на градот. Заради одбегнување на можноста за злоупотреби, јас би предложил:

Главниот архитект на градот да не е именуван и разрешуван од градоначалникот, туку од градскиот совет со 2/3 мнозинство, заради тоа што во отсуство на контролни механизми како што е министерството за урбанизам, Комисијата за урбанизам на Собранието на РМ консултации со Архитектонскиот факултет во Скопје, Заводот за просторно и урбанистичко уредување на градовите, исто така и со одредени невладини и вонполитички организации, како што се

Друштвото за заштита и унапредување на животната средина, еколошки друштва и др. кои што претставуваат дел од јавното мислење. Тие се јавуваат како медијатори односно, дури и креатори на јавното мислење, заради отсуство на контролните механизми.

За главниот архитект на градот па и за градоначалникот сметам дека во членот 54 треба да се направи измена со која што ќе стои децидно дека главниот архитект на градот се именува со 2/3 мнозинство од Градскиот совет.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, по едно маратонско работење по овој закон, Владата се одлучи за конечната верзија на овој закон. Законот за локалната самоуправа е еден од системските закони со кој се регулираат многу проблеми од животот на граѓаните. Проблемите со кои се соочуваат нашите граѓани се од таква природа и поготово со локалната власт, токму од овие причини е потребно законот да биде прилагоден што поблиску до нивните интереси. Но, според сите направени анализи на овој закон, се уверив дека само што ги регулираа некои административни работи на општината, а сите други проблеми кои претставуваат интерес на граѓаните се под контрола на државните органи. Авторот на текстот тврди дека при изготвување на овој закон се базирал на многу други закони, поготово на оние закони на локалната самоуправа на земјите кои што се во транзиција. Сито така тврди дека законот е изготвен според сите меѓународни акти кои ја детерминираат оваа проблематика. Колку кореспондира ова со вистината јас ќе се послужам само со еден факт дека не е така. Владата за секоја законска верзија тврдеше дека законот е најсовремен и во неа се инкорпорирани сите стандарди на земјите со демократска традиција. Искажаните најмериторни зборови од страна на Владата за секоја законска верзија кај мене создаваат дилема околу тоа која е вистината во врска со овој закон. Со оглед на тоа што секој предложен закон претрпил некои мали измени, мојата констатација е дека тука не станува збор за подемократски закон, но да се проучат сите можни варијанти со која би се извршило уште едно ограничување на правата на немакедонските граѓани во рамките на локалната власт. Токму од овие причини се пролонгирал и рокот за донесување на овој  закон за четири години.

Последниот текст од последната Влада каде предлагачот г-ѓата Силјановска се повлекол од собраниската процедура на барањата на Владата да се донесе прво законот за употреба на јазиците што тогаш беше прифатено и од страна на коалиционите партнери. Законот за употреба на јазиците, не само што не се донесе, но за жал за еден ваков закон воопшто не се дискутираше на ниво на Владата.

Што се однесува до содржината на законот, мене ме зачудува еден факт во врска со формулацијата на членот 91 од законската одредба за употребата на јазиците во единците на локалната самоуправа. Овој член прави една поделба на граѓаните немакедонци на два аршина. Се разбира, со воведувањето на механизмот таква регулатива мнозинство и значителен број. Бидејќи една ваква формулација ја има и членот 7 на Уставот, сигурен сум дека предлагачот на законот оваа магична регулатива ја базира во Уставот. Во практиката оваа законска формулација според сите параметри ќе биде ирационална и ќе создава конфузија во примената на законот. Што се однесува до членот 7, став 3 од Уставот не треба да се интерпретира погрешно формулацијата значителен број. Во конкретниот случај претставува лимитот на граѓаните од една национална структура со кој ќе се дефинира процентот 10, 15 или 20%, како што е внесено во членот 89.

Со ова законско решение, според членот 91 се врши една тотална дискриминација во врска со употребата на јазиците на ниво на локалната самоуправа. Според овој член не е во прашање еден закон, туку се два закони за една проблематика. И по која правна логика може предлагачот на законот да го оправдува овој законски дефект. Јас не сум правник,

меѓутоа, во ниеден случај историјата не познава вакви нерегуларни решенија, почнувајќи од антиката која стартира со драконскиот закон кој е во историјата на човечанството се смета како најригорозен закон, па се до овој современ свет.

Бидејќи законот е во завршна фаза, јас сум свесен дека сите наши реагирања нема да имаат ефект, според досегашната практика на работата на овој Парламент, потребното двотретинско мнозинство на пратениците го има загарантирано и законот знам дека ќе се гласа, но должен сум да го изразам моето незадоволство со денешната политика која е уперена против Албанците, поготово кога се однесува на употребата на јазиците.

Господа, треба сите треба да бидеме реални и да го признаеме и тоа. Ние после 1945 година кога стартувавме со употребата на јазиците и со правата на граѓаните на оваа држава, ние стартувавме од иста позиција. Дајте, земете ги документите, во архивите сигурен сум дека се чуваат каков третман имал албанскиот јазик од 1945 година па до 1989 година. Ние сега правиме не само јазична дискриминација, туку и многу нешто друго кој на Македонија воопшто во овие критични моменти не и одговара. Дајте малку да бидеме пореални и да не го актуализираме само нашето, а другото да го негираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин потпретседателе, драги колеги, мислам дека овој закон го заслужува вредното внимание на сите нас, без оглед на тоа колку сме во салата или не и сметам дека во тој стил треба и да завршиме, затоа што

овој толку очекуван закон без оглед на сите забелешки, без оглед на многуте верзии кој што досега ги среќававме, сигурно дека мора да понуди нешто што ќе биде подобро од она што е ништо. Ние практично сега во општините имаме една стихија, имаме една работа кој како сака и јас кога приоѓав кон мојата оценка и моето читање и толкување на овој закон, поаѓав од неколку аспекти. Имено, сакав да ја искористам се она што го гледаме се она што можеме да го осознаеме, се она што можеме да го прочитаме и се она што како искуства и во поширокиот регион и во рамките на Европа значи искуство кое што треба да се користи со позитивна или негативна конотација. Во сето ова јас појдов од неколку постулати, а тоа е: контактите кои што во последно време ги имав остварено со повеќе претставници на Европски асоцијации, компетентни личности, вклучувајќи повеќе амбасадори, понатаму она што значи минимум што предвидуваат меѓународните конвенции, договори и сега веќе обврски за РМ, понатаму, состојбите во општините во Републиката од кои што добар дел има и временски подолги периоди на анализирана работа и се разбира во сето ова мора да се посветам да ја анализирам работата на општинското собрание каде што живеам, општина Тетово, можеби најспецифичната, најкарактеристичната, со оглед на претходните дискусии и која што можеби треба да претставува и предизвик и можен модел како треба да имаме еден квалитетен закон за локална самоуправа. Во сето ова сигурно не смееше да се избегне фактот дека имаме и град Скопје кој што ја апострофирам на неколку пати, но во овој закон немаме поконкретни решенија кој што веројатно ќе треба да бидат донесени со интерните акти на градот Скопје и локалните самоуправи кој што ќе го сочинуваат овој град.

VI/5

Од сето ова и од претходните дискусии моите размислувања се следни: од сето она што сме го сретнале во животот, од сето она што го слушаме и читаме го извлекуваме од контекст само она што ни одговара условно земено, се навраќаме дури и во антиката за да донесуваме закон во 21 век, а занемаруваме многу работи, или едноставно не сакаме да ги видиме. Сигурно дека вистината е некаде на средината и мислам дека објективно во овој закон предвидени се многу современи решенија, решенија кој што треба ние да ги осознаеме, веројатно и нашата свест, мислам како граѓани на РМ, сигурно не како пратеници треба да еволуира, за да можеме овој закон да го прифатиме, а уште повеќе овој закон да биде во функција. Познато е дека ние на Балканот, а тука е и Македонија, немаме проблеми со донесување на квалитетни закони, проблемите се во нивното толкување и уште повеќе во нивната примена и контрола. Тоа е она што често пати се правиме и наивни дека нешто не разбираме, дека нешто не ни е јасно, дека нешто не ни е удоволено, дека нешто не ни е дадено. Законот во просек и во основа дава многу повеќе отколку што предвидуваат сите познати меѓународни норми и конвенции. Законот за локална самоуправа е над тој просек и над тие решенија. Во сите негови домени, во многу негови членови и глави, законот е дури и авангарден и радикален и не би сакал да го девалвирам моето мислење за сето тоа, но ќе морам да кажам дури законот ќе преставува веројатно, како и многу пати досега еден урнек, еден модел, на кој што ќе треба да се создаваат, доградуваат, или да се коригираат закони на други земји и држави. Повеќе ние се навикнавме на тоа да сме експериментални и тоа веројатно нема да ни биде премногу тешко.

Што е она што овој закон претрпе толку верзии и толку време практично се провлекуваше. Веројатно и објективни и субјективни

околности, со тоа што секогаш имавме причини да разрешуваме акутни актуелни прашања. Кај некои дискусии провејува и тоа дека во овој тежок миг за Републиката практично не е лошо да се обиде некој да извлече нешто повеќе од она што е и можно и нормално и разумно. Сметам дека тоа е некоректно, особено ако сите ние во оваа сала тука, можеби со некои многу мали исклучоци, и како индивидуи и како партии ги оценивме состојбите со аплауз прифативме еден собраниски документ, а впрочем и сите ние во средствата за информирање го кажавме нашето мислење кое што на некој начин радува што беше многу комплементарно и многу заедничко во однос на она што значи терор, што значи атентат на претседател и што значат безбедносни и други мерки. Сметам дека сето тоа во овој момент мора да го ставиме малку на страна да не ни биде тоа опсесија, оптоварување дека згоден момент е да добиеме нешто повеќе, затоа што состојбите не се добри. Констатиравме дека нема сила што ќе може да ја дестабилизира Македонија, така да и тука ќе имам храброст тоа да им го кажам на тие кој што ќе се обидуваат или се обидуваат на тој начин да изнудат нешто повеќе од овој закон.

Што е она што кај мене предизвикува особено внимание и на кое што дежиште ќе ја насочам оваа дискусија при овој општ претрес на законот. Сметам дека, го рекоа неколку мина, дека овој закон никако не смее да отиде во употреба без донесување на комплементарните закони за територијална поделба и нови изборни закони. Дури напротив лично сметам, не сум се допрашувал, ниту сум прашувал дека креаторите на овој закон мора да имаат во основа и некаква верзија на нова територијална поделба за да може овој закон да биде апликативен и да може да биде практично опстоен. Ако овој закон немаше во предвид што

ќе значи нова територијална поделба објективно земено, овој закон брзо ќе дојде на судот на времето, а тоа ќе значи>: да претрпува корекции и измени. Што е Македонија. Македонија е еден поголем град во Европа, да не зборувам за преку океанот со 2 милиона жители и ние практично сега кога дискутираме за овој закон за локална самоуправа често пати го пренабрегнуваме овој факт. Зошто? Од една страна сакаме огромни ингеренции, права, дури тука паднаа веќе отворено и заложби за автономии за локални самоуправи, што е многу опасна теза при која што бараме огромни права за локална самоуправа, а минимизираме една држава која што може многу лесно и да функционира и да биде координирана и да таа државна или централна власт функционира онака како што треба да се опслужува една држава од 2 милиони жители. Со кое право ние искажуваме недоверба кон централната власт, кон одредени министерства, а јас да имам доверба во мојот градоначалник што ќе командува со двеста илјади граѓани. Со кое право, а да немам доверба во власта. Значи повеќе ќе имаме доверба во тие локални моќници, челници во тие паши и аги, во тие пашалуци, а немаме доверба во она што значи држава.

VII/1/ДВ/л ј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:** (продолжение)

Координацијата,субординацијата, вертикалата, мора да поминува, од она што значи државна власт до она што значи локална самоуправа и обратно. Сепак мора да постои таа геометриска фигура на пирамида. Пирамидата е најскладната геометриска фигура која и во животот има најапликативна примена.

Што ние видовме овие пет, а веројатно ќе бидат и шест години. Видовме борба за власт во локалните собранија, видовме партиски пресметки, видовме концентрација на огромна моќ, злоупотреба, претворање на општински собранија во партиски штабови, се разбира на тие кои ја имаат власта.

За ваша информација демократската партија на Македонија успеа во тетовското собрание да обезбеди просторија само еден единствен пат од еден час. Во меѓувреме се знае колку таму состаноци се одржани на ПДП, НДП и на сите други партии, па и на делот на ВМРО кој што партиципира во власта во Тетово.

Многу суштинско прашање кое, затоа не одвлече од тоа што ќе значи апликативен и ефикасен закон. Сите поаѓаме од тоа каде ќе се најдеме во таа локална самоуправа. Дали нашата моќ ќе биде намалена, дали ќе можеме да ги користиме сите тие инструменти, сите тие права не само да ја одржиме власта туку да ја зајакнеме и да ја унапредува- ме

Почитувани колеги пратеници. Ќе биде катастрофална вулгаризација како ние од Законот за локална самоуправа ги зацкриваме нашите лични теснопартиски и други интереси а се во има не граѓаните. Граѓаните веќе се освестуваат. Не ќе може веќе да н и поминат овие избори како што мислиме затоа што за граѓанинот шалтерот е шалтер. Дали со шалтерот командува општинскиот челник или тоа е шалтер на единица на едно соодветно министерство, нема разлика. Јас напротив

би рекол дека граѓанинот бара ефикасна управа, граѓанинот бара работно време, нека ми извинат присутните градоначалници, зборувам 99% од искуството на Собранието на општина Тетово. Еднаш да немаме тука дилеми.

(довикување од место)

Тетово не е Македонија колега Владо, но во Тетово ќе се прекршуваат копјата и за овој закон и за Македонија. Тетовското Собрание нема работно време. Градоначалникот на Тетовското собрание заедно со уште неколку челници, за жал и од другите националности, не само албанци се интересираат само да имаат повисоки лични доходи од сите нас тука. Коефициентот на тие четири пет луѓе во Тетово е 4,2 до 4,3, само малку зад врвните функционери во државата. Имаат паушал од 3000 денари а општинското собрание во Тетово досега има одржано две ипол седници, а паушалот си тече, има дневници, без оглед дали се од градот или селата од 300 денари. Значи едни огромни привилегии и сега ако сакаме тие привилегии да ги зголемиме и да направиме уште поголеми моќници имаме денес шанса со следните законски предвидувања.

Тој фамозен архитект треба да биде една продолжена рака, треба да биде еден чадор, треба да биде една маска, заедно со тој совет на архитекти. Добро стои во еден од амандманите дека треба да биде тоа една поширока лепеза на луѓе од различни квалификации на чие чело треба да биде архитектот за практично да добиеме закон во кој нема да биде никој потценет, ниту градоначалникот, ниту министрите ниту Владата, а најмалку граѓаните.

Како да се обезбеди спроведување на законот за локална самоуправа и негова контрола.

Досегашните искуства ни се катастрофални. Ние видовме што се ни се случува овие години. Собранија не работи по цела година. Беа блокирани. Тие практично спроведуваа свои самоволија и во однос на

она што значи државни симболи и слично, Не мислам на оноа последното. Пред две ипол или три години за државните празници во Тетово не беше истакнато ни едно македонско знаме за тоа што така одлучија општинските челници во Тетово, па сега за да можат тоа да го измијат го преплавија градот, сега за 11 октомври, со приметливо огромен број на знамиња. Меѓутоа, тоа е веќе делот историјата која не ќе може да се имије.

Зошто велам дека сум скептик во однос на она што ќе значи спроведување на овој закон. Ние веќе денес се обидуваме да ги издвоиме или да ги лоцираме проблемите на она што е навистина локална самоуправа и она што се министерства во Владата и нивните испружени раце или подрачните единици на министерството. Тоа се две различни работи и не треба да ги мешаме ако сакаме ефикасна функција. Ако сакаме да дадеме шанса за хаос, за беззаконие, да го сториме тоа со приложени или со ново доставени амандмани.

Прашањето на она што значи градскиот совет или највисокиот орган заедно со градоначалникот во општината. Никаде не стои можноста, или тоа ќе го решаваат статутите, професионалност на првиот човек до членовите на Советот, дали ќе биде можна, зависно од проблемите и компетенциите. Многу компетенции на локалната самоуправа мислам дека се во дуализа со одредени одредби кои што ги санкционираат други закони како што е законот за водостопанство, Законот за информативна дејност законите за образование во сите сфери. Така да сметам дека сето тоа треба да биде не само усогласено туку да не се даде можност за едно произволно толкување.

Прашањето на претседавачот, кое го сметам за непотребно. Зошто ние сега создаваме таму додатна бирократија, за да може градоначалникот да ги префрла своите обврски на тој претседавач, а практично сите компетенции се на градоначалникот и градскиот совет.

Сметам дека претседавач на советот не е потребно. Првиот човек и он четири години, условно земено, треба да си ја обавува оваа функција.

Во конституирањето, во она што значи не функционирање, во она што значи интервенции на Владата сметам дека предвидените решенија ќе бидат добри. Може да бидат применливи ако Владата се однесува сосема поинаку од односот што е сегашен, затоа што не сум согласен и не можам да се согласам што се дозволи едно такво беззаконие в о сегашните општини во државата, при постоење и на Влада и на овој законодавен дом. Сето тоа е на некој начин по онаа линија на помал отпор, проблемите да им ги оставиме на луѓето таму, проблемите да се разрешуваат таму, практично да не можат да ги решат.

Многу работи се дискутираат и се актуелни од гледна точка на она што е се компетенција интересна за граѓаните, или што е она што го викаме најкоректно речено, елементарни потреби на граѓаните, вклучувајќи ги слободите, но никаде, на некој начин обврските воопшто не се санкционирани. Многу дискутабилно дали треба да се даде толкава слобода, во локална самоуправа да имаме локална полиција да имаме таква слобода тој градоначалник да именува директори на музеи, на културни институции, утре и на образовни институции, тоа го овозможува законот, дури и приватни, да именува директори на информативни гласила, се разбира кои што ќе му служат на тој градо- началник и на неговата политика. Сето тоа многу е дискутабилно.

Сметам дека многу од предвидените решенија, новата територијална поделба а се залагам, ако сите тука без исклучок вклучувајќи ме и мене се повикуваме на искуствата од западната демократија, тогаш зошто не кажеме дека при нашите контакти со низа парламентарни делегации слушавме и за единици на локална самоуправа од 5,10, па дури  и еден член на францускиот парламент

тука ни се легитимира дека неговата локална самоуправа има само 1.500 граѓани. Никој ова не го споменуваме, одиме кон тоа да го задржиме сегашниот статус, можеби со неколку измени. Дали може локална самоуправа во Тетово со 200 илјади граѓани која се протега во должина од 45 до 50 километри и која, за жал, морам отворено да кажам денес, на чело на таа општина е претседател кој живее 15 км оддалечен од таа општина, неговиот потпретседател, македонец десетина километри и кој што во Тетово поминуваат само ако треба да се биде во некоја кафана, на некој банкет и воопшто не гледаат што се случува во тој град. Мислам дека таква самоуправа ниту ни треба ниту смееме да дозволиме. Тетово мора да биде организирано во една ефикасна самоуправа. Ова го елаборирам час поскоро, а со тоа давам поддршка на претходните дискутанти дека територијалната поделба мора да биде под итно донесена за, практично законот за локална самоуправа и новите избори да одат во пакет, заедно и со изборниот закон.

Многу решенија даваат шанси за волонтаризам, за произволно толкување и за толкување на оној кој ќе биде на чело.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски, јас се извинувам што ве прекинувам но имам една неодложна обврска. Си го задржувате правото да продолжите после пауза. Јас се извинувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Или да завршам за две-три минути па после да дадете пауза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, продолжете.

VII/26.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се предвидуваат многу одредби кои со граѓански устав и граѓанско општество не одат. Се предвидува принцип на национална застапеност во единици на локална самоуправа. Сметам дека таквите решенија воопшто не треба да доаѓаат предвид затоа што граѓанско општество и вакви предвидувања не одат. Не оди исто така и заложбата за признавање на јазици за државотворни. Ако ние на оваа врата албанскиот јазик го прифатиме како паралелен јазик, тоа значи дека албанскиот јазик ќе биде државотворен јазик и сосема логично, албанци те ќе бидат државотворен народ. Мислам дека тоа се сериозни работи кои сакаме да ги провлечеме на мала врата.

Едно прашање кое што никој не го загонетнува. Сите велиме сите јазици да бидат примена во Македонија. Прво, тоа никаде го нема во светот. Второ, дали може тоа технички да се оствари, вклучувајќи ги јавните установи и јавните претпријатија што има огромни негативни консеквенции, дека во тие институции, во тие установи, во тие единици практично ќе се вработуваат тие кои што го познаваат јазикот на националноста. Која е перспективата на Македонците кои живеат во тие средини, ако не можат во цела оваа низа на институции да се вратот.

Понатаму беше спомнато дека пописот беше само еден појдовен елемент. Меѓутоа, ние знаеме дека во пописот со разни притисоци се зголемија одредени националности без да го познаваат тој јазик. Едно е верската припадност, друга е националната а сосема трета е познавањето на јазикот и третманот на мајчин јазик. Тоа се различни категории што овој закон мора да ги има предвид.

Се реагираше на предвидени или предложени проценти. Јас предлагам процентот на значителен број да биде 40% а на мнозинство 70%, од следните причини. Вакви решенија господа има во низа земји во Европа, ако ве интересира јас ќе ви кажам дел од нив, не мора да се

приближно точни. Тоа се и Бугарија и Грција и Турција и Албанија, ако сакате и да не редам уште многу земји.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза до 15,30 часот.

VIII/1.- НН/ЉР

(Седницата продолжи со работа во 16,05 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа..

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека одредбата под 10 во компетенциите на градоначалникот да врши прием во работен однос и дава отказ од работа на лица во управната самоуправа е огромна привилегија и право јас сметам дури такво право нема ниту почитуваниот претседател, ниту почитуваниот потпретседател. Даваме огромно право сметам дека тоа треба да биде компетенција на советот пошироко, и во вградениот нов член 91 вториот став мислам нека не е доволно прецизиран и доволно јасен да натписите на културните и образованите установи кој единствено служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на активностите,покрена македонски јазик и кирилско писмо се пишуваат на јазикот и писмото на националноста независно од бројот на граѓаните припадници од националноста што живеат во единицата на локална самоуправа.

Ова јас го толкувам дека во било кој град, во било кое место во Републиката практично на ваквата институција ќе може значи натписот да биде и на јазиците на националностите. Не е тоа ни тоа да речеме воопшто не смета, смета не дифинисаноста која што се јас ја гледам во следното: кои се тие посебни образовни цели на националностите во другиве места во државава осем таму каде што има образование на националностите. Сметам дека тоа е можда не се многу контроверзни, многу конфузии мислам дека законодавецот треба да размисли не доставувам амандман може би образложението ќе следи потоа во амандманска расправа, може би ќе ме разувери во спротивното.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Законот за локална самоуправа покрај законите за судовите и пакетот на законите за избори преставува најзначаен акт од политичкиот систем на државата. Од демократскиот дух на одредбите на овие незапоставувајќи ги и другите закони од оваа област зависи демократскиот карактер на државата воопшто.

Поаѓајќи од ова становиште сметам дека оправдано на ова прашање при донесувањето на законот за локална самоуправа му беше посветено доволни внимание беше консултирана пошироката јавност експертски групи и беа направени неколку верзии од законот. Но и покрај тоа регулирањето на оваа област како и пошироко така и кај нас покрај тоа што претставува многу чувствителна и деликатна материја, таа и понатаму ке има потреба од доградување и дооформување за конечно заокружување.

Впрочем, Македонија е земја со помала и пократка традиција во смисла на функционирање и развој на ефикасна локална самоуправа. Впрочем во нашиот политички систем се воведува во оваа форма за првпат со овој закон. Сметам дека оваа фаза на општа трансформација на општествено - политичкиот систем во оваа фаза е голема опасноста да од моделот на локална самоуправа така наречен империум инмперо односно власт во власта како што модел имавме од 1971 односно 1974 година не преминеме во еден крајно друг модел односно таканаречениот модел на општа централизација. Ни едниот ни другиот модел не ги задоволува оптималните потреби на општеството, и како крајности може да имаат и штетни и негативни ефекти за развојот на општеството во целина а посебно за развојот на демократските односи во РМ.

Одредувањето на мерката за избор на модел кој ќе претставува доволна гаранција за остварување на правата од локален карактер, и автономија на локалната самоуправа од една страна и непречено функционирање на органите на државната власт од друга, треба да биде модел кој треба да се воспостави со законот кој ни е денес на дневен ред. Доколку на усвојувањето на овој закон нема да му уследи и усвојувањето на другите законски и подзаконски акти кој ќе се изврши еволуција на одредените овластувања согласно со став 3 од член 115 од Уставот на Република Македонија, донесувањето на овој закон нема да ги реши многубројните проблеми на локалната самоуправа односно ќе бидеме многу поблиску до моделот на општа централизација.

Сметам дека унапредувањето на некој односи изградување на подеморкатски односи во системот држава - граѓанин,односно локална самоуправа во некој сегменти сме лимитирани од самите уставни решенија кој во овој дел се многу крути а да не речам и ригидни. Но и покрај тоа, поаѓајќи од уставно - правната теорија дека Уставот е основен закон и рамка која треба позитивно да се надоградува и унапредува, во одделни сегменти Законот недоволно ги користи овие можности во одделни вежби на законот беше присутна како тенденција. За жал без да ги знам мотивите дел од овие прашања во сегашната верзија отсуствувам, тука пред се ќе го спомнам прашањето на соработката и регионалното поврзување и формирањето на заеднички органи за поефикасно и порационално и поекономично вршење на одделни работи од заеднички карактер и интерес за локалната самоуправа. Потоа прашањето на употребата на јазиците, компетенциите, односно надлежностите на локалната самоуправа и тн. што сметам дека се во извесен дел до нивото кој го гарантира Уставот а во одделни сегменти и под тоа ниво.

Формирањето на нови општини, односно единици на локалната самоуправа, исто така е многу ригорозно и поставувањето на некој услови од финансиски аспект на постоење на инфраструктура итн. ќе имплицира обезхрабрување на иницијативи за формирање на нови општини односно ќе предизвика тенденција на задржување на постојните развојни и административни граници на општините.

Имајќи во предвид степенот на надлежностите и капацитетот на финансирањето на постојните на локалната самоуправа нема да биде во можност овој систем на постојни општини да ги апсорбира и ефикасно остварува потребите на граѓаните на локално ниво со лимитирањето на надлежностите и на финансиите кои се потребни за обавување на оваа дејност. Од таа причина сметам дека моделот требаше да фаворизира, односно поттикнува еден систем на помали општини кои ќе одговараше на моделот кој законот го преферира во смисла на политичко функционирање на локалната самоуправа. Водењето темелна расправа по комисиите и кооперативниот однос пратеници - министер овозможија доста спорни прашања да се надминуваат и да се допрецизираат. Што е за поздравување и нека ни биде како практика во понатамошната работа и со останатите министри, но сепак одредени се сегменти и одредби останаа недопрецизирани. Ќе наведам само неколку.

Не е доволно прецизирано прашањето на исклучување на јавноста од работата на Собранието. Тоа е член 35 од понудениот закон. Регулиран е само начинот на донесување на одлуката за исклучување на јавноста, но не и причините поради кои односно кои можат да дозволат исклучување на јавноста во работата на органите на општината односно на советот на локалната единица. Не е прецизно регулирано и прашањето на одземање на мандат за кривично или друго дело што го прави недостоен за вршење функција членот на Советот. Тоа е член 40 став 3 од понудениот закон.

VIII/5.-

Се поставува прашањето кои се тие дела, кој ќе ги оценува итн., која е постапката. Практичната примена на овие одредби е доста проблематична и со можни негативни ефекти односно злоупотреба на истата. Сметам дека попрецизно регулирање на овој дел од оваа проблематика може да ги исклучува можните негативни ефекти односно изигрување на самите законски решенија.

Со текстот на законот се предвидува локалната самоуправа да донесува детален урбанистички план во согласност со надлежниот орган на државната самоуправа. Се поставува прашањето што ќе се случи доколку органот на државната управа не се согласува, или обратно, единицата на локалната самоуправа не се согласува со моделот кој може да биде тема на расправа за оваа проблематика. Дали во тој случај воздржувањето на едната страна кон понудениот модел ќе предизвика суспензивно вето односно воздржување од усвојување на истиот акт. Доколку е така, кое е тогаш излезното решение, механизмот од таквата блокада на усогласување на односите. Во законот го нема. Можноста на градоначалникот да укажува на неуставност, односно законитост на прописите донесени од страна на Советот и можноста за повторно враќање во процедура, сметам дека претставува непотребна аналогна при- мена на прописите на ниво на државата, односно законодавството и претседателот на Републиката. Во овој случај на локално ниво сметам дека оваа функција треба да ја вршат судовите а не извршната власт во рамките на општината.

Сметам дека треба да се напушти концептот на овозможување непрофесионално обавување на функција градоначалник. Овој концепт на локална самоуправа позицијата градоначалник, овластувањата, обврските, задолженостите и обемот на задачите, тоа неминовно го налагаат се разбира доколку сакаме да имаме поуспешно обавување на функцијата градоначалник извршување на задачите кој согласно законот

ќе ги има. Сметам дека треба да се ослободиме од некој тесни интереси, од некој партиски интереси по однос на ова прашаше, за да имаме навистина одговорно лице градоначалник кој ќе се фати во костец, ќе ги прифаќа и приоритетите и обврските кој му ги налага самата функција Градоначалник зошто концептот на законот дава широки овластувања на првиот човек на општината, т.е, и широк круг на обврски со кој треба да се зафати првиот човек на општината. Непрофесионалното обавување на оваа дејност сметам дека нема да одговара на висината на задачите.

Мислам дека на Предлог законот не до крај го апплицира принципот на поделба на власта помеѓу извршната т.е градоначалникот и законодавната односно советот на општината,се разбира во услови на локална самоуправа. Градоначалникот контролира скоро се правејќи го дури претставувањето на граѓаните преку Советот односно членовите на Советот повеќе формална институција во рамките на локалната самоуправа отколку стварна и надлежна кога би одлучувала за некои работи. Впрочем, да наведна некои работи каде што може да дојде и до судир помеѓу едната и другата институција. Советот именува односно избира секретар а секретарот одговара пред градоначалникот. Што доколку едниот со другиот орган не се согласуваат околу одговор- носта на лицето кое ја обавува оваа работа. Не само секретарот, туку сите останати лица кои ќе обавзваат јавни функции во рамките на локалната самоуправа и јавните претпријатија кои ќе ги формира локалната самоуправа и исто така ќе одговараат пред градоначалникот, а истите ќе ги именува Советот на општината. Сметам дека инкомпарабилни се овие два система.

И, конечно едно прашање кое не може да се заобиколува. Тоа е прашањето на употребата на јазикот на националностите. Сметам, дека Владата на РМ требаше да има похрабар пристап кон операционализација на членот 7 т.е. ставот 2 и 3 на Уставот и сметам

дека се додека  ова прашање не биде регулирано глобално т.е. со закон кој исклучиво ќе се занимава со оваа работа односно лекспецијалист, односно парцијалното решение кое се нуди во овој закон и решенијата кои можеби како крајна цел се алиби за регулирање на оваа област, со останатите закони, законите за судските постапки, законот за органите на државната управа, законите за управната постапка инт, нема да бидат доволна рамка до крај оваа проблематика да ја апсорбираат и адекватно да ја решаваат. Сметам дека амандманот 7 на Владата на РМ во однос на членот 91 е еден многу добар пример како треба интензивно односно прогресивно да се толкува Уставот на РМ односно членот 7. Во тој поглед овој пристап, во овој дел сметам дека е еден добар пример како оваа проблематика целосно треба да се заоклужува. Во случајот како што е, во останатите делови од членот 90 и членот 91 од законот тој недоволно ги решава овие проблеми.

На крај една мала дигресија. Мислам дека г-динот Стојановски многу повеќе време трошел околу водењето на евиденцијата за тоа кога одат и кога излегуваат општинските функционери на Собранието на општина Тетово, колку им е личниот доход, колку примаат дневници, односно паушал. Јас мојот претседател на општината присутен е тука јас ниту сум го прашал, ниту ми паднало на памет да го прашам колку му е личниот доход. Во што е проблемот тука? Проблемот е во тоа што некој нема доверба во својот претседател, односно воопшто кон сите други. Јас тој проблем го нема, и затоа мислам дека некоректно е кога се расправа за законот за локална самоуправа дежурен кривец односно тема за расправа да ни биде општинското Собрание на општина Тетово.

VIII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас во своето уводно обраќање реков на што се базира мојата анониза, моите размислувања. Меѓу другото реков и на работата на општинските собранија, особено Собранието од кадеа јас сум делегиран всушност ме избрале грани таму, електорат како што вие велите честопати и тие се гласачи, па според тоа јас ги изнесувам и ги застапувам нивните мислења. Према тоа колега Зибери јас кога го реков тоа не беше во конотација таа дека јас имам време да го следам тоа, туку да кажам во што може да се изроди ако немаме контролни механизми, во што може да се изроди ако таа локална самоуправа ја оставиме сама на себе па неразвиената општина Тетово да има такви високи привилегии во однос на сите тука во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Историјата на овој закон еве 5 години се врти по медиите потрошени се многу седници, состаноци изгубивме многу време, но еве радува фактот што оној текст што го понуди г-ѓа Гордана Силјановска кој беше исто така да кажеме радикален и кој имаше исто ваква содржина оваа иста Влада го пресече на нож и сега истиот овој текст го нуди . Не знам што е еволуираше размислувањето на Владата дали требаше да дојде една дисциплинска мерка од Европа за да ни каже дека треба да се работи овој закон и оваа проблематика во духот на граѓанската демократија.

VIII/10.-

Дали овој Закон е по мерка на граѓанинот? Ова е битно прашање бидејќи ако се поведеме од тоа дека Уставот е граѓански тогаш и овој Закон произлегува од оваа сфера да треба да се задоволува потребите на граѓанинот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (Продолжение)

Тука се поставува едно прашање, кое беше наметнато од повеќе пратеници, како функционира Општинското собрание. Не е добро сега да правиме анализа и ретроспектива на сето она што се случуваше во изминатиот период од 5 години, каде што собранијата функционираа без закон и тука се дели комплименти или компликации на однос Влада - Собрание. Мора да се каже јавно, кажано е повеќе пати, дека односот Влада - Собрание, државна власт, локална власт не функционираше. Она што ни се случуваше во изминатиот период, не само . што ние не можевме да функционираме со подрачните министри односно првите луѓе на министрите, кои не знаевме дали берат јаболка во Германија или се на годишен одмор по 6 месеци, она што паѓаше како товар овие години и дежурни виновници беа луѓето кои се моментално најдени по грешка или случајност во општинските собранија, цехот го платија граѓаните. Она што треба да се каже дека оној фамозниот шалте, плус бирократијата е еднакво на министерство. Ова треба да биде тежината на овој закон, да се надминат овие проблеми, бидејќи овие проблеми ги тиштат луѓето во секојдневното комуницираше со државната власт. Во тој контекст треба да биде наменет и законот, да биде функционален

Она што посебно загрижува, дали власта е децентрализирана, дали е дерегулирана, дали е вратена на едно ниво, посебно загрижува непознавањето на добар дел пратеници дека законот за локална самоуправа е едностепен. Многу дискутираа како да овој закон е двостепен или повеќестепен. Мора да се каже дека заради разно разни причини, објективни и субјективни законот е едностепен. Дали се враќа дел од власта, ќе оставиме да каже времето. Она што дискутираат тука мои колеги пратеници т.е. претседатели, кои не сакаат да бидат кои не

сакаат да бидат рамо за плачење и да кажат во овој изминат период со какви проблеми се сретнувавме, бевме дежурни виновници до таму дали ќе заврне или нема да врне. Луѓето по еден автоматизам, по една навика дека сите проблеми се решаваат во општинските собранија мислам дека не можеше така лесно да се премавне ова. Луѓето нон стоп и ден денеска ги обавуваат контактите и доаѓаат тука. Што бевме ние? Ние бевме нешто како кралицата Елизабета, со титула без некакви ингеренции, бевме некој спој и за добар дел на општини кои функционираат мислам дека мора да се каже јавно дека целата оваа заслуга ја носат претседателите. Сведоци сме дека во добар дел општини не функционира собранието. Како резултат на што се јави ова? Ова се јави како резултат на тоа што политичките интереси на повеќе партии беа директно насочени кон личните интереси. Така што целата оваа законска проекција што ќе дојде, на законот што ќе дојде, треба да биде насочен во правец на надминување на овие несогласувања.

Посебно треба да се спомне користењето на законот односно јазиците. Тука беа искажани многу мислења, дури контрадикции. Едни се залагаа овој закон да не ја третира оваа проблематика, да се тргне во посебна законска регулатива, така што истиот тој пратеник при рајот на обраќањето дури се залагаше да биде 5%. Ако не треба да биде третиран овој проблем во овој закон, бидејќи многу мудро уставописците во член 7 префрлија дека ова ќе се решава во Законот за локал на самоуправа, дајте оваа материја да ја тргнеме и еднаш да се рас- чисти оваа енигма, нека се реши со законот, посебен закон за јазиците

Она што посебно загрижува, мислам дека министерот ќе најде големо разбирање, е изворот на финансирање. Она што е дадено како законска регулатива е недоволно за финансирање за функција на

општините. Мора да се направи едно интервентно, додатно - со зафаќање на дел од данокот на прометот на општините. Сега тука се наметнува друго прашање. Дали тој процент ќе биде ист и ќе ги третира сите општини, не е исто ако биде 0,5% или 1% во Свети Николе или во Тетово или во Скопје. Мора да се направи тука разграничување мала општина- голема општина во однос на процентот, бидејќи се работи за големи средства.

Друго укажување: треба да се направи еден делбен биланс со имотот на општината. Мора да се направи делбен биланс на државниот имот и локалниот имот. Сведоци сме што се случува. деновиве. Многу деловни простории кои јавното претпријатие ги става на користење, така што голем дел на простории кои се користат за месните заедници кои буквално узурпирани од државата. Министерот треба под итно да поднесе едно барање до јавното претпријатие целата постапка да се стопира. Сведоци сме дека месните заедници кои ги користат просториите сега се ставени на јавно наддавање односно на јавна лицитација. Сега може да се каже како функционираше државната со локалната власт. Ова би била некоја ретроспектива за да произлезе од тука една поука. Таа не функционираше по вертикална и хоризонтална поврзаност. Она што се апострофираше тука дека добар дел од идните градоначалници или овие луѓе што во моментот обавуваат функција градоначалник ќе бидат оџи, шеици или не знам како беше кажано, ни најмалку не е така. Постои една друга опасност. Постои опасност да не направиме грешка во чекори заради тоа што ингеренциите кои ќе бидат дадени на градоначалникот кој ќе се избира на тајни непосредни избори да не дојде до блокажа на идното собрание. Знаеме каков ни е хетероген составот во Републикава. Ќе ни се јави во добар дел општини да бидат во различни партии, тогаш советот и советникот ќе бидат од една партија, градоначалникот ќе биде од друга или трета партија. Постои

реална можност да постои една блокада, законот тоа треба да го сведе на минимум. Едно информирање за еден пратеник кој сакаше да каже каква ќе биде улогата на идниот градоначалник. Идниот градоначалник ќе се избира на тајни и непосредни избори. Само за Ваше информирање, градоначалникот на град Скопје ќе биде еквивалент на сите скопски пратеници, тоа се 30 пратеници во парламентот или една четвртина од целиот парламент и не знам која е таа персона која сака да ја минимизира функцијата на градоначалник во Скопје. Во воведното излагање министерот не го третираше прашањето на градот Скопје, мислејќи на тоа дека ќе се донесе посебен закон за градот Скопје. Но дали се даваат ингеренции или не, јас не знам кој би имал поголемо право, дали градоначалникот кој е го избираат 20 илјади луѓе или министерот кој е чиновник, кој ние го именуваме. Каде се правата и компетенциите и ингеренциите на министерот, ако човекот градоначалник кој ќе биде прв во општината, кој ќе ја носи целата одговорност, не знам што е толку тешко, што е толку страшно, бидејќи со ставањето како прв човек ќе ја носи целата сопствена одговорност и ќе ја носи одговорноста на целата партија на која припаѓа. Мислам дека тука не се разбравме доволно. с

Во член 19, сходно прашање е околу деталните урбанистички планови , програмата за уредување на градежното земјиште, основните урбанистички планови, сведоци сме во државата што ни се случи. Овие 5 години е направен хаос. Урбанизмот е посебна материја со која треба да се позанимава овој парламент. Хаос е направен, со мито, со корупција, се занимава само со промена на началници, од која партија ќе бидат, што ни се случува, ја стимулира изградбата на дивоградби, во многу

општини не е даден еден деловен објект, деловен простор, во услови на тешко живеење не им обезбедуваме на луѓето, кога не им даваме работа, не им обезбедуваме на луѓето и она што сакаат минимално да го заработат да не им дадеме можност. Зошто? Одлучува еден чиновник во подрачната единица. Од што се плашиме? Се плашиме дали луѓето кои ќе излезат на изјаснување на референдум и тие граѓани кои живеат во таа урбана средина кога ги бараат тие услови да ги задоволат, еден човек или една персона од министерството по лично убедување или не бендисување ќе ја молиме 6 или 8 месеци да потпише, не ќе можеме да ги најдеме луѓето по 8 месеци. Овој закон треба да ја третира токму комуналната проблематика и урбанизмот .Најмалку акцентот е даден во овој закон на оваа проблематика. Ова е модерното живеење, урбаната средина. Ние се занимаваме со она каде би биле ингеренциите и до каде би отишле правата на градоначалникот.

Она што провејуваше во сите овие дискусии мислам дека овој закон како таков со сите низ појави ќе влезе во историјата под името закон на г-динот Владо Поповски и мислам дека чувството ќе биде големо и одговорно, законот треба да биде донесен во името и во интересот на граѓаните, не да биде донесен за еднократна употреба, банана закон или закон за една партија. Секогаш законот треба да биде ставен во функција на граѓаните. Ако сме рекле дека оваа држава и овој Устав е граѓански, треба да остане она, да бидат задоволени правата на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Руфи Османи.

IX/6.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Ќе бидам краток, бидејќи многу работи се изнесоа но три беа главни тези кои ги имав во моите размислувања кога ја пишував оваа дискусија и во досегашните дискусии многу малку се начна проблемот од тој аспект.

Имено, локалната самоуправа поради значењето кое го има како правно политички концепт, особено од аспект на изнаоѓање на најадекватна можност за вршење на власта најнепосредно од страна на граѓаните претставува една од основните полуги на уставно - правниот систем и предуслов за хармоничен развој на демократските процеси воопшто, а особено во земји со плурален, етнички, културен и економ- ски состав. Да не заборавиме дека токму во комуната Атина се роди моделот на денешната демократија од претставници односно парламентар- ен модел. сегашниот Устав на Република Македонија до крај редуцирано го има дефинирано поимот на локална власт и истиот претставува главна пречка за адекватно регулирање на оваа област, сходно на принципите на децентрализација и деконцетрација на власта, односно автономност на власта, односно автономност на власта на локално ниво.

Од анализа на текстот на законот, надвор од фактот што во принципите врз кои е заснован законот, предлагачот на законот ги спомнува особено овие два поими, значи поимот деконцетрација и децентрализација на власта, јас истиот ќе го илустрирам со еден финансиски податок, без да анализирам понатаму што значи она што е нормиран во законот.

Имено , ако се анализира вкупната вредност на сите комунални буџети во РМ за 1995 година, која вредност изнесува 21 милион и 600 илјади германски марки, тој износ ако се стави во сооднос со вкупната

вредност на Републичкиот буџет за 1995 година од една милијарда и девесто милиони германски марки ќе добиеме сооднос од 1,14% финансиски средства на локално ниво во однос на 100% средства на ниво на Република. Мислам дека овој соодносот многу јасно и многу таксативно напомнува до кое ниво ние имаме централизирана власт во РМ и пред овој факт кој е математички факт, занемуваат сите субјективни образлагања и аргументи што можат да се чујат и од оваа говорница и од страна на предлагачот на законот.

Од овој аспект јас имам предложено амандман, а има и други предлагачи, кои предлагаме оваа тотално неадекватна финансиска структура да се подобри во корист на локалната власт од едноставна причина, бидејќи ако не постои адекватна власт на локално ниво, тогаш не може да постои никаква власт, па било тоа да е и политичка власт.

Понатаму, кога сме кај службената употреба кај јазиците на националностите, јас стојам на становиште дека тоа прашање во никој случај не може да се регулира во целина со закон, кој ги регулира односите на локално ниво, како што е овој закон, од причини што ризикуваме ова многу суштествено прашање од меѓунационалните односи да го сведеме на локално ниво, значи тукани е поентата и јас во оваа прилика сигурно дека ги подржувам настапите особено на г-дин Мурати и на другите кои одеа во таа насока дека согласно член 7 , став 2 и 3 од Уставот , ова е прашање кое треба посебно да се регулира со посебен закон. Имено, кога ќе се анализираат предложените законски решенија во оваа смисла ќе дојдеме до следните констатации. при тоа во духот на позитивната дискриминација се врши рангирање на таа дискриминација во дискриминирано позитивно право на едните кои се во

мнозинство на локално ниво да зборуваат и да ги пишуваат јавните натписи на мајчин јазик на другите кои се во значителен број да имаат право само да зборуваат на мајчин јазик на седниците на органите на локалната власт, додека пак на третите кои се во некоја категорија да ја наречеме незначителен број, да имаат право , можеби, само да сонуваат на мајчин јазик. Значи, преку Уставот се инсталираат двојните стандарди во јазичната сфера, со нормална работа привилегиран статус на македонскиот јазик во однос на другите јазици, сега пак во тој дух двојните стандарди односно дискриминацијата на јазиците продолжува и во редовите на истата националност во зависност од бројот во која одредена националност живее во одредена комуна. Затоа сега ќе имаме ситуација албанецот кој ќе живее во Гостивар или Тетово, според последниот попис, да биде позитивно дискриминиран во позитивна смисла на зборот, па во подобра положба или ситуација отколку албанецот или турчинот кој живее во Скопје или во некое друго место во Македонија. Мислам дека дефектот пред се не е во законот, дефектот пред се е во Уставот кој со член 7 ја инсталира оваа дискриминација од овој тип.

Јас ќе истакнам уште еден момент за да не должам, бидејќи многу други дискутираа со своите размислувања. За мене е особено симптоматична главата 9 в,о член 69 , 70, 71 и 72, особено преку употребата на термините "ненадоместлива штета". Јас мислам дека оваа синтагма односно овој правен поим, особено ние кои доаѓаме од Гостивар и Тетово многу убаво го имаме почувствувано и имаме видено во пракса што значи. Тоа значи дека во првите парламентарни избори во Гостивар и во Тетово се суспендира локалната власт во време траење од една година јас мислам дека ваква норма сигурно и понатаму ќе биде употребена во негативна смисла на зборот и сигурно дека за мене ваквото нешто е тотално субјективно и сигурно ќе имаме прилика сето

тоа во  пракса да биде злоупотребено в,о разни случаи,  зависно од тоа како ќе дуваат таканаречените политички ветрови.

На крајот , да не должам, од изнесеното произлегува дека овој закон со овој текст што е предложен не ги задоволува нашите програмски определби и ние нема да ги поддржиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Станковски има збор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министре, сите ние треба да донесеме одлука да го поддржиме или да не го поддржиме овој предложен закон. Пред да донесеме одлука за тоа секој поединечно или како партиска определеност треба да погледнеме што овој закон за локална самоуправа ни носи. Дали тој ни овозможува со својата регулатива да имаме поефикасна администрација? Дали со тоа ќе можеме да направиме продор во кадровите? Дали ќе можеме да направиме реорганизација на луѓето кои работат во локалната управа, и на крај да дојдеме до луѓе кои ќе сакаат, ќе знаат и ќе бидат наградени за тоа да си ја обавуваат својата функција? Дали со овој закон ќе обезбедиме нужни претпоставки, бидејќи законот како што рече господинот министер е консултиран и од Европа?

Ако е така, ние мораме да имаме и соодветни средства за таа локална управа биде на европско ниво, во однос на опремување. Ние мораме законот да ни биде поткрепен и со опрема што ќе овозможи ефикасна локална самоуправа.

За мене, ефикасна управа е граѓанинот да го почувствува сервисот на локалната самоуправа. Малтретирањата и клечењата пред шалтери да бидат минато. Службеникот, државниот чиновник во локалната самоуправа да знае дека актот што треба да го донесе треба да го донесе за максимално кратко време и да го задоволи барањето на граѓанинот.

Во однос на централизацијата и децентрализацијата, во однос на досегашните искуства сметам дека е направен продор во децентрализацијата на власта и сакале или не, би требало да бидеме задоволни со тоа што одредени функции се пренесуваат на локалната самоуправа, со тоа што треба да оцениме и лично мислам дека

согласноста што треба да се даде од повисоките, од министерството треба да биде условена, веројатно временски, во што пократок рок и во тоа време доколку не се одговори, да се смета дека согласноста е дадена.

Не сакам да навлегувам во техничките детали на тоа, меѓутоа сметам дека зголемувањето на нивото на постапката ја зголемува неефикасноста и ние мораме да бидеме апсолутно заговорници на идејата дека тој што ја обавува функцијата мора да биде и одговорен за тоа. Пренесување на повисоко ниво на одговорност носи бирократија и неизвршување на задачите.

Како трето, за власта. Власта претпоставува, за мене, можност да организирате, да наредите и да барате од своите соработници работите да се извршуваат така како што треба, по закон, по Устав. Сум заговорник на таа теза дека градоначалниците мора да имаат власт. Меѓутоа, за таа власт што ја обавуваат да одговараат директно на граѓаните и преку тоа да бидат постојано на мета на нивно преиспитување, нивната функција. Значи, сум заговорник градоначалникот да има широки компетенции, меѓутоа во член 46, ќе се послужам со мала техника е ставена можност да се постави прашање на доверба на градоначалникот со 1/3 од гласачите од гласачкото тело. Мислам дека тоа е многу голем процент и мислам дека со тоа фактички никогаш, ако зборуваме за општина Карпош, од прилика би требало 30 илјади луѓе да поднесат барање за доверба на градоначалникот. Тоа е, според мене, тешко изводливо. Тогаш, градоначалникот ќе има власт, меѓутоа не ќе може, доколку направи грешка во својата функција и користејќи ја таа власт да може да биде сменет. Мислам дека таа бројка треба да се смали и секогаш во неговиот ментален скоп стои нешто дека може, доколку направи нешто во било кој поглед дека по брза постапка може да биде сменет.

Уште нешто заборавив да кажам, дека до сега, во општина Карпош кај мене не дошол ниту еден Србин, ниту еден Влав, Македонец, Албанец кој се жалел дека фирмата на општината или насловот на Собранието на општина Карпош била на македонски, на албански и дека натписите или било што се на српски. Луѓето, нашите граѓани се жалат на постапките. се жалат на предметите што се држат по 30, по 60 денови. Се жалат на нерешени предмети, на пропусти во организирањето и работата на администрацијата. Никогаш не се жалеле на кој јазик било напишано за тоа што бараат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Панчо Минов има збор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, имав својство да бидам учесник во целокупната постапка на изготвување и расправање на неколкуте верзии на Законот за локална самоуправа, почнувајќи од 1991, па заклучно со оваа конечна, пред донесување верзија во форма на Предлог на закон за локална самоуправа.

Компаративните сознанија и испитувања од моја страна наведуваат на еден недвосмислен заклучок дека, и тука не треба да бидеме нескромни, дека оваа верзија на Законот за локална самоуправа фактички го има постигнато законскиот максимум на уставната рамка што го регулира правото на локална самоуправа. Што тоа значи, ќе поткрепам со неколку аргументи.

Во оваа верзија на локална самоуправа фактички е онаа суштинската содржина на оживотворувањето на правото на локална самоуправа, максимално разработено во членовите од 17 до 20 што ја регулираат проблематиката на надлежноста на локалната самоуправа

Сметам дека за разлика, компаративно ќе нагласам, од претходните верзии исцрпени се сите надлежности што ги дозволува уставната рамка за реализација на правото на локалната самоуправа. Новини, не треба да заборавиме во овие надлежности е поместено дека се она што не е во државна надлежност, фактички може да биде предмет на активност и делување на органите на локална самоуправа.

Понатаму, воведени се надлежности, односно конкретизирани се надлежностите во уставната формулација за надлежност на општината во сите општествени дејности, во делот на културата, образованието, основното здравство, детската заштита за разлика од начелната формулација во претходните верзии овде е децидирано која е фактичката надлежност на локалната самоуправа во овие општествени дејности

Воведено е основачкото право на локалната самоуправа на општините за основање јавни претпријатија, што не беше во претходната верзија.

Исто така, воведен е институтот локален инспектор, што исто така не беше третирано во претходните верзии и визави прописната самосталност на донесување на прописи на локалната самоуправа и надлежноста за пропишување на казни од страна на локалната самоуправа што е исто така еден позитивен ефект.

Во оваа верзија на Предлогот на законот за локална самоуправа неодминливо е потенцирањето на разработување оние прашања што значат непосредни форми на остварување на правото на локална самоуправа, тоа се граѓанската иницијатива, собирот на граѓаните и референдумот. Мислам дека тоа е суштината на вистинското оживотворување и стварната реализација на правото на локалната самоуправа токму преку овие форми на непосредно учество на граѓаните визави органите на локалната самоуправа кое во предметната глава од Предлогот на законот е децидирано во која постапка и во кои услови

X/5.-

овие форми на правото на локалната самоуправа граѓаните можат да ги практикуваат.

Исто така за посебно одбележување е воведувањето или регулирање на фактичката состојба што беше и доста експлоатирана во претходните дискусии во различните верзии на Законот за имотот на локалната самоуправа, каде што децидирано се наведува кои се подвижни, неподвижни ствари и кој имот и права ги има локалната самоуправа.

Да не должам, една од ефектните новини на Предлогот на локалната самоуправа, бездруго е воведувањето посебна глава за регулирање на односите на органите на локалната самоуправа и органите на управата. Тоа беше еден момент, отсутен момент на регулираноста на овие односи на органите на локалната самоуправа и државните органи што .;најмногу се чувствуваше во општините како единици на локалната самоуправа.

Со овие новини што ги наведов и ефекти од ова претпоставено очекување, ако се донесе Законот за локалната самоуправа, за што сум јас еден од заложниците кои се безрезервни да се донесе, мислам дека ќе одговориме на основното прашање дали овој закон фактички е соодветен, дали е прилагоден и дали одговара на остварувањето на правото на граѓаните на локалната самоуправа. Морам да кажам дека моето убедување е позитивно, да.

Кажувајќи го ова и изразувајќи поддршка на Предлогот на законот за локална самоуправа, сакам да потенцирам неколку работи што беа предлагани од моја страна на комисиите а не беа прифатени од предлагачот. Убеден сум дека во понатамошното доградување на содржината на Законот за локална самоуправа истите ќе се оживотворат и во законскиот текст а се однесуваат на следното:

Има еден конгломерат, лепеза на работи, на дејности, што се од локално значење и чие остварување, а што на крајот се сведува на задоволување права и интереси на граѓаните во општините и во помалите населени места, неодминливо го третираат локалниот карактер ан тие дејности. Тоа се прашањата за наводнување, прашањето за дистрибуција на електричната струја, прашање за користење на земјоделско земјиште и употреба на земјоделското земјиште, прашање за телефонскиот сообраќај и многу други прашања. Неодминливо е поради поефикасност, ради порационалност во остварувањето на овие дејности што сакале или не ние да признаеме неодминливо има локален карактер, да има една инстанца на надлежности советот на локалната самоуправа во, ако ништо друго, расправајќи и заземајќи ставови по актуелни прашања и состојби од овие дејности. Тоа мислам дека фали во овој закон.

Понатаму, мислам дека прашања што се многу битни, а тоа се однесува на инспекциските органи, мој предлог беше до повереникот на Владата инспекциските органи, бидејќи една од основните дејности на локалната самоуправа е урбанизмот, неефикасно би било дејноста да ја има локалната самоуправа, а инспекцискиот орган да е под министерство. Така што урбанистичкиот инспектор мој предлог беше, задолжително да биде инспекциски орган на локалната самоуправа. Како што гледате во Предлогот, правото на инспекциски органи е сведено само во самостојните надлежности во локалната самоуправа, а урбанизмот влегува во, таканаречената, заедничка надлежност.

Заедничкото донесување на програмата за уредување на градежно земјиште, мислам дека е неконкретизирана инстанцата на согласноста од страна на државниот орган за градежништво, бидејќи од искуство кажано, нема надлежност државен орган за градежништво да дава

согласност на целокупната содржина на програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи многу прашања, пред се прашањата од аспект на комуналната изградба, на улици, тротоари, на друга комунална инфраструктура, таа е исклучиво надлежност на локалната самоуправа. Додека се што значи претходни прашања, имовински прашања, катастарски прашања и други мислам дека треба да стои во надлежноста само за овие прашања да дава согласност што се во согласност со законот, а не по целокупната програма.

Исто така, во делот на имотот на општините мислам дека во овој закон фали конкретизирање на потребата од делбен биланс и во моментот од влегување во сила на законот, на имотот помеѓу општината и државните органи, а не само кога ќе се основаат нови општини.

Во меѓусебните односи на органите на локалната самоуправа и државните органи сметам дека правото на градоначалникот, ако од заедничка седница на началниците на подрачните единици, не ги извршуваат договорените ставови, да покрене иницијатива за негово сменување пред надлежниот министер, треба да важи и рикверц надлежноста што значи да има и предлагачко мислење за именување на началници при нивната постапка за назначување.

Ќе завршам на крајот со едно убедување дека сепак, да се потсетиме, немаме и во нашиот правен систем отсуствува специјалниот закон за локална самоуправа. Најдобро од се е да се донесе истиот, а сите наши желби и сите наши предлози истиот да биде на највисоко ниво и стандард на квалитет, сигурно дека со функционирање на локалната самоуправа по донесувањето на законот ќе има доста време и доста можности да се доградува и ги постигне сите стандарди што се познати во функционирањето на локалната самоуправа.

Јас сум убеден дека одредбата од член 20, што значи делегирање на надлежностите од страна на државните органи, на министерствата, кон општините ќе биде најексплоатирана и најспроведлива одредба за тоа што она што е целокупна цел на законот, сите работи што се поефикасни и порационални да бидат во надлежност на органите на локалната самоуправа, преку тој член ќе се постигне.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Љупчо Беличев.

XI/1 JJ/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот г-дин Беличев.

**БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, еден сум од неколкуте пратеници, со оглед дека и обавувам одредена општинска функција, која најнепосредно го има почувствувано што значи да се работи во услови на законски нерегулиран, недефиниран статус на општината. Во услови кога не се знаеја надлежностите, правата и обврските на општината и притоа ќе прифатите дека тоа значи помала можност успешно да се извршува оваа функција и помала можност да ги решаваш правата на граѓаните и потребите во услови на недефиниран статус во локална самоуправа.

Појдувајќи од овие причини, со задоволство констатирам дека најпосле имаме пред нас на дневен ред на седница еден законски проект, закон кој со нетрпение го очекувавме и е од битно значење, како што рекоа и веќе многу мои колеги кои го изнесоа тоа мислење со оглед на досегашната нерегулирана состојба што негативно се одразува на разрешувањето на одредени проблеми на граѓаните односно на остварување на одредени нивни права.

Денешната верзија на овој закон, изнесувам свое мислење е еден најуспешен обид во поглед на изнајдувањето на местото на локалната единица и локалната самоуправа во целокупниот систем на регулирањето на односите држава - локални единици. граѓани. Мислам дека тоа ќе даде огромен придонес за поквалитетно уредување на односите во општината и задоволување на потребите на граѓаните. Ова и од при- чини што ова е и крајното што е можно да се понуди со оглед на поставените рамки во Уставот во поглед на ингеренциите и правата на општината.

Исто така мислам дека член 20 од овој закон би можел да даде многу права и надлежности со ова дерогирање односно пренесување на надлежности со други позитивни законски прописи и тоа е оној вентил каде што за многу работи за кои што немаше простор по- ради уставната рамка да бидат дадени како права и надлежности на општините, сега со одредени други позитивни прописи, со законот за просторно и урбанистичко планирање, потоа со законот за здравство, за образованието, за инспекциските органи, за државните органи и органите на управата им се дава како право и одредени ингеренции на општините.

имаше надлежниот министер во поглед на конципирањето на овој законски проект во смисла на односите со претставниците на општините преку асоцијацијата заедницата на општините и градовите и мислам дека тоа е еден пример кој што треба и останатите министри да го практикуваат, бидејќи со тоа ќе бидат поголеми можностите да се конципираат одредени наши предлози, мислења и размислувања и сугестии, се со цел за поквалитетен и посодржински закон кој што повеќе би ги опфатил областите и би одел во прилог за задоволување на потребите на граѓаните во локалните единици.

Сепак и кај мене стојат определени резерви во поглед на уредувањето на одредени прашања, а пред се имам резерви на четири прашања.

Прво, во поглед на заедничката надлежност на државните органи односно министерствата и локалната самоуправа односно Советот на општината во поглед на донесувањето на детален урбанистички план, во поглед на донесувањето на програмата за уредување на градежното земјиште каде е предвидена согласност. Во последниот законски проект член 69 и 70 дава право на надзор во поглед на заштита на определени

интереси на државата, а дека самата согласност мене повеќе ми личи како еден акт административен кој било како да го сваќа, сепак согласност значи нешто за кој некој треба да се согласи. Можеби е подобра формулацијата мислење и тоа само во делот, зборувам за деталниот урбанистички план, во делот на согласноста на деталниот урбанистички план по основниот урбанистички план. Тоа мислење треба да биде во тој однос, дали деталниот урбанистички план е во согласност со основниот урбанистички план. Тука сигурно законот за просторно и урбанистичко планирање во оваа област уредувајќи ја повикува на обврска деталниот план да го следи основниот урбанистички план.

Второ, во поглед на програмата за уредување на градежното земјиште мислам ќе се повторам ако кажам дека се работи за локален проблем, за локален интерес, за локални потреби, локални желби за кои локалната единица сигурно најповеќе ќе се грижи и е во интерес поквалитетно да ги уреди. Ако на ова се додаде дека се работи за локални средства здружени од граѓаните тогаш мислам дека овде отсуствува државниот интерес и би требало, овде има заеднички амандман, да се напушти обврската за согласност туку да остане во автономните самостојни права на единицата на локалната самоуправа.

Трето, што се однесува на финансирањето на општините овде веројатно ќе бидат поддржани и дел од амандманите, финансирањето на општините да не остане само на истите извори туку да се подобрат со дел од данокот на промет во одреден процент, утврден со закон и со приходите што општината ќе ги има од изречените казни за непочитување на одлуките односно казните што општината има право со закон има право да ги изрекува, како и можноста со одредени концесии во поглед на добрата што ги има во општината.

Сепак се согласувам со оние искажувања дека не можеме да бараме да имаме локална самоуправа, па дури и локална власт ако

немаме одредена материјална самостојност или сигурност. До колку општините зависат од буџетот на државата како овие приходи кои сега се во мал износ, тогаш сигурно овде не може да дојде до израз самостојноста на општината и во интерес по квалитетно да ги решаваат барањата на граѓаните. Сепак и овие искажувања не ја менуваат мојата оценка дека се работи за добар текст на законот за локална самоуправа кој во овие услови може да понуди еден развој на локалната самоуправа и на локалната власт и јас од тие причини ќе го поддржам во целост.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Господине потпретседателе, ценети парламентарци, уште во почетокот на мојата дискусија констатирам дека предлагачот на законот за локална самоуправа повеќе време потрошил за изнаоѓање на параграфи, алинеи со кои се ограничува правото на употребата на јазиците односно на албанскиот јазик.

Овој Предлог закон наместо да најдеше адекватно решение односно наместо албанскиот јазик и јазиците на другите националности да имаат рамноправен третман, напротив со овој предлог закон се легитимира неуставноста односно нерамноправноста во употребата на албанскиот јазик. Прашува, дали ќе се употребува албанскиот јазик и во подрачните министерства овој предлог закон. Не треба голема мудрост за да се констатира незаконитоста на овој закон. Правиот закон подеднакво треба да ги заштитува интересите на сите свои граѓани. Јазикот како основен елемент и белег на еден народ и право на употреба на јазикот во сите органи на власта, институциите на државата е основно право на граѓаните. И кога тоа право се ограничува односно кога еден одреден јазик се дозволува да се употребува само во одредени случаи, тоа значи дека се ограничува слободата на личноста и со тоа се

деградира националниот идентитет и националниот дигнитет. Тука тенденцијата е јасна, со негирањето на тоа што е свето кај албанскиот народ, се уочува злонамерата за исчезнување на овој јазик. Во овој случај ќе изнесам еден цитат од научниот труд "Етни"е модернитет" од Реџеп Исмаили кој вели во оригинал "Врасја е"ѓувз дотефот на факт брасје е портц ветесаи" во слободен превод значи "убивањето на јази-кот, фактички значи убивање на говорникот". Во продолжение само на македонски јазик, во постоењето на јазичното битие е човечкото битие и ова да го оневозможиш, ова битие од правото на употребата на јази- кот знач
и да го лишиш од човечкото право.

За жал морам да кажам пред ова Собрание дека овде се работи за сценарио за, за жал интересите на албанците според овој Предлог закон не се гледаат како интереси на Македонија и како интереси на нашата држава. Аналогно на тоа, што го потенцирав погоре, една мудра изрека вели - да правиш чекор на туѓ пат , доволно е да го изгубиш својот пат.

Со ваков Предлог на закон се стеснува јазичниот простор а со тоа и културниот, просветниот и друг простор на албанците и тоа до степен албанскиот јазик да се стави во нерамноправна положба со овој предлог закон се постигнува кулминација на гетоизирањето на албанците како народ. Со ваков Предлог на закон не можеме да чекориме кон цивилизирана Европа.

Општината односно локалната самоуправа со овој Предлог закон не е како некогаш мала дражва. Сигурно локалната самоуправа нема да биде мала држава, меѓутоа се поставува прашањето дали навистина локалната самоуправа ги губи своите ингеренции? Да ги губи но ги губи само за албанците и другите ентитети, но не ги губи ингеренциите и за македонците.

Почитувани пратеници, во текот на седниците на ова Собрание пратениците албанци дадоа максимално ангажирање и дадоа голем придонес. Се усвоени многубројни амандмани и закони и многу од нив со надгласување, нереспектирајќи ги основните животни интереси на албанците во РМ. Албансктеи пратеници во текот на парламентарните процедури по предлог законите предложија стотина амандмани и за жал овој Парламент кој што во многу случаи е серцис на Владата албанофонски расположен, никогаш не ги почитува предложените амандмани на албанските пратеници. И за чудо не се респектирани ниту амандманите што се однесуваат за економските, социјалните и општествените прашања што беа во интерес на сите граѓани во РМ.

Изгледа овој Парламент инструментализиран и претворен во гласачка машина, априори е диспониран против секој амандман што ги содржи елементарните национални права на албанците во РМ како што е употребата на албанскиот јазик и неговото писмо, на рамноправен начин во службена употреба во органите на системот, во локалната самоуправа и тн.

Со оглед на тоа што сме свесни дека овој Парламент и во овој случај ќе го усвои предлогот на закон и без да ги респектира предложените амандмани на албанските пратеници, мислам дека треба да кажам дека јас не сакам да бидам потписник на ова зло што сега отворено се санкционира, се легализира со закон дури и во тесниот простор на локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ќе настојувам да бидам рационален зашто работиме подолго време и нашиот биоритам опадна затоа што оној што имал подготвена дискусија ќе ја прочита, а ние сега треба да имаме концентрација за она што го размислувавме преку целиот ден така што добивме во позиција

да бидеме малку нерамноправни заради тоа што долго работиме.

Јас би кажал само неколку работи и тоа- мислам дека овде се промовираат две тези во целата ситуација. Првата теза, тоа од страна на Владата, министерот и сите компетентни и стручни дебати кои беа присутни во времето од 3-4 години, мислам дека и од Владата и од министерот и стручните лица кои дадоа прилог во расправата по законот за локалната самоуправа, сите тие го поддржаа овој закон дека на оваа држава и треба таков закон, има уставна основа и поради тоа мислам дека е крајно нерационално јас да кажам дека не го поддржувам овој закон, заради тоа што сметам дека многу покомпетентни лица стручни лица, расправале, дебатирале, во рамките на овој закон и предложиле извонреден текст што сметам дека може да има и своја практична вредност. Ако сега јас настојувам да извлечам некои конкретни измени во законот,мислам дека би било некоректно од целокупната оваа расправа што имавме многу состаноци, потрошено многу време и да не речам доволно средства индиректно за да ги надминеме одредените проблеми, не само заради тоа што и овој закон веќе проследи три министри можеби со одредени свои филозофии во однос на претставувањето на овој закон за локалната самоуправа.

За мене е прифатлив овој закон и тоа од една проста причина. Законот носи наслов за локална самоуправа. Тој е локален закон и мислам дека треба во рамките на таа локална самоуправа односно таа социјална заедница да ги разрешува оние проблеми за кои сметаме дека може да се разрешуваат тука. Она што претставува државата, мислам дека државата ги гарантира сите основни граѓански права на сите граѓани во РМ, почнувајќи од економски, социјални, културни итн.

XI/8

Оној што се залага , јас така мислам, да го проширува законот со ингеренциите на општината во рамките на економските социјалните, културните , се залага за создавање на една општествено- политичка заедница што ја имавме а во меѓувреме баравме државата со низа инструменти да форсира одредени права да ги подмируваме и тн

Ако се залагаме да ги прошируваме правата, тогаш ги загрозуваме индивидуалните граѓански права на граѓаните во РМ од многу аспекти. Зошто? Затоа што структурата на населението е сосема хетерогена, развиеноста, материјалната основа итн. ќе дојдеме во позиција еден граѓанин во Дебар и друг граѓанин во Делчево да ги немаат истите права. И во таа смисла се залагам овој закон дури забележувам на Владата што ги проширува правата на локалната самоуправа, сметајќи на тоа дека сепак локалната самоуправа не може да одговори на она што го сметаме. Добро е да бидеме претседатели на големи собранија со 2-3 собори но да не направиме сега еден паралелизам во власта, и да не дојдеме сега во позиција и локалната самоуправна и државата да имаат исти ингеренции, а во Уставот кажавме дека државата ги гарантира сите социјални, економски и друг вид на права. И од тој аспект мислам дека треба да го поддржиме законот што е пред нас.

XII/1 РД/ПН

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед на замореноста јас ќе се потрудам да бидам краток, да изнесам некои свои видувања во врска со Законот за локална самоуправа. Овој закон бидејќи е од посебно значење за еден систем и не случајно веќе 5 години не е донесен бидејќи преку овој закон, преку Уставот и со овој закон де факто се одредуваат односите на централизација и децентрализација, односите на власта. Основни белези и карактеристики на овој закон се следните. Прво за централизација на власта, а второ и централизација и во така малата локална самоуправа. Зошто? Аргументи. За да видиме кој се тие проблеми кој што државата кае ги решава на ниво на држава и на ниво на локална самоуправа треба да видиме со колку пари тие проблеми ќе ги решава. Ако го знаете, а сигурно го знаете Буџетот кој што го донесовме на ниво на Република беше 53 милијарди денари, ако буџетите на сите општини беа 500 милиони денари, тоа значи сите овие проблеми локални треба да се решава со една стотинка од Републичкиот буџет. Што би рекле"колку пари толку и музика." Према тоа сите овие пласирани дискусии за јазик за ова и за она кога ние не ги дискутираме за оваа работа бидејќи изворите кои што ја финансираат оваа локална самоуправа остануваат чисти колку што гледам, значи и во иднина истиот однос средства ќе се обезбедуваат на локално ниво и на државно ниво. Јас не знам, министерот го слушнав дека овие закони се правени во најдоврите традиции на европските цивилизации итн., мислам дека Европа е прилично шарена во поглед на локалната самоуправа, со различни историски развитоци и една фалинка кај министерот ми сметаше што не ги земале предвид и 50-те години на комуналната

самоуправа што беше со сите мани, но и со сите позитивности. Тоа е во делот на централизацијата и децентрализација ата на власта. Де факто, таму каде што се парите е власта, таму каде што нема пари нема власт. Или уште попросто кажано демократичноста е во директна пропорционалност со децентрализираноста на власта. Ако е тоа така мислам дека тука треба да се поправи што се размислува. Сега одам на конструкцијата и начинот на уредувањето на локалната самоуправа. Ние бегајќи со сите пароли од сите општински моќници итн. ја намаливме власа на општинските собранија, ги претворивме во совети према предлогот каде што имаме некаде од 15 до 30 члена во Советот, а со практиката на работа тие совети ќе функционираат со 8 до 15 луѓе, целокупната каква таква општинска политика локална ќе ја водат 8 до 10 луѓе. Таа е едната работа. Другата работа градоначалник сегашните претседатели кои што беа претседатели на Собранието и што беа бирани од собранијата и често пати при спротивни дискусии се јавува дека овие моќници бараат многу власт, наместо да се обезвластат тие, ние сега правиме градоначалник кој што ќе има политичка тежина на начинот на избор. Градоначалникот ќе го бираат сите граѓани на општината. А факт е дека во поголемите општини каде што имаме 6, 7 или 8 пратеници, тој истиот градоначалник во градот со таква локална самоуправа ќе има политичка тежина на 6 до 8 пратеника. Замислете кој се проблеми можат да произлезат во политичките односи. Тоа е една работа.

Друга работа која што е неконзистентна никаде ја нема градоначалникот кој што го бира целата општина ќе биде извршен орган на Собранието. Таква работа нема никаде, јас колку што знам и односите меѓу градоначалникот и Собранието се лошо дефинирани. Мислам дека овие работи не само што нема да помогнат во решавањето на

проблемите и онака намалените ќе ги усложнат. Исто така овде битна работа кој што мислам дека не би требало да има во овој закон се трка наречените делегирани надлежности. Што значат тоа делегинирани надлежности? Тоа значи за овој важи, за оној не важи. Денес давам, утре земам. Мислам дека таа работа можеби како одговор, ние мораме отворено да зборуваме овде, како одговор да кажеме дали некаде локалната самоуправа се злоупотребува. Од друга страна главната борба на пратениците од албанската националност е за употребата на јазик толку проценти или толку. И на крајот ќе излезе сите задоволни, а власта ќе биде централизирана.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседавач, почитувани пратеници, поднесениот закон претставува завршна фаза на 5-годишна активност, односно 20-тина што званични, што не званични предлози на законот претставуваат финализација на истите овие активности. Самата 5-годишна активност и неможноста до денешен ден да се донесе овој закон кажува на сложеноста на оваа материја и на сложеноста на односите со кои се регулира овој закон. Долго време постоеше една клима, односно една заблуда со која се минимизираше надлежноста на единиците на локалната самоуправа, но за среќа делумно еволуираа оние кој што ја поддржуваа оваа клима, односно оние кои сметаа дека локалната самоуправа не може да формира јавни служби, не може да има јавни инспекции, не може да има управни органи итн. при што се покажа дека долго време се толкуваше погрешно и Уставот, бидејќи оние 5 члена од Уставот беа погрешно толкувани, не само од страна на Владата, не само

од пратениците, туку и од страна на науката, така да излезе дека целата оваа работа еволуираше, односно сепак се покажа дека се во право оние кои сметаат дека локалната самоуправа, освен надлежности на самоуправа треба да има надлежности и на управа дека овие органи треба да постојат. Затоа лично сметам дека и покрај тоа што и понатаму се присутни одредени недостатоци во овој закон, овој закон треба сепак да се подржи, односно од сите 20 званични или незванични верзии сепак претставува еден чекор напред. Добро е и тоа што беше нагласено од претставникот на Владата министерот Владо Поповски, кои покажа една голема флексибилност, па голем број на амандманите и на забелешките ги поддржа во комисиските расправи, исто така соработуваше со заедниците на општините и градовите и цело време самиот тој учествуваше во овие комисии, значи цело време беше во текот на настаните што би можело како што кажа и пратеникот Беличев, да претставува поука и за други министри при донесување на вака значајни проекти.

Покрај прифатени некои амандмани, понатаму ќе се задржам во моето излагање постојат доста шанси и овој текст да се подобри, со прифаќање, мислам дека дел ќе бидат прифатени од страна на претставникот на Владата. Добро е што користат одредени искуства на земји со парламентарна демократија, но истите исто така се прилагодени на нашите специфики, па се напуштија оние фамозни филозофски изрази така е секаде во светот, така е секаде во Европа итн., затоа истите беа доста апстрактни. Бидејќи е нормално да има и различни системи на локална самоуправа што кажа и пратеникот Димов дека е шаренолика поставеноста во Европа и во светот во однос на локалната самоуправа. Но сепак треба да се констатира дека најголем број на

земји со развиена парламентарна демократија е присутна обратна појава, односно присутна појава на се поголема децентрализација и деконцентрација на власта, што изгледа конечно и кај нас ќе биде сфатено. Може тоа да се види делумно од овој закон односно во овие земји е присутен еден обратен процес при што се зајакнуваат надлежностите на локалната самоуправа. Ова е сосема нормално бидејќи граѓаните како најблиски до нив ги сметаат единиците на локалната самоуправа, а не органите на државна власт и не е чудо што тие во овој 4-годишен период без оглед на надлежностите секогаш се обраќаат до локалната самоуправа. Се уште не е јасно дали е напуштена исто така погрешна клима дека секаде во светот, секаде во Европа, како што беше кажано од некои пратеници, општините се мали со две до три илјади жители е сосема погрешно и не е точно, бидејќи постои; и тука голема шареноликост, бидејќи постојат во одредени земји и големи општини, постојат мали општини, така да не е точна онаа констатација од дискутанти која беше дека општините во светот се 2, 3, 5 илјади и тоа можам да го посочам не само со пример на земји, туку и со пример на некои градови каде што се присутни општините со неколку стотици илјади жители, тука би ги навел градовите Берлин, Ротердам и тн. во Западна Европа, каде што се општините во просек над 100 илјади жители, а да не зборуваме за Истанбул каде што една општина е 3, 4 милиони жители во просек и оваа констатација би требало да се има предвид при евентуална територијална поделба, односно кај оној закон за територијална поделба кој најверојатно ќе дојде наскоро.

XII/6

При изготвувањето на законот предлагачот очигледно се определил да ја подржи онаа општа клима која се создаде во јавноста и во медиумите и ја прифати концепцијата на градоначалникот, што можеби е добро, бидејќи имаме и тука различни системи во светот и во Европа, имаме системи парламентарни, на локална самоуправа со градоначалник и без градоначалник, така да и тука една компарација дека е така секаде и таа би отпаднала, меѓутоа, таа клима беше создадена и предлагачот на законот ја поддржа таа клима, по некои беше и наметната, меѓутоа, сепак преовлада едно општо мислење во една поширока расправа дека е тоа добро и како така најверојатно би требало да остане.

Инаку, се зборуваше и веста и понатаму се зборува за блокадата која што беше и која што беше присутна и дека системот на градоначалниците ќе ја одбегне оваа блокада што е по мене погрешна, бидејќи блокади имало и ќе има и блокадите се пред се однос на резултатот на односот на политичките сили во самите совети, во самите собранија, така да не значи дека овој закон сите проблеми ќе ги реши и дека со донесување на овој закон ќе престанат блокадите, тие се и денес присутни во единиците на локалната самоуправа и во други земји и ќе бидат најверојатно и кај нас присутни, бидејќи не се причина само нерегулирани односи и погрешна една илузија дека со донесување на овој закон наеднаш се ќе заживее, наеднаш се ќе тргне многу рапидно напред. Ова ќе претставува само еден чекор на надминување на многубројни проблеми, а заживување на локалната самоуправа освен овој закон е потребно и донесување на низа други закони кои што ќе го следат законот за комунална дејност, така да овој закон сам по себе не може да заживее.

Се поставува прашање дали овие надлежности кои се дадени можат да се извршуваат со ваков начин на финансирање, сигурно дека не, потребно е да се поддржи она што беше кажано и во расправата, а не е прифатено во досегашната расправа, единицата на локалната самоуправа дека треба да се финансира од дел на данокот на промет на стоки и услуги, да се утврди со посебен закон, тоа е неопходно и тоа би бил голем прилог во понатамошна децентрализација и деконцентрација на власта. Впрочем, ние пред две години го имавме тој систем кога делот односно процентот од данокот на промет на стоки и услуги останувате во единците на локална самоуправа, без тоа не би можела во целост да заживее локалната самоуправа.

Исто така, накратко само би се осврнал на некои решенија, бидејќи за нив ќе стане збор во расправата по амандманите, ова што го кажа дека бројот на членовите на советот е сепак дискутабилен, независно од големите на единиците на локалната самоуправа, така да не може еден град од 800 односно 600 иљади да го застапуваат 20 членови на Советот односно 20, 25 одборници, под претпоставка да законот за избори биде прифатен мнозински принцип, во Скопје би имале 32 пратеника, а 25 одборника, значи изборна единица за одборник би била многу поголема отколку изборна единица за пратеник што исто така би било неприфатливо.

Во дискусиите беше искажано дали е потребен претседател односно претседавал на совет, јас би се приклучил дека е потребен, бидејќи градоначалникот очигледно интенцијата на законот е да биде извршна власт. Едно е градоначалник, едно е претседател на совет односно претседавач како се зборува по мене тој би требало да биде претседател, бидејќи претседавал на совет како што би рекол како што

некој претседава на една седница или две, така да за еднократна употреба и претседавач на совет еден синонимен термин од минатиот систем, впрочем и минатиот систем го напушти тој термин претседавач.

На крајот само би се осврнал на месните заедници, мислам дека доста штуро се опфатени месните заедници, бидејќи по низа расправи сепак се дојде до едно сознание дека барем во овој период треба да постои облик на месна самоуправа, без оглед дали ќе бидат во вид на квартови, месни заедници итн., така да доста штуро е обработена оваа материја, бидејќи сепак и во овој систем на развој на 5 годишен плурализам кај нас тие го оправдаа и го најдоа своето место, така да беа носители на низа активности, не само од локален карактер, туку и од државен карактер итн.

Во врска со ова, исто така би напомнал и тоа деталните урбанистички планови не би требало да одат ' на согласност, односно би требало да с,е предвиди во случај да не биде донесена согласност, истото се однесува и за програмите за уредување на градежно земјиште, при што би се јавила една пак позиција и во комисиските расправи беше исто така истакнато дека доколку не се даде таа согласност локалната самоуправа да донесе таков акт што понатаму односно дали би требало да има некој арбитар, суд или нешто друго тоа да го пресече, односно во кој рок би требало да се чека оваа согласност. Тука беше искажано дека роковите во законот за управна постапка се доста долги и тие треба да се скратат. Но сепак овие решенија се надевам во амандманска расправа ќе бидат надминати и на крај во амандман на Владата во последниот член во став 2 каде што е кажано дека одредбите од став 5

ќе се применуваат дури по следните избори, исто така е неприфатливо, бидејќи дел од тие одредби во глава V и така се неприменливи до наредни избори, меѓутоа, дел од овие одредби и те како мора да се применуваат со цел да профункционира локалната самоуправа и не би било добро оваа одредба да остане бидејќи суштината е во таа глава V бидејќи после 1 година или после 2-3 месеци би било продолжување на таа агонија на блокадата на собранијата.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, прво да изразам задоволство дека овој Парламент почна да личи во динамиката на стариот малку за да дојде некој до збор треба да се пријави 4 часа порано најмалку. Јас ќе се обидам во дискусијата да бидам крајно рационален, затоа што мислам дека веќе нема и што ново да се каже. Нормално дека неопходноста од донесувањето на овој закон постои), можеби во една или друга форма треба да се потенцира дека е вложен многу труд кој не треба да се препише само на една Влада, туку на 3 посебни влади во континуитет, и мислам дека тоа почнува да станува хендикеп на самиот закон, мислам дека премногу се усложни самиот закон со толку многу работа врз него и со толку голем временски период на процедура во ова Собрание. Во секоја нова фаза по нешто се додаваше, некоја нова комбинација се правеше и со тоа не се поедноставни туку се усложни механизмот на функционирањето на локалната самоуправа. Треба да се потенцира, дека е добро што во неколку фази и особено во последната фаза во работата на законот е вклучена и меѓународна експертиза во облик на експертиза од Советот на Европа и мислам дека и тоа исто така е за одбележување. Исто така

XII/10

мислам дека ова Собрание треба да потенцира дека во овој и во минатиот состав се доведе во ситуација концептот на законот за самоуправа за кој ќе гласа во светот на случајност, значи особено имајќи предвид дека коалицијата која ќе го понесе главниот товар по гласањето на овој закон е истата од 1992 година до денес, го сведе на случајност затоа што во периодот од 3-4 години сосема спротивни концепции на функционирањето на локалната самоуправа на нејзините организациони аспекти и органи беа презентирани, зависно од тоа кој министер во тој период го предлагаше законот.

XIII/1/ДВ/лј

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Без разлика што во основа една коалициона политичка концепција стоеше зад него, во Владата и во парламентот. Така да без импликации што може да се шпекулираат врз основа на ова, доколку нов министер го предлага по четврти пат овој закон, можеме да очекуваме сосема нова верзија на нови пронајдоци во Законот и мислам дека во основа тоа го сведува парламентот и Владата коалициона, последните три години, на недоволно сериозна врз основа на работа врз концепт а го сведува сериозен секој поединечен министер кој буквално својот концепт на еден или на друг начин го протура низ овој парламент и Влада, секогаш под некој притисок и на крајот испаѓа дека во овој парламент тоа е продуктивно, под притисок на Владата да се изгласа концепцијата, без разлика дали само една година пред тоа оваа иста коалиција имала поинаква концепција, или неколку месеци пред тоа.

Мислам дека треба да се потенцира, иако не мислам дека ќе вроди под потенцирањето на фактот, особено кон оваа Влада која по неколку причини не сериозно се понела кон своите досегашни предлози во Парламентот, треба да се потенцира дека овој закон го носиме, свесни дека може да функционира само во една нова територијална повелба на РМ. Меѓутоа, од моите разговори со парламентарци и со членови на Влада, исто така свесни дека нема да бидеме во можност уште долго да ја извршиме таа територијална поделба на локалните заедници во Република Македонија. Ако оваа претпоставка која не мор да биде точна, меѓутоа, јас мислам дека заслужува сериозно внимание, се оствари, тогаш можеме да кажеме дека ќе гласаме и за нецелосно или недоволно успешен концепт на закон за локална самоуправа кој не се базира, таков каков што денес го гласаме, врз општини со толку големи територии, со

толкав број на население, со таква поставеност. Досега не добивме сериозни гаранции од оваа Влада ниту пак од нејзиното однесување од досега други поднесени документи кои биле врзани со натамошни активности и уверување дека ќе бидеме во можност како парламент да ја сносиме одговорноста, овој систем да профункционира врз такви основи.

Мислам дека треба да се искаже и стравувањето дека сме во фаза на донесување на закон за локална самоуправа кој дефинира еден добар дел од нашиот живот во државата, меѓутоа за него нема да имаме консензуална поддршка, очигледно во парламентот ќе ја немаме доволната консензуална поддршка на вака значаен проект, а уште помалку ја имаме од она што го слушнавме досега низ средствата за јавно информирање, поддршката односно консензус по овој проект од оние политички сили кои претставуваат дел од гласачкото тело, а се наоѓаат надвор од парламентот. Значи, постои еден однос на сили кој е недоволно цврст за да може стабилно да веруваме во спроведувањето и функционирањето на ваков систем. Нормално дека се преплетуваат концепциите за што некои мислат дека треба да се спроведе поголема децентрализација на Власта со поголеми надлежности на локалната самоуправа кои наоѓаат свои аргументи кои ги слушнавме на оваа говорница. Ние сите сме свесни какви се уставните рамки кои сами ги избравме, за локалната самоуправа. Се уште постојат веројатно некои граници во кои може да се оди кон натамошна децентрализација и тука постои објективно една волја во парламентот за таков процес, меѓутоа, очигледно дека постои и една интенција што уште повеќе ја продлабочува поделбата во парламентот па дури и во одредени пратенички групи, особено кај оној дел на луѓе кои размислуваат дека кај локалната самоуправа треба уште помал број интервенции кон

натамошна централизација што исто така има своја аргументација и свој резон во една така мала држава со мала територија, со мал број на население, со можности за успешно остварување на централната власт и во единиците на локалната самоуправа итн. Мислам дека со вакви предуслови во кои се донесува законот и со овој концепт кој е понуден, веројатно Владата во целина и надлежниот министер ја преземаат одговорноста од евентуалното недонесување на овој закон. Меѓутоа, мислам, исто така, со концептот ја превземаат и одговорноста од тоа како ќе функционира цела оваа композиција или збрка направена во законот по неговото денешно, утрешно или наредно донесување во парламентот.

Објективно мислам, повеќе пратеници говореа, само ќе кажам накратко затоа што би се повторувал, дека врз основа на овој закон с можни два вида на блокади во државата. Едната блокада би била внатре во локалната самоуправа, внатре во нејзината композиција особено помеѓу органите во локалната самоуправа како што се зацртани: градоначалник, совет, администрацијата итн., со евентуална можна блокада која беше елаборирана од четири пратеници, како би можело да дојде до функционирањето. Исто така мислам дека постои со овластувањата кои се дадени во Законот, евентуална блокада на релацијата локална самоуправа, државни органи. Кога велам државни органи мислам, пред се на Владата. Оваа блокада не ја гледам од функционален аспект. Ингеренциите на Владата придонесуваат, дефакто за успешно функционирање на овој сегмент, меѓутоа, не како функционирање на единица на локална самоуправа со тие ингеренции, туку функционирање на државната власт над локалната власт. Мислам дека тоа исто така е блокада на локалната власт, доколку се

применуваат тие механизми кои се можни согласно овој закон. Исто така, ќе набројам бидејќи и тоа беше доста елаборирано од повеќе парламентарци во овој највисок демократски дом а и мое лично незадоволство произлегува од содржината на Законот која е понудена во пет дела: надлежностите, организацијата, на органите на локалната самоуправа делумно во имотот и финансирањето, делумно во месната самоуправа, особено од аспект на натамошната претстојна, ако воопшто дојде во наредниот период, парцијализација на сегашните општини и во сферата на употребата на јазиците. На пример јас сум поборник на образован во државата кое нема да зависи, покрај другото и од степенот на развиеноста на единиците на локалната самоуправа во која ученикот, или студентот или оној кој го остварува образованието, го остварува. Со законот на пример се враќаме или можеби воведуваме еден систем во кој сите ние ќе имаме едно загарантирано ниво, меѓутоа и едно екстра ниво, зависно од тоа каде живееме. Кој живее во пасивните краишта ќе има помалку шанси во образованието да се образува, од материјален и финансиски аспект на еднаков начин со оние кои живеат во развиените единици на локалната самоуправа каде што имаат повеќе приходи и може да финансираат евентуално по современи начини на образование. Мислам дека тука ќе произлегува една нерамноправност на граѓаните на Република Македонија која им ја гарантираме ние со Уставот да биде рамноправно. Или пак може би моите политички сфаќања, ако сакате и така, за кои имам легитимно право да ги изнесам пред овој парламент. Моите политички сфаќања се однесуваат на тоа дека во сферата, на пример на ниво на образованието не би смеело овој парламент да дозволи да имаме радикални па и значајни разлики во опременоста на образованиот процес, поддржан материјално и финансиски од страна на

локалната самоуправа, над она што го дава државата. Мислам дека тука воведуваме во старт една категорија на граѓани кои се во образованието макар и делумна нерамноправност. Има таму интервенции на локалната самоуправа врз овој основ и во здравството, културата, итн. Дури се воведени и некои во сферата на економските односи кои не знам дали се, може би не толку практично, меѓутоа, вака на ниво на еден концепт кој го градиме, дали и локалната самоуправа треба да има било какви компетенции во сферата на уредување на економските односи. Зошто во некој а локална самоуправа некој да има подобри или полоши услови за стопанисување, за економска промоција, отколку во друга локална самоуправа, а тоа да е зависно од материјалната состојба на локалната самоуправа. Мислам дека треба да обезбедиме единствен економски простор во Република Македонија, на буквален начин единствен економски простор.

Вака како што јас ги гледам ги гледам овие работи, законот се донесува до услови на хендикеп, во услови на немање консензус за него во парламентот и вон парламентот и мислам, дури и во услови на оние кои ќе го гласаме законот, евентуално нема да имаме полно убедување дека е тоа што треба да го изласаме, после сето тоа што се случи во изминатите неколку години. Меѓутоа, исто така, треба да признаеме дека се наоѓаме под еден формален или неформален притисок од органите на Владата да мораме да го прифатиме, повеќе кратен притисок дека мораме да го прифатиме и да го гласаме овој закон Затоа мислам дека одговорноста на Владата ќе биде во овој случај малку поголема од одговорноста на Парламентот во случај на прифаќање или неприфаќање, а не доволна можност за функционирање на локалната самоуправа по овој закон.

XIII/6.-

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници. Законот за локална самоуправа кој претставува еден од поважните системски закони, а за граѓаните можеби и најважниот бидејќи со овој закон очекуваат толку далечната и таинствена власт да им се приближи и да им се овозможи непосредно да учествуваат во одлучувањето по одредени прашања од локален интерес.

Имајќи ги предвид определбите на Република Македонија да ги прифати демократските вредности на Западната цивилизација, со овој закон би требало да се потврди таквата определба со доследно почитување на Европската карта за локална самоуправа.

Бидејќи еден од поважните принципи и принципот на децентрализација на Власта, со овој закон очекувам тоа доследно да се изведе и тој принцип да стане еден од покрупните демократски достигања во Република Македонија, а со тоа и локалната самоуправа да го добие местото што го заслужила.

Припадниците на националностите, а посебно ние од албанската националност од овој закон очекуваме многу. Со право се надеваме дека со инкорпорирање на европските вредности ќе им се овозможи да ги изразат своите национални посебности и да го зачуваат својот национален идентитет.

Во минатото овој парламент знаеше да носи такви одлуки ко и го нарушуваа текот на живеењето во Републиката. Како најеклатантен пример јас ќе го спомнам законот за државјанство со кој и ден денес граѓаните на Република Македонија се соочуваат и имаат огромни проблеми. Обрнува внимание дека со некои одредби кои се содржани во овој закон односно со ускратување на неколку постоечки права кои сега ги имаат припадниците на националностите, може да се предизвика

таква ситуација во која голем број на граѓани припадници на националностите ќе се осеќаат ускратени и излажани.

Над овој закон уште од самиот почеток, како што всушност и во некои дискусии беше наведено од моите колеги пратеници, се наби сенката на несредените меѓунационални односи кои уште придонесуваат определување на уставната рамка што придонесе овој закон да не го добие третманот и начинот кој го заслужува. Тука пред се мислам на едностепеноста која е определена од уставната рамка, а која и во овој закон се промовира како еден од принципите.

Ќе се осврнам на неколку прашања кои сметам дека се битни за да се добие конзистентен и докрај добро изведен закон за локална самоуправа, а пред се тука ќе ги набројам некои прашања кои и други пратеници ги покренаа, како што е децентрализацијата и деконцентрализацијата на власта, повеќе степеноста, повеќетипноста и се разбира автономноста и тоа во поглед на можноста самостојно да ги вршат функциите и во поглед да имаат доволно финансиски средства реално да им се овозможи вршење на тие работи. Според мене овие принципи не се докрај почитувани, иако некои од нив и во самиот закон се спомнуваат како принципи од кои е поаѓано и конципирањето на овој закон.

Децентрализацијата на власта не е докрај изведена и уставните начела наброени во член 115 став 1 и 2 каде се набројуваат надлежностите кои се од карактер на изворни надлежности и начинот на кои општината ги врши тие надлежности, а тоа подразбира самостојност во вршење на тие работи. За жал со овој закон не се испочитувани.

Со одредбите кои го третираат прашањето на надлежностите може да се констатира дека само симболично им се дава можност да учествуваат во вршењето на работите од изворната надлежност, во

широк спектар на надлежностите наброени во член 115 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Деконцентрализацијата на надлежностите односно доверените надлежности кои би требало да уследат со другите закони, сметам дека на начин како е оставено да се изврши со други закони, не е баш најсреќно избран начин, бидејќи со овој закон сметам дека постојат одредени можности уште од сега да се предвидат тие области во кои општината може многу поефикасно и порационално да ги врши работите за сметка на централната власт.

Второто прашање кое што е битно според мене е промовирањето на локалната самоуправа од еден степен што според мене го оневозможува вистинското вклучување на граѓаните во вршењето на работите од локално значење. Поради запазувањето на моделот на големи општини односно од неможнсота да се промовираат мали општини во прв степен, а во вториот степен да се соединат за вршење на работи од заеднички интерес, сметам дека се нанесува голема штета на локалната самоуправа граѓаните се оддалечуваат од можноста директно да бидат вклучени во работите од локален интерес. На овој начин, освен тоа, сметам дека ќе се разбијат и географските историските и интересните целини со формирање на нови центри, општински центри, со што сметам ќе се создаде една нелојална компетенција помеѓу езерото на градот и другите општини кои ќе се формираат од околу. Сметам дека ова е голем недостаток на овој концепт што со оваа уставна рамка нема да може да се премавне.

Сметам дека битно е уште едно прашање за добивање на закон кој ќе биде конзистентен и ќе ги предвиди сите ситуации кои може да настанат во реалноста, а тоа е повеќетипноста на општините. Со овој закон, барем според мене сметам дека се промовираат едно типни општини односно општини за кои овие надлежности што сега ги утврдуваме со овој закон на сите им припаѓаат.

XIV/1.- НН/ЉР

**МЕВЉАН ТАИРИ**: (продолжение)

Но, во секој случај сметам дека и вака како што е констатирано не е оставена можност да постојат и селски односно други облици на организирање на локалната самоуправа каде што некоја општина нема потреба да ги има сите тие функции, но има потреба од некои други функции кои што се од интерес за нејзино информирање.

Понатаму сметам дека автономноста во вршењето на работите од извозна надлежност е директно нарушена со начинот на кој што се третира финансирањето. сметам дека средствата предвидени во членовите кои што го третираат ова прашање се апсолутно недоволно и дека на овој начин предвидените извори на финансирање ги оневозможуваат општините самостојно да ги вршат надлежностите бидејќи ке бидат подвргнати на постојана зависност од централните органи, односно од Владата која што ќе треба да дотира одредени средства за вршење на функциите.

Освен овие прашања кои што се чисто од глобален карактер и како мои забелешки за тоа што придонело Законот да не ја добие таа физиономија што би требало сметам дека некои прашања што се директно третирани во посебни глави бараат малку посеопфатна анализа и расправа за да може да се добие и подобри решенија.

во првата глава каде што зборува за соработката и здружувањето сметам дека во член 11 иако Владата интервенира со амандман во кој што го брише членот 11 односно не предвидува некоја забрана за здружување во регионални заедници, сметам дека членот што постоеше и сегашната интервенција е чисто од политичка природа и предвидува некои настани кои што би можеле да настанат во одредени општини кои што сметам дека со овој закон не треба да се третира. Државата има и

механизми и средства и закони со кои што третираа такви ситуации и тоа во овој закон не би требало да се најде.

Основањето и подрачјето на општините сметам исто така дека е важно поглавје со кое што се навлегува во една процедура која што во иднина треба да настане, но која што и со овој закон одредува едни критериуми и рамки во кои што треба да се движи.

Посебно имам забелешки на две прашања кои што и од други мои колеги беа загатнати, а тоа е членот 14 и критериумите кои што се предвидуваат ха формирање на нова општина. Сметам дека одредбата со која се предвидува постоење на инфраструктурни објекти на една општина е прашање кое што треба да се исфрли од овој закон и од ова поглавје и тоа да се остави на Законот за реална поделба, а освен тоа со ова прашање мислам дека се оневозможува одредени центри кои што претендираат да се издигнат на ниво на општина и да го подобрат квалитетот и стандардот на живеење на населението тоа и да го направат. Не знам што подразбира точно предлагачот, иако некои аспекти од тој предлог ви се познати, но во секој случај сметам дека со ваквиот начин на третирање на овој проблем се остава доволен простор за волонтеристи ко и арбитрарно одлучување по тоа кој реон, кое подрачје ги исполнува, а кој не овие услови.

По однос на основањето на новите општини исто така имам сериозна забелешка на член 16 односно сметам дека тука треба да се вгради еден принцип со кој што при формирањето на новите општини ќе се води сметка да тие настанат посериозни нарушувања на меѓунационалните односи со промена на национална структура на одредени подрачја и губење на одреден статус на некоја националност. Со ова мислам дека при формирањето на овие општини би можело да се

створи таква ситуација при која што една националност може да биде опфатена за едно подрачје од каде што може да го изгуби статусот на 50%, или 20% и да отпадне под режим, под друг режим кој што е многу понеповолен по одредената националност. Сметам дека по ова прашање овој

Парламент и Владата треба да обрнат соодветно внимание и да не да дозволат дојде до нарушување на меѓунационалните односи.

По однос на надлежностите кои што се наброени во член 115 од Уставот, а кои се од природа на изворни и доверени сметам дека со третманот кој што му е даден во член 18 од Законот, а посебно во точката 20 од тој ист член и точката 4 од членот 19 каде што се третира учеството на општината во одлучувањето од областа на културата, спортот, социјалната заштита, претшколското воспитување, основното образование, примарната здравствена заштита и сите тие други работи сметам дека се во директна коалиција со член 115 став 2 од Уставот, каде што Уставот упатува на самостојно вршење на надлежностите кои што ќе бидат дадени на општината. Сметам дека во овој поглед треба да се направат одредени интервенции и да се предвиди дека во областа на културата општината ги има следните ингеренции. Во областа на спортот следните, на пример, развојот на мрежата или работи што се од таа природа во областа на културата, само дејностите... во секој случај да учествува во одлучувањето значи да има дел од тие работи, од тие области кои што се наброени во член 115 и за тоа самостојно да одлучува.

Од еден дискутант исто така беше потегнато прашањето на концептот на организацијата на локалната самоуправа. Сметам дека за РМ како држава во која што во одредени општини е присутно мешано население ваквиот концепт на градоначалник и совет го оневозможува тоа функционално коалицирање и поделба на ингеренциите и на тој начин може да биде еден од проблемите со кои што може да се соочат

општините затоа што при некоја несоодветна поделба на функциите во општината може да дојде до блокада која што тешко ќе може да се разреши. Во оваа смисла секако можеби на некој начин треба да се изнајде и механизам на заштита на интересите на групацијата која што е во малцинство, затоа што во еден случај тоа може да бидат албанците во Скопје, а во втор случај можат да бидат и македонците некаде на друго место. Сметам дека во овој поглед треба да се изнајде механизам на заштита на малцинските интереси, впрочем како што тоа треба да се направи и на ниво на Републиката:

Имотот и финансирањето на овој начин како што се третира ова прашање сметам дека нема да овозможи самостојност и реално функционирање на општината. Во оваа смисла сметам дека кај финансирањето треба да се интервенира со одредени можности државата да им преотстапи одреден дел од законот на прометот на услуги и акцизите и сите тие други приходи се со цел општината да располага со разновидни приходи и во случај да не се остварува едниот другиот да може да го надополни. Исто така, во овој поглед го ценам напорот на министерството во изнаоѓање на соодветна форма за делбениот биланс кој ќе настапи, но сметам дека тука апсолутно треба да се остави можност општината да располага со соодветен станбен фонд и деловен простор. Ова се со цел за да може навистина таа грижа за социјалните проблеми со кои што се соочуваат граѓаните да добие во смисол. Инаку, вака како што е гола оставена тука целата таа работа е само на ниво на декларативно изјаснување.

Кога го спомнав прашањето на деловниот простор односно отстапување на дел од деловниот простор сметам дека е ова важно прашање за да може општината навистина реално да води грижа и да го поттикнува развојот на туризмот, занаетчиството и угостителството. Вака како што е оставено без да има одреден свој имот општината нема да

може тоа реално и фактички да го изведе. Познато е дека во многу општини постојат интереси да се зачуваат одреден број занаети, да се развијат одредени функции од областа на угостителството и туризмот. Бездна има општината ваков имот тоа нема да може да го оствари. Сметам дека во овој поглед во натамошниот делбен биланс сигурно дека треба да се остави простор за соодветна интервенција.

Надзорот на органите на локалната самоуправа исто така сметам дека е важен сегмент кој што се третира и со кој што се навлегува во автономноста на вршењето на функциите на локалната самоуправа. На овој начин како што е решено ова прашање сметам дека на одреден начин Министерството односно Владата ги презема ингеренциите што ги има Уставниот суд да определува заштитни мерки кога се донесени акти кои што се во спротивност со Уставот и законот. Сметам дека такви прашања се во исклучителна надлежност на Уставниот суд и дека Владата нема право да постапува на тој начин.

На крајот сметам дека едно од поважните прашања е прашањето за одредбите за службена употреба на јазиците. Не потценувајќи го напорот кој што е направен од страна на Министерството на некој начин да се изнајде еден компромис како што беше истакнато и од еден мој колега пратеник за овие прашања сметам дека во секој случај тука далеку е од тоа да се изнајде решение и да се понуди решение кое што ќе соодветствува со реалните потреби на националностите, а во овој случај посебно мислам на албанската националност. Во овој случај сигурно дека тешко ќе биде да се изнајде некое друго решение кое што ќе биде во овој момент прифатливо и во овој случај во овој момент го изразувам само своето незадоволство што овој Парламент односно Владата ја немаше таа храброст малку похрабро да пристапи кон ова прашање и да понуди решение кое што ќе биде прифатливо и за нас, со кое што и ние би се приближиле до можноста да го поткрепиме овој закон.

XIV/6.-

И на крајот само да истакнам дека сметам дека една сериозна сенка ќе стои над овој закон, а тоа е неприфакањето на една сугестија на експертите од Европскиот совет кој што вршеле експертиза на овој закон, а тоа е прифаќањето на факултативната можност општината сама да си дореди да ги спроведе членовите 90 и 91 во својата општина. Сметам дека ова прашање иако не би предизвикало сериозни консеквенции во државата, во секој случај би дало можност да се направат одредени подобрувања.

На крајот да истакнам дека покрај овој закон како предуслов да може да се остварува локалната самоуправа на начин кој што ќе биде функционален и кој што ќе овозможи да доживее потребно е и во градот Скопје што побрзо да се донесе законот за локалната самоуправа, посебниот закон за град Скопје, а истовремено што побрзо да се пристапи кон изготвување на територијалната поделба на Републиката.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, вечерва е залез на денот, а јас сакам да се почувствувам во атмосфера што би значела залез на оваа агонија во која еве без малку 5 години се остваруваат општините во РМ, а јас би рекол се остварува македонската држава.

Имаше некои заложби што сакаат да потсетат дека со овој закон ќе одиме во Европа, јас би бил среќен со овој закон да успееме да појдеме на купиштата ѓубре во РМ. Со овој закон да добиеме можност да се организираме да ја очистиме македонската држава што еве на очигледно на сите веќе е престорена во огромна депонија на она што не ни прилега. Дали во овие 4-5 години и со овие 3-4 министри успеавме да се доближиме до она што е наша основна цел, да изградиме рамки на однесување кои што значат задоволување на интересите на граѓаните

во општините во кои живееме. Јао мислам дека врз основа на сето она што беше ангажирано во изминатиот период, врз основа на она што беше отворена можност за партиципација во градењето,во гледањето на Министерството за правда успеавме на некој начин да дојдеме до она што е наша цел. Далеку сме веројатно од тоа да понудиме денеска да расправаме за идеален закон. Всушност во повеќе земји во кој демократијата се раѓа онака како што се раѓа во нашава држава овие закони се донесуваат и после некое брзо, неочекувано време се надополнуваат, се надградуваат. Такви искуства ние имаме и од нашите соседни земји, или земји кои што наликуваат едно време на нас.

На крајот од видувањата и од овие судрувања што објективно ги имаме како претставници на општините со централната власт доаѓаме до нешто што е пожелно. Ние денес гледаме дека многу различни гледања скоро и немаме. Ако зборуваме за податок во кој 90% од заложбите на заедницата на општините на РМ се прифатени од страна на Владата и од страна на минситерот тогаш можеме објективно да зборуваме за високо содејство во напорите за изградба на еден ваков пожелен закон. Што остана недоречено? Веројатно недоречено е она што ќе го дорече амандамнската расправа во текот на утрешниот, или не знам кој ден, а тоа е делот финансии за единиците на локалната самоуправа. Тука веќе имаме појдовно разбирање од ресорниот министер, јас се надевам дека ќе го искристализираме тој проблем. Останат е недоречен, или отворено недоразбирање делот урбанизација во единиците на локалната самоуправа. Тоа е повеќе недоразбирање факт со ресорното министерство отколку со Министерството за правда, Јас сум должен во расправата по овој закон во предлог на закон да изнесам едно чувство што конечно го има заедницата на општините и градовите во РМ дека ќе дојдеме до можноста да кажеме дека сепак сме легитимни за функциите што ги извршуваме во општините и дека сепак

ќе можеме на крајот од краиштата да создадеме легитимна власт во единиците на локалната самоуправа. Ние велиме дека законите личат еден на друг сите овие дваесетина верзии, или колку се. Мене министерот ми замери во една прилика кога реков не личат на од пред не знам која верзија, сетете се ако едно време споменевме определба во законот да зборуваме за локална власт тоа ќе значеше дека ние сме некои непријатели на системот во оваа македонска држава. Ние денес од устата на министерот слушаме дека со овој закон всушност ја конституираме четвртата власт во Република Македонија,

**БЛАГОЈА СИЉАНОВСКИ**:(Продолжение)

Истото се однесува на околноста ако некогаш спомневме да имаме инспекција во единицата на локална самоуправа, што сега ја имаме фатот што ние не се доразбираме во некои подрачја од животот што треба да го имаме во општините,зборува само за потребата од еден дополнителен напор во оваа фаза. Еве, денес тој напор го имавме, веројатно и утре ќе го имаме, да испегламе одредени гледања, да застанеме на ниво на одговорноста што ја имаме пред себе и пред државата или пред граѓаните на РМ,да сфатиме дека ова не е повод да го истуриме сиот наш партиски, национален и не знам каков набој на оваа говорница, особено не во фазата на гласањето по предлогот на законот.

Јас ќе завршам со едно обраќање, една молба до сите. Има забелешки по Предлогот на законот, меѓутоа, да најдеме сили законот да го донесеме. Некој рече дека одговорноста за донесувањето или не донесувањето на овој закон повеќе ќе има Владата помалку парламентот. Јас мислам дека е токму спротивното од тоа. Ако се укажуваше на минатиот парламент што не наоѓаше сили да ги донесе систем- ските закони, тогаш знаете дека првостепено очекување на јавноста од овој парламент е точна што побрзо да ги донесе системските закони, а во редот на тие закони секако можеби од првостепено значење е донесувањето на овој закон. Само така ќе можеме да најавиме едно спокојство во општините во РМ, само така ќе можеме да гарантираме пред граѓаните поефикасно и поевтино извршување на функциите на единиците на локалната самоуправа, иако во моментот ја не сум уверен дека заедно со ефикасноста ќе обезбедиме и евтина локална самоуправа, затоа што нашите залагања што го изградија овој Предлог на закон зборуваат дека ќе имаме сепак поскапа локална самоуправа.

XV/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани и нема повеќе при- јавени дискутанти.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денес не затоа што морам, туку само затоа што сакам да дебатирам, а да не предизвикувам повторно односно по трет пат пауза и да не бидам повторно односно по трет пат недоречен. Значи, денес јас на јазикот на"Втората страна", другите како сакаат, а друг пат било порано или кога ќе се среди бариерата јазична, кога ќе се создадат услови, кога и како ќе ни одговара, т.е. како ќе ни биде ќеифот, како ќе сакам јас , односно како ми налагаат уставните и деловничките одредби и кога ќе се толкуваат и применуваат дословно, точно, објективно.

Господа противници , денес пред нас се наоѓа еден од најважните предлози, Предлогот на законот за локалната самоуправа односно треба да се донесе законот за таканаречената четврта власт, општинската власт, власта во која граѓаните чии сме ние претставници, било народни или владини и кога треба да ги остваруваат своите загарантирани и неприкосновени права, но да ги извршуваат и своите должности за сестран развиток и прогрес на своите огништа.

После долгогодишното пролонгирање на постапката за донесување на овој закон, пролонгирање со кое се пречекорени и уставните барања, а тоа значи дека на најдрастичен начин се повредени неговите одредби после десет или пак осумнаесет верзии, после толку неслагања на предлагачот или пак предлагачите во внатрешен и надворешен план, после толку затезнување кога и за овие месеци на

работата на составот на овој парламент имавме некои добро составени предлози и на други закони и кога се очекуваше токму овој да биде на прилично високо ниво и од формално - правна и од материјално - правна гледна точка, од научен карактер, за жал од двата аспекти мораме да бидеме сите разочарани, а тоа се виде и од расправите што се водени скоро во сите собраниски комисии , со нивните презентирани ставови, за што сведочат и многубројните амандмани како од комисиите така и од одделни пратени^ и други институции. Според насловот кој треба да го содржи овој закон, акцентот паѓа на локалната самоуправа, значи во единиците т.е. општините главно е тоа дека тие треба да самоуправуваат, т.е. да имаат автономија во својата дејност во било кој да е поглед. Би требало многу време и место да се елабурира, дел по дел, глава по глава,пасос по пасос, член по член се она што треба да се опсервира , низ сите институции кои се обидува да ги презентира овој Предлог на закон. Најконцизно би можело да се каже следното.

Почнувајќи од надлежностите на единиците на локалната самоуправа преку непосредното божем учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите, правата и должностите, те одговорностите на избраните и именуваните и вработените лица, па се до актите на органите, имотот ифинансирањето, надзорот, распуштањето на органите, соработката, заштитата, одредбите на крајот на службената употреба на јазиците во единиците на локалната самоуправа сето тоа и многу што друго, не само што немаат скоро никаква врска со локалната самоуправа, посебно со ова последното, туку напротив како да се посака да се постигне од самиот предлагач намерно спротивен т.е. негативен ефект во правиот смисол на зборот. Имено, после стартувањето на новите демократски процеси и кај нас, наместо да се расчисти полека но сигурно со недалекото минато на монизмот, и формално и материјално се враќаме чекор назад. Наместо

XV/4.-

да се децентрализираат севкупните односи во единиците на локалната самоуправа, да се децентрализираат односите во сите домени на животот, овој Предлог на закон се враќа на првите години после Втората светска војна. Наместо да се разграничува локалната власт и да се даваат поголеми ингеренции во секој поглед, таа бива победна., бидејќи се оставени некои ситени надлежности, некои безначајни ингеренции, кои во крајната инстанца не значат ништо посебно, а и тие на крајот на краиштата само со една одлука можат да се суспендираат од централната власт во било кое време. Значи,сите прерогативи, посебно најважните се сконцентрирани во рацете на централната власт и тоа не на онаа која би требало да биде сепак надлежност за некои области, т.е на законодавната, туку на онаа која би требало да ги извршува законите и другите одлуки на легислативата. Значи наместо деконцентрација, децентрализација и демократизација на локалната власт, најважните области, па и оние најосновните се концентрирани во рацете на фамозната Влада на Втората страна. Наместо европските стандарди, а посебно добриот шаблон , картата на Советот на Европа за локалната самоуправа да се обработува, детализира и прилагоди на нашите специфични услови, предлагачот овие стандарди ги деградира, ги обезвреднува, ги девалвира на многу перфиден, фиктивен унитаристички, централистички и хомегенистички начин на тој начин што целата локална самоуправа останува само "табула раса" и на крајот ја починува под својата ригорозна контрола како за време на монархистичките династии кои веќе се еден реликт на горкото минато и апсурд на денешното време. Бидејќи за конкретизирање и материјализирање на моите ставови имам поднесено еден голем број амандмани, во оваа прилика да го концептирам само портретот на новиот орган на единиците на локалната самоуправа, ликот на градоначалникот, во кој без било какво сомневање се идентифицира

самата централна власт, т.е Владата на Втората страна. Еве како накратко во рацете на градоначалникот на локалната самоуправа, од една страна , е концентрирана целата власт и поставена е над Советот чии членови исто така се избираат на непосреден начин од страна на граѓаните. Меѓутоа, ако тој и служи на верен начин на Владата, тој е неограничен господар во општината, меѓутоа, ако нема да и биде лојален фамозната Влада може многу лесно да го смени и "баш га брига" за граѓаните кои гласале за него. Значи, во секое време градоначалникот може да биде отповикуван и тоа не од оние кои го избрале, т.е. од страна на граѓаните, туку од предлагачот т.е. од Владата по нејзин ќеиф, аферим. Овие неколку забелешки на овој Предлог на закон за единиците на локалната самоуправа се однесуваат на дискриминацијата, понижувачката улога и што не се на сите граѓани без оглед на национална, верска или друга припадност. Додека што се однесува на националните обрадувања на посреден или непосреден начин кои се однесуваат и на , или на припадниците на националностите, како спецификум на нивните потреби, барања и права, иако се обидува, сепак, перфидно и фиктивно да оди чекор напред, а посебно што се однесува до службената употреба на јазиците и тука се манипулира со ингенерис. При обидот за санкционирањето на употребата на јазиците во единиците на локалната самоуправа, дискриминацијата и манипулирањето се гледа и со процентите. Проценувањето на мнозинството над 50% односно во значителен број над 20%, доволно значи , само албанскиот јазик може да биде во службена употреба и тоа де јуре во 5 општини - Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Крушево, а дефакто и во Струга и во Куманово, додека во другите уште 11 општини, кои имаат значителен број или пак не се без значење , туку присутни во добра мера, ќе биде во употреба само во некои споредни сфери. Додека припадниците на другите националности се лишени во сите единици на

локалната самоуправа од службената употреба на својот мајчин јазик, со што се зголемува степенот на дискриминацијата, а тоа е и против важечкиот Устав и меѓународните конвенции кои и те како обврзуваат како "кондицио сине ква нон", детерминантно.

На крајот, да резимирам, надлежностите кои се даваат со овој Предлог на закон на единиците на локалната самоуправа се само една фасада која не значи скоро ништо. Затоа што и она што им се подарува од истата централистичка власт им се одзема во било кое време. Учеството на граѓаните во одлучувањето е само како гласачка машина за да му служи на своите цели на предлагачот и тоа преку Советот односно градоначалникот, па и главниот архитект. Организацијата и работата на органите е само формално право и служи како сервис на самата намера. Бројот на членовите на Советот е една апсурдна диспропорција со големината на општините, додека поедноставувањето на истите ќе отвора нови проблеми, а во поповолна положба може да биде да речеме Градот Скопје. Сликата на градоначалникот е театарско комедиографска и карикатурална природа. Актите на органите на единиците на локалната самоуправа можат да се оспоруваат и злоупотребуваат односно обезвреднуваат. финансирањето на единиците на локалната самоуправа не е целосно и доследно обработувано, односно на граѓаните им се одзема многу од својот труд, а скоро ништо не им се враќа и од давачките нема скоро никаква полза. Надзорот над законитоста на работата на органите на единиците на локалната самоуправа е не само антиуставна и против законска туку и апсурдна и по штета на сосема погрешна линија и се врши од самата Влада, кое исто така треба да му одговара некому и да му служи, а не да командува со легислативната власт и со граѓаните. Соработката помеѓу органите на единиците на локалната самоуправа, и подрачните единици на

министерствата и другите органи на државната управа е поценувачка и подредена до максимум. Институцијата на месната самоуправа исто така не е обработена на сериозен начин туку е формалистичка и стереотипна, а посебно бедно е презентирано финансирањето. Локалната самоуправа не само што не е заштитена, туку е загрозена од сите страни. Употребата на јазиците на националностите е чисто дискриминаторска.

Затоа, предлагам овој Предлог на закон за локалната самоуправа да не се прифати, иако е од итна природа и состојбата во општините е катастрофална, хаотична, мизерна, башибозлугна и од економски и од било кои погледи, па целата процедура да се врати уште еднаш на сериозно обработување и да се направи еден добар, поефикасен и подемократичен текст, за кога би гласал со добра волја. Во спротивно и овој пат едно големо не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Со ова листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој пратеник се јавува за дискусија?(Не)

Му давам збор на министерот, г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Слушав внимателно, изнесени се по мое мислење една редица на мистификации, се задолжувам да ја докажам таа теза, бидејќи намерата ми е да ги симнеме мистификациите што се изнесени во врска со законот и по одредени теми и да проговориме многу јасно што стои зад одредени формулации што се дадени тука во дискусијата.

XV/8.-

Најпрво, би сакал пред да почнам на она што како заокружена структура на аспекти што беа главни, што доминираа тука и по кои прашања се изнесени токму таквите мистификации, да се осврнам на две забелешки на почитуваниот пратеник г-дин Никола Поповски бидејќи не се вклопуваат тие аспекти во овие точки што ги планирав и што сметав дека доминираат, затоа што во неговата дискусија покренати1: прашања и смислата беа специфични за неговиот настап, но не беа доминантни во оваа расправа. Се разбира дека не може да се коментираат глави, кои на некои од законот, или однос кон глави на законот за кои не се изнесува аргументација, за кои напросто се вели не ми се допаѓаат или не се согласувам или не ме задоволува главата V,VI, надлежностите, организацијата, и т.н. и од тие причини нема воопшто да се осврнувам на тоа дали тие глави се од овој закон добри или не. Има напросто една поговорка дека за вкусовите и боите не може да се разговара, тие се субјективен суд, вредносен суд и тука нема помош. Меѓутоа, во оној дел во кој постои конкретизација на идеите, со што се укажа на одредени слабости на законот, нив ќе ги коментирам.

Прво, се кажа дека концептот е лош заради тоа што нуди определени решенија кои значеле враќање назад во важни сфери, како што е образованието,свечениот пристап на студентите по право на првиот час кога свечено се примаат сите наеднаш, деканот им објаснува дека поимот право и поимот правда се различни и им ја цитира и на тој начин се создавала нееднаква можност за образование на лица и дека не се согласува да се создаваат големи разлики во образовните стандарди.

XVI/1.- СС-ВБ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ** (продолжение)

Во исто време и втората илустрација дека одредбите или концепцијата на законот на делегирањето на надлежностите зависи од атрибутите на општината, па дури и од економското ниво, исто така создава нееднаквост и на општините и на граѓаните во таа смисла. Морам да кажам, прво да го констатираме фактот што е ноторен дека разлики постојат. Ако тврдиме дека разлики не постојат тогаш значи дека сме во некоја огромна илузија.

Но, друго е прашањето ако не ги прифаќаме разликите и не сакаме тие да постојат особено во одредени сфери, во образованието, во стопанството и сл. и ако од становиште на градење на систем сакаме ним да ги бајпасираме и да создадеме еднакви услови, тогаш има само две решенија. Тоа е следното, бидејќи при постоење на такви разлики државата или општината ќе треба да ги експроприра сите граѓани, да им го земе богатството,да кажам и да го претвори во јавен фонд општински или државен и да инвестира потполно еднакво во секоја општина и да создава еднакви услови за образование. Притоа надевајќи се дека сите ќе добиеме одлично, многу високо образование и дека ќе нема разлика.

Второ, во втората илустрација во стопанството, како што се рече буквално треба да се создаде единствен економски простор, веројатно сметајќи со единствени економски атрибути исто така ќе треба повторно системот, преку овие два пункта, бидејќи е тоа државата и локалната заедница, таа да биде носител на создавањето на тој единствен економски систем за да создаде некои вредности за да нема дискриминација меѓу луѓето и слично. Тој филм ние го гледавме 50 години. Да успееше ќе беше одлично. Тоа е заговарање, даречам, на еден комунизам не во идеолошка смисла, туку во смисла на изобилство, богатство и развивање на способностите кај секоја индивидуа. Напросто не функционира.

XVI/2.-

Напросто станува збор, веројатно за еден огромен расчекор меѓу христијански желби и она што е можност. Имено, она што е концепт на локалната самоуправа тргнува од разликите. Меѓутоа, она што како систем го поставува е следното, дека кога станува збор за концептот на функционирањето на локалната самоуправа како структура на органи, институции, државата е должна и по Уставот и по законот и по Повелбата на Советот за Европа да создаде услови за да функционираат органите на локалната самоуправа. Меѓутоа, исто така државата е нужна во рамките на своите способности да создаде единствен образовен стандард и, да потсетам дека образованието се уште е јавна служба и јавна функција што ја финансира државата. Таа ја финансира во областа на основното образование, во средното, високото образование. Тука, во овој концепт на локална самоуправа се дава само можност во областа на стручните училишта, зависно од карактеристичните потреби на одредена општина или единица на локална самоуправа да може таа единица да формира стручни училишта.

Второ, во областа на средните односно на основните училишта, културните установи, спортските итн. над нивото што државата може да го оствари, над нивото помоќната, побогатата општина да може да финансира и на тој начин да создаде поповолни услови, повисок образовен или друг стандард за општината. Напросто разликите постојат и тие се од бога, односно тие се реални. Не само кај нас, секаде се. Реални се.

Импликацијата од дискусијата на г-динот Никола Поповски значи следното да им се забрани на општините што се побогати во краен случај ако не им се земат парите или не се централизираат да им се забрани да инвестираат, бидејќи ќе создадат разлики во образованието. Извинете, а што да речам на разликите во моето образование и во образованието на некого во Швајцарија, во Франција, во Европа во која

одиме, во Советот на Европа, во Европската унија или слично. Како е можно тоа да се надмине? Веројатно со светска револуција. Нема друго решение.

Одам на прашањата што се поврзани во врска со Законот и каде сметам дека одредени пунктови се изнесени од законот на погрешен начин со некоректно читање кое што може да биде случајно, но може да биде со тенденција.

Најпрво, сакам само да кажам дека овој закон навистина има нови поими, нови категории и концепциски е различен од претходните. Не затоа што овој министер има друго определување отколку на пример министерот Гордана Силјановска. Напросто заради тоа што сите заедно како Влада, како Собрание требаше да поминеме одредено време на зреење и на акцептирање, на прифаќање определени категории што се типични за локалната самоуправа и се традиционални во Европа, а ние поради големата инерција не можевме да се ослободиме од многу категории на локална самоуправа или ја сфаќавме како општина од претходниот систем. Ама, бидејќи таа сакавме да ја негираме, немавме одговор на тоа.

Како што рече и претседателот Силјановски на Заедницата, не можеше да се спомне на пример локалната самоуправна како локална власт. Поимот на управни органи не можеше да продре до претпоследната седница пред Советот на Европа, значи во јуни месец, на Владата се уште. Понатаму, поимот на инспекции или категоријата инспекции или санкционирање, носење на одредби со кои се санкционира неизвршувањето на одлуките на Собранието. Поимот на општински имот, поимот на стопанска или профитабилна дејност на општините не можеше да продре во Владата односно во нашата свест се додека од Советот на Европа не ни се насмеаа за многу работи. Ние во оваа концепција ги имаме сите тие поими и ги имаме комплетно и консеквентно изведени на ниво на нормативите, меѓутоа и на тоа што е

неопходно да го сториме бидејќи веќе таа структура е услов за дополнување на структурата на нашето општество како граѓанско општество.

Дали Законот за локална самоуправа е порестриктивен во однос на членот 115 и на Повелбата, бидејќи тука беше еден од клучните приговори и мислам дека тука беше една од клучните мистификации.

Имено, тезата дека е порестриктивен и дека прави чекор назад, дека е спротивен на Повелбата тргнува од идејата на замислена единица на локална самоуправа која што може, за да биде демократска она и општеството, нужно мора да биде автономна дури можеби до степен на апсолутна автономија. Но, поимот апсолутна автономија не се искажа. Како да се поставува единицата на локалната самоуправа во државата со кинески ѕид преградена. Нема единици на локални заедници кои што постојат вон држава и нема држава која што е демократска по структура а да нема во својот состав единици на локална самоуправа. Апсолутното раздвојување на едното и другото е апсурд и нереалност и никаде не постои. Дека не постои ќе почнам малку од Уставот, заради тоа што Уставот погрешно се сваќа и обично ако се сфати правилно ќе се смета дека е противречен на Спогодбата. Малку тензијата да ја задржам.

Имено, во членот 115, во ставот 1, особено во врска со став 2, бидејќи се бара самостојно општините тоа да го вршат што е содржано во став 1, се; вели "во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите" па ги реди. Кога би било тоа комплетно апсолутно автономна надлежност на единиците на локалната самоуправа, членот би гласел "во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници одлучуваат за прашања од локално значење, а особено".

Меѓутоа, формулацијата не е "одлучуваат, а особено" туку "учествуваат во одлучувањето, а особено", што значи одлучуваат во дел од јавните работи во овие области, а особено.

Дали е Уставот во спротивност со Европската Повелба за самоуправување на Советот на Европа, член 3 "локалната самоуправа подразбира право и оспособеност на локалните власти да во границите на Законот, тоа е првата поента, ги регулира и раководи со одредени делови од јавните работи". Амин. Тука е. Конечно. Сосема јасно дека локалната самоуправа во цела Европа регулира и управува со делови од јавните работи во рамките на законот, а тоа значи заедно со државата и не може меѓу единицата на локалната заедница и државата да постои кинески ѕид. Или е неразбирање или е тенденција. И едно и друго.

Второто прашање во таа смисла што се поставува, првостепена или второстепена самоуправа, нашиот концепт, Уставот, Повелбата. Едно прашање кое што нешто помалку беше дискутирано, многу е присутно во амандманите. Сакам да го кажам следното дека во Европа има три земји со едностепена самоуправа. Другите обично познаваат двостепена, а по некои познаваат и тростепена самоуправа.

Нашата самоуправа е едностепена и таа е уставно така определена. Уставот има повисока сила од меѓународните конвенции и декларации. Меѓународните конвенции кога ќе се потпишат функционираат откога во согласност со Уставот бидат ратификувани пред Парламентот. Ова решение не го содржи од Повелбата еден од членовите, еден од принципите за слободното, прво соработка и здружување на единиците на локалната заедница, а го содржи слободно соработување и слободно соработување и припаѓање на меѓународни организации на локалните заедници. Тоа е обезбедено. Станува збор само за здружување. Од здружувањето и од се она што тука се нуди како

забелешка недостасува во овој закон само можност локалните заедници, кога меѓу себе соработуваат, да формираат заеднички органи. Тоа значи органи на двете заедници кој што е повисок и се јавува пирамидално и создава втор степен на самоуправа. Имено, исклучиво само тоа. Инаку е можно да се создаваат заеднички организации, јавни служби, јавни претпријатија,јавни установи да се финансираат заедничките интереси на региони, но постојано правниот субјективитет останува изворен и непосреден на единиците на локалната самоуправа, не се формира втор правен субјект кој што би бил повисок или втор степен на самоуправа Ние образложивме зошто е тоа така во Република Македонија. Ги обраложивме и ги искажавме сите аргументи што беа искажани во донесувањето на Уставот кога Уставот ја пресечна таа работа.

Тие аргументи апсолутно беа разбрани бидејќи не се прави локална самоуправа на месечината, се прави во еден реален простор, во еден реален временски период и се прави како решение на стабилизација. Стабилизацијата на таа држава, развој на демократските установи во тој реален временски период. Овој модел на локална самоуправа, како и Уставот, како и овој закон не се ниту совршени, ниту завршени ниту вечни. Да е некој труд на човекот завршен и совршен, ние нема апсолутно да расправаме, само ќе го применуваме. Немаше да постои ниту Парламент, ниту Влада ниту ќе имаше потреба од нови закони. Некој совршен и конечен акт за локална самоуправа напросто ќе го преземавме и сите ќе го практикувавме и извршувавме. Напросто по прашањето на здружување кое што имплицира секогаш или кое што единствено имплицира втор степен во овој период аргументите на Република Македонија беа комплетно разбрани и во писмената експертиза од Советот за Европа немаше никаква забелешка на тој план. Имаше респект за деликатноста и се сметаше дека Македонија треба да се поддржи вака како што е и концептот на локална самоуправа и дека

тој се вклопува комплетно во моделот на локалната самоуправа, според Повелбата на Советот на Европа.

Јазиците, рамноправноста, идентитетот. Следната тематика која што, на начин на кој што беше дискутирана, создаде прво претстава дека станува збор за земја што се заснива врз дискриминација, која што загрозува, прво создава правни противречности до тој степен да создава прашање како е можно еден таков противправен акт да може да биде усвоен со такви решенија? И, се поставува еден модел дека рамноправноста на јазиците во смисла на службена употреба, бидејќи тој елемент е единствено овде застапен, дека рамноправноста на јазиците е можна, прво дека е битие на националниот идентитет, јазикот е битие на националниот идентитет, слободата тој да се развива, усовршува е исто така многу важно. Тука беше ставена тезата дека така, како што природно постојат и тие кои што реално и природно постојат тие треба да бидат реално во службена употреба комплетно во сета државна управа во државата, во единиците на локалната самоуправа и се она што е квантификација со проценти, со се друго означува еден цел огромен систем на дискриминација. Консеквенцијата со оглед на структурата на Република Македонија се 6 службени јазици во Република Македонија. Бидејќи заедно со македонскиот јазик постојат уште 5 други националности што значи дека во државата и во локалните заедници, во сите сфери од сите аспекти треба да постојат 6 службени јазици. А, притоа се вели дека е тоа стабилност на државата, дека е тоа ефикасност, демократичност, можеби и економичност на државата. Кажете ми држава во која има 6 службени јазици? Има ли некоја во нашето соседство? А, кажете ми држава која што нема најмалку 4-5 националности? Споменете, можете веднаш да споменете? Бугарија, Албанија, Грција, Србија? Која европска земја? Особено кога станува

збор за држави од ваков размер и од оваков тип, унитарен.

Имено, ми се чини дека тука комплетно под нозе се става она што е факт дека по прашањето на јазиците, по прашањето на образованието и јазикот во областа на образованието Република Македонија стои апсолутно на највисокиот стандард во конвенцијата на регионалните и малцинските јазици. Комплетната настава во основното и средното образование и во голем дел, веројатно, сега во дел во високото образование. Во голем дел. Веројатно во еден голем сегмент на високото образование ќе биде исто така на јазикот на националноста. Кажете ми, набројте ми 10 земји каде што има во Европа токму така. Набројте една комшиска земја каде што постои нешто слично?

Во областа на културата, областа на приватната и јавната употреба, но не кога станува збор за службен јазик. Во областа на медиите или во која што да е друга областа, имено оценките на Европскиот совет по прашањето на културната толеранција, бидејќи станува збор за различни поими и на демократскиот однос кон негувањето на идентитетот е мошне висока. Прво, заради тоа што тие прашања не треба да се бараат во овој закон. Овој закон не е закон за меѓунационални односи. Овој закон е закон за локална самоуправа. Меѓунационалните односи се решени на ниво на Устав кај нас, што значи на ниво на највисокиот закон. Само Хрватска има уставен закон, имаше кој веќе не функционира, претпоставувате зошто нема да функционира, имаше уставен закон за меѓунационалните односи. Секаде на друго место таа материја е пониско регулирана со закони, но кај нас во Уставот е развиена комплетно концепцијата на меѓунационалните односи.

XVII/1 JJ/ЛБ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Ако се извлечат сите членови што се однесуваат на меѓунационалните односи, ние го имаме практично уставниот закон или уставната содржина но таа концепција и тука е тоа ниво. И тука е местото евентуално на интервенцијата.

Јас сакам сега да кажам, вака да речам приволно во една перспектива се надевам дека на ниво на тие меѓунационални односи не е завршена дискусијата, ниту ова време е најдоброто време, ниту е посебно време каде што ќе напредуваат правата и слободите на припадниците на националностите како граѓански права, и во таа смисла веројатно ќе се зголемува степенот на рамноправноста и по таа основа. Кога станува збор како колективни права, веројатно исто ќе напредуваат во областа на она што означува зачувување на националниот идентитет, а тоа е образование, фолклор, култура, историја и други сегменти, обичаи, религија и сл. Во областа на политиката ако сметате дека се зачувува национален идентитет со тоа што би се имало политичка територијална автономија или самоуправа тоа не е врзано со национален идентитет , бидејќи постојат нации што имаат две држави или повеќе политички автономии, што значи тоа не е карактеристично. Политичкиот и економскиот интерес е интерес од државен тип и оваа држава е држава на сите граѓани на РМ и во областа на политиката и економскиот живот и шансите во сите други области, доколку создаваме еднакви услови, веројатно дека сме во тој случај на прав пат така како што е и на други места .

И уште само еден многу краток исказ околу идејата за видот на општината, за тоа какви нови општини, колку е реално да се очекува дека тие можат релативно брзо да се востановат. Сигурно дека тоа не е задача што од денес до утре ќе ја пресечеме и таа ќе биде готова. Германија спроведува реформа од 1968 до 1973 година на планот на

локалните заедници. Тоа се скоро 15 години. Има одредено искуство и спроведува и понатаму.

Она што е јасно за нас е следното дека идните општини ниту по надлежност можат да личат на претходните, не се согласувам тука со еден пратеник од источна Македонија бидејќи јас го знам тој дијалект, кој што смета , а плус и уште еден пратеник од парламентарните групи на албанците кој што смета дека луѓето и институциите од претходната општина се навикнати на јака власт и дека не е можно и е контрапродуктивно сега да скокаме сега во некои нови облици. Тоа би значело ако веќе не се бираат судовите, судството или полицијата од општините, барем да се учествува во изборот на судиите или шефовите на локалните политички органи. Утре ќе донесам преглед на 20 земји од Европа за надлежностите на единиците на локалната самоуправа освен во Англија поради традиционалниот однос кон локалната полиција, во ниедна земја, тие ингеренции не се типични за ниедна локална самоуправа во тие 20 земји. Во нив има и земји во транзиција и земји со традиционална локална самоуправа. Во тие земји сите регистри на надлежности ги разгледувавме и тврдам, а можете да споредите, утре ќе се обидеме да умножиме во одреден број да ги видете, оваа скала на надлежности е комбинација, се разбира, со една критичка рецепција или со едно критично прифаќање, чувствувајќи ја нашата реалност, тоа е комбинација на сите надлежности, претставува најширок или најдолг список на самостојни надлежности во делови од јавните овластувања, во рамките на закон, таму каде што единиците на локалната самоуправа решаваат одредени делови од јавните работи. Ќе се уверите утре во тоа. Општината со која ние ќе стартуваме не може да биде словенечката. Тие направија 176 општини на територија слична како Македонија по број на жители слична на Македонија. Просечниот број на население во европската општина, 15 општини не е повеќе од 3200, а просечниот број

на метри квадратни не е поголем од 30 до 45 км. ние не можеме да го имаме тој модел. Напросто, вештачки тоа не може да се направи. Словенија има висок степен на организација а ние немаме таков висок степен на организација и немаме таква демократска пополнетост на просторот како што има Словенија. Другите европски земји имаат втор степен на локална самоуправа, а ние го немаме. Ние ќе одиме некаде според нашите реални параметри на средината кон тоа.

Само да ве известам, и со тоа ќе завршам дека досега има пријавено некаде околу 70-75 барања, вкупно старите и нови општини во РМ, и тоа нема да се прави никако волонтаристички. Овој закон е организационен, ги поставува основните критериуми, ќе се создаде владино меѓуресорско тело од повеќе Министерства и републички служби како што е Геодетската служба, Заводот за статистика, Урбанизам, Правда и др. каде што врз база на овие критериуми и врз база на пријавувањето во една постапка во која ќе има консултација на населението а претходно и на парламентот и на политичките партии, и на се друго , ќе се изложи таа материја и се надевам дека, можеби до идниот јули можеме да го донесеме законот за територијална поделба на РМ. Тогаш ќе може да бидат на есен, реално можни изборите за новите општини, а во меѓувреме да се изврши делбениот биланс, се надевам со еден позитивен однос на државата, не само да им го признае она што е на општините, туку и да им додели во стартот на општините, имот за да стартуваат и да можат да го остварат она што е запишано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор и бара реплика г-динот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине министре, јас кога би бил на ваше место, грижливо би ги собирал 80-те гласа, во Парламентот. Никого не би одбивал со такви

дискусии. Само сакам да укажам на следново. Јас само парафразирав нешто што г-ѓата Симовска како член на Владата исто така од оние кои ни го предлагаа законот , го кажа непосредно после нејзиниот избор на"Без наслов но со повод", кога рече дека јас сум запрепастена од разликите кои што постојат во материјалните услови во образованието и буквално рече кога во некои скопски училишта веќе се компјутерите во училишните клупи, а во некои училишта во внатрешноста, учелниците личат како во нив ни животни не би престојувале. Тоа го рече министерката за образование и ми е чудно што од Владата излегува предлог на закон со кој оваа дискрапанца во образованието нема да се намалува, туку само ќе се зголемува. Мојата политичка ориентација е дека таа дискрапанца треба да се намалува. И кај мене не палата укажувањата во смисла дека разликите се иманентни на ова општество, а на комунизмот се иманентни еднаквостите, заради тоа што разликите треба да бидат само во онаа сфера во која секој лично влијае со својата способност на својата реална положба, материјална, различна од оној кој не може. Меѓутоа, општеството во целина не може да создава разлики кон единките и затоа општеството треба да ствара услови за изедначување на разликите и кај оние кои не живеат, односно не влијаат на тоа од сопствените способности. Што значи на децата во образованието треба да им создаваме еднакви услови.

И второ што сакав да укажам, г-дине министре, ние живееме во 35 локални самоуправи или во овој момент единици кои се викаат општини, кои што се неосветлени, неурбанизирани, неасфалтирани во кои немаме канализација, во кои ги дишиме отпадоците од "Вардариште под носот на балконите, во кои немаме ништо, од она што треба да ни го доловат нашите претставници во локалната самоуправа. Извинете, немојте како

Парламент да му даваме право на некој кој со скудни денари располага да може да се занесува, извинете на израз, да вложува во проширувањето на материјалната база на образованието во неговата општина, едновремено кога нема тротоари, кога нема семафори, кога нема одбележани пешачки премини, кога нема асфалтирани улици, кога нема депонии, кога нема водоводи и канализации. Ве молам, овој закон треба да не концентрира директно да им дадеме можност на претставниците наши во локалната самоуправа, парите кои им се малку да не ги расфрлаат и таму каде што не им е местото, а оставете на Парламентот, на Владата на државните органи да се грижат за здравството, образованието, толку колку што можат, кога парите кои не можат да ги покријат осветлувањата на улиците би ги дале и за образование, тогаш уште помалку би ни биле осветлени улиците. Сакам да кажам - дајте ни чист концепт на локална самоуправа, во кој тие нема да бидат власт, туку ќе бидат оние кои се грижат за нашите локални услови, што пред малку ги набројав. Инаку е неприфатливо, нема ниедна општина во Републиката, тврдам, која ги има решено проблемите што се иманентни на локалната самоуправа, а едновремено сега им даваме уште 10 други надлежности и ние како Парламент треба да сме загрижени, да не создадеме законска основа, до колку на изборите добие некој кој нема да осветлува, кој нема канализации, водоводи и се што тука им даваме, да може да довршува или на пример да мисли дека накнадно од минимумот пропишан до државните органи, ќе инвестира во образованието или здравството. Да не им ја дадеме таа можност да се луксузираат, туку да си го завршат тоа што треба. Јас верувам дека нема толку пари за ниеден да си ги заврши и основните работи во својата локална единица каде што живее. Затоа инсистирам, ние точно да кажеме што може и да не дозволиме да се зема право на луксуз, прво

да не ги задоволува основните елементарни потреби на локалната самоуправа, и второ да создава таму каде што ние како Парламент или Влада можеме да водиме политика на еднаков пристап.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, да се надоврзам на дискусијата на министерот кој во своето образложение рече дека нема усовршеност, нема усовршен закон и дека и едните и другите се дадени со можност да се применуваат на луѓето и на државите. Само на едниот дел што г-динот министер рече дека која од соседните држави, набројте дека во законот се имплементирани шест јазика, официјални јазици во практиката. И излегува, по неговото образложение дека имаме леб а бараме погача. Лесно е да се набројува Грција како соседна држава, а знаејќи за вчерашната Грција, па и денешнава Грција, каков систем и какви закони има, сите други не грци ги протера низ целиот свет. Тие што останаа ги масакрира, ги направи пепел и нивните огништа. Соседна Бугарија се сеќаваме на процесот со 2000 турци што ги протеруваше, слики кои денеска ги гледаме во Босна. А во законот, конкретно да се надоврзам за локална самоуправа и ред други закони што се донесени досега, верувајте дека е копиран еден дел од сонцето на таквото однесување на соседите. И мислам дека главниот извор на сите овие наши непријатности во Уставот, Устав кој го донесовме 1991 година, ние, не на Уставот, уште тогаш рековме, меѓутоа и сите закони кои се донесуваат дека се резултат на уставно конципирање.

Затоа би било од интерес сите закони што треба да се донесат да бидат во духот на етничкиот состав во Македонија, Македонија не сега, туку и вчера, во минатото, па и во иднина ќе биде мултинационална,

мунтиконцесионална и мултикултурна. Конкретно за законот за локална самоуправа- историјата на човештвото била и ќе биде со единствена цел и со желба, со стремежи и определби да утврдува, усвојува и признава прво слободата и правата на човекот а потоа да се пронајдат поефикасни правни средства и методи за нивна заштита. Затоа старите латини од пред неколку векови визионарно ценеле дека за развој на едно цивилизирано општество законите кои не може да функционираат мора да се менуваат. Од тука можеме да заклучиме дека Уставот на РМ кој што произлезе од првиот повеќепартиски парламент на оваа Република се потврди дека не може да функционира во денешни услови, на што уште тогаш сугериравме, што е гледано од внатрешните потреби и содржината на овој предлог закон за локална самоуправа.

Исто така овој предлог на закон ги устројува функциите на локалната самоуправа и правно гледано на меѓународен план е во спротивност со светските демократски процеси на кои општа ориентација и е интеграцијата.

Денешната законска празнина што владее веќе четири го- дини не е случајност. Правната наука ваквите состојби на едно оп тество ги сведува на тоталитарни режими, својствени на полициско владени. Сметам дека кај нас во овој проект на закон е проектирана ваква стратегија со цел да владее една националност, монополизирајќи ја власта исклучиво на една национална мерка. Тоа е исклучиво по вина на националистички претензии и стратегии што се зацртани во Уставот и правно и политички што е неодржливо , правно филозофски гледано не е ништо друго туку само еден примитивен устав кој не може да се сврсти во граѓански устав.

XVII/8

Граѓанските права ги набројува, а на граѓаните им дава права по основ на национална припадност. Овој правен концепт усвоен во Уставот не може да се остварува во едно мултинационално општество. Суверенитетот на Републиката според член 2 од овој Устав произлегува од граѓаните, но суверенитетот не е обезбеден подеднакво на сите граѓани.

На националностите им се набројуваат правата и се сведуваат на граѓани од втор ред. На нив им се редуцира употребата на јазикот што е битно во овој Предлог закон, им се ограничува образованието на својата држава, им се забранува формирање на национални институции и н. Досегашните закони што беа донесени според Уставот на РМ и овој предлог што е денес на дневен ред, сите се дискриминаторски закони. Предлогот закон за локална самоуправа по содржина ги стеснува правата на граѓаните и повеќе од колку што во Уставот е предвидена употреба на јазикот на националностите на државната и локалната самоуправа.

Од овој предлог закон се гледа правно политичкиот концепт на владението на оваа Република со какви димензии се усвојува управувањето воопшто, очито се оживотворува вертикалната власт.

Со член 115 од Уставот на РМ, локалната самоуправа е стеснета до таа мера што се сведува на право да учествува во одлучување, а не да одлучува за урбанизам ,комуналните дејности, културата образование, здравството итн. и ако според член 8 од Уставот на РМ во темелните вредности на правниот поредок во РМ се смета и локалната самоуправа  но овој предлог на закон правата на локалната самоуправа ги сведува само на подрачни одделенија на државната управа и нивната функција се условува само преку посредство на Републичките органи. Додека нивното самостојно одлучување е исклучено. Богатството на општините, фискалните давачки се под контрола на Републичката

државна управа, како и сите други функции кои што граѓаните треба самостојно да ги остваруваат во локалната самоуправа што е нормирана со позитивни нормативи на секаде во светот.

Вакво вертикално владение е својствено само на тоталитарни режими кои фетишезираат национална исклучиво и владение, како и својство на комунистичките режими кои ја фетишезираат рамноправноста на граѓаните врз основа на макрсистичко - ленинистичката идеологија, и идеите и другите исклучивости, слободата и сувереноста на човекот и неговата самоопределеност, монополизирајќи ја слободата на човекот во насока на едноумии и национална исклучивост или идеолошко еднопартиско владение.

Се исклучува со овој Предлог закон за локалната самоуправа хоризонталното владение кое е својствено на демократските општества во светот во кој власта произлегува непосредно од народот односно граѓанинот и на народот и на граѓаните им припаѓа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Сето тоа владение е во спротивност со животот на граѓаните во оваа Република, тоа е во спротивност со мултикултурата како и во спротивност на политиката што сака оваа Република да ја гради и со тоа ги нишаме настанатите односи. Сета оваа определеност од мнозинскиот народ и производ на Уставот кој го имаме, додека законите кои се засноваат врз основа на тој Устав, можат да предизвикаат само незадоволство со тешки последици за иднината на граѓаните на оваа Република. Со овој закон, па и дел од оние кои досега се донесени, како да постојано се сака поларизација на односите меѓу органите што е резултат на граѓаните заправо што е резултат на условувањето предвидено и со овој Предлог закон.

Со овој Предлог закон за локална самоуправа сака да се потврди дека во РМ граѓаните се подредени од прв и втор ред, бидејќи законот ги ограничува основните права на националностите во оваа Република. Сигурен сум дека ваквиот закон и неговото усвојување не ќе може да се ферментира во практика, не може да живее и оживотворува нормално во една мулти држава, заедница и мултикултурна заедница. Со овој Предлог закон, па и со сите други донесени закони од овој Парламент беа без консензус на националностите и нивните заеднички интереси како граѓани на оваа Република, не можат да се градат демократски институции, напротив, градиме систем кој води во крајни поларизирани национални односи со кој граѓаните на оваа Република се ставени во неизвесност. Со ваков закон не му се обезбедува на македонскиот народ како мнозински народ сигурна слобода и мирна иднина подведувајќи ги националностите како граѓани од втор ред со ограничени наброени права, а не и задолженија.

XVIII/2

Вакви правни устроени режими се стратегија која со сигурност произведува правни конфликти меѓу граѓаните, затоа што слободите на граѓаните за самоуправување не може да се заборави за секогаш, таа не се позајмува, овој Устав кој произведува вакви закони за своите граѓани на граѓаните од друг ред, т.е. на националностите им позајмува права, а правата не може да бидат позајмени, туку сигурно се остваруваат. Правата на јазиците на националностите по овој Устав им се подаруваат. Со вакви закони не можеме да бидеме да бидеме признати како граѓанско друштво сами се исклучуваме од светските интеграции, бидејќи и локалната самоуправа е предмет на меѓународни конвенции и предмет на сега светскиот систем кој е во градба. Со овој закон се нормативизира прекумерната подедреност на локалната самоуправа од државната управа. Не може да се обезбеди нормална функција на локалната самоуправа, се исклучуваат целосно спецификите на општините со своите граѓани на политички, економски и културен, историски и образовен план, се исклучува самостојноста и можност за остварување на нормативни функции, дури во сфери и области каде општината според својата власт природно е овластена да ги уредува односите од витален и егзистенционално значење за минималните слободи и права на своите граѓани на својата територија. Се исклучуваат и овластувањата што се даваат на општините со овој Устав. Одредбите на овој закон се непрецизни, нејасни, повеќе описни на правото, отколку правно определени одредби за исти прашања што се исклучиво во интерес на општеството во општините различно може да се уредува употребата на јазиците и слично. Предоминацијата на републичкото законодавство крајно ја минимизира самоуправната функција на локалната самоуправа со тоа ја попречува демократската функција и

нормирањето на демократскиот развој, оневозможува обезбедување и остварување на заеднички интереси на граѓаните на економско - политички и културни планови на своите подрачја. Со овој закон не може да се извлечат правните принципи и концепти на локалната самоуправа, бидејќи доминацијата на државната самоуправа општините ги редуцира во своите самостојни дејанија и активности до таа мера што истата е сведена во одделение на државна власт, а не самоуправна локална управа која е прв и основен правен принцип на една општина во секое демократско општество.

Вториот принцип се однесува на односи кои не се уреден со општините начела на Уставот, а тоа се правата и должностите самостојно да донесуваат одлуки заради уредување на односите од непосреден интерес за општините и тоа исклучиво со предоминација на нормативната подреденост од државната самоуправа.

Со предложениот текст на текстот на Предлогот на законот за локалната самоуправа предлагачот односно Владата на РМ прави обид на легализација на централистичкиот систем со тоа што утврдените надлежности на локалната самоуправа со Уставот на РМ и предвидените надлежности со европската карта од 1985 год. од локалната власт надлежностите ги пренесоа врз централната власт, со што им оневозможува на граѓаните да ги реализираат своите елементарни граѓански права и локалната власт ја трансформира во фиктивна власт. Не се врши операционализација на чл.115 од Уставот на РМ, туку со член 18 од Предлог законот изборните надлежности само таксативно ги набројува со што се остава простор и можност во зависност од политичките прилики истите да се толкуваат и да се одреди обликот на локалната самоуправа.

Член 11 од предложениот Предлог закон е против демократските принципи на организација и соработка на единиците на локалната самоуправа. Неприфатлив е фактот дека на извршната власт и се дава за право да врши надзор и со нивна согласност да се реализираат изборните надлежности на локалната самоуправа, со што локалната самоуправа ја губи својата функција на самостојно извршување на изборните надлежности утврдени со Уставот и не ќе може да се обезбеди непречено одвивање на работите кои се однесуваат во задоволување на правата и интересите на Собранието од нивната територија. Со ограничување на сопствениците извори на приходи на локалната самоуправа им се ограничува можноста на извршување на своите надлежности додека на граѓаните им се оневозможува остварувањето на своите загарантирани права со Устав. Поедини одредби на Предлог законот се во спротивност на одредбите на Уставот кој се однесуваат на локалната самоуправа, а одредбите од Глава XIV на Предлог законот кој се однесуваат на службената употреба на јазиците на локалната самоуправа се рестриктивни во однос на пропишаните права во Уставот. Ваква предложениот Предлог закон доколку се усвои како таков ќе има потешкотии во практичната примена на истиот, со што локалната самоуправа не ќе може да ја врши својата функција и не ќе може на адекватен начин да ги застапува правата и интересите на своите граѓани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Претресот по текстот на Предлогот на законот ќе го разгледува утре во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 19,35 часот)